CIVICA mobilitas

CIVIL

# решенија

списание за политичка култура и дијалог

# zgjidhje

revistë për kulturën politike dhe dialogun

# cure

journal on political culture and dialogue

#1, 2011

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

B|T|D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

**РЕШЕНИЈА**

Списание за политичка култура и дијалог

**ZGJIDHJE**

Revistë për kulturën politike dhe dialogun

**CURE**

Journal on political culture and dialogue


**ЦИВИЛ**

Центар за слобода

**ЦИВИЛ МЕДИА**

Центар за медиуми и слобода на говорот

**CIVIL**

Qendër për Liri

**CIVIL MEDIA**

Qendër për media dhe për lirinë e fjalës

**CIVIL**

Center for Freedom

**CIVIL MEDIA**

Center for Media and Freedom of Speech

**www.civil.org.mk**



**© Civil, 2011**

**Издавач**
Цивил – Центар за слобода
Цивил Медиа

**Редакциски колегиум**
**Уредници:** Илир Ајдини, Џабир М. Дерала, Ѕвездан Георгиевски
**Редакција:** Крешник Ајдини, Тодор Гајдов, Бесник Шуки, Билјана Здравеска, Мелехате Бафтиу, Катица Милевска, Шеридан Клокочи, Татјана Стоименова
**Секретар на Редакција:** Сања Трајчевска
**Графички дизајн:** Илиана Петрушевска

**Издавачки совет**
Ристо Поповски (Македонија), Харалд Шенкер (Германија), Дејвид Бруер (Велика Британија), Гордана Дувњак (Македонија), Ѓунер Исмаил (Македонија), Душан Величковиќ (Србија), Лулјета Лешанаку (Албанија), Нејтан Коешал (САД), Ана Триандафилиду (Грција), Аргјентина Граждани (Косово), Давид Годфроа (Холандија), Дона Костуранова (Македонија)

**Botues**
Civil – Qendër për Liri
Civil Media

**Kolegjiumi redaktorial**
**Redaktorë:** Ilir Ajdini, Xhabir M. Deralla, Xvezdan Georgievski
**Redaksia:** Kreshnik Ajdini, Todor Gajdov, Besnik Shuki, Biljana Zdravevska, Melehate Baftiu, Katica Milevska, Sheridan Kllokoçi, Tatjana Stojmenova
**Sekretare e Redaksisë:** Sanja Trajçevska
**Disenji grafik:** Iliana Petrushevska

**Këshilli botues**
Risto Popovski (Maqedoni), Harald Shenker (Gjermani), Dejvid Bruer (Britani e Madhe), Gordana Duvnjak (Maqedoni), Gjuner Ismail (Maqedoni), Dushan Veliçkoviq (Serbi), Luljeta Lleshanaku (Shqipëri), Nathan Koeshall (SHBA), Ana Triandafilidu (Greqi), Argjentina Grazhdani (Kosovë), David Godfroa (Holandë), Dona Kosturanova (Maqedoni)

**Publisher**
Civil – Center for Freedom
Civil Media

**Editorial Board**
**Editors:** Ilir Ajdini, Xhabir M. Deralla, Dzvezdan Georgievski
**Editorial Board Members:** Kreshnik Ajdini, Todor Gajdov, Besnik Shuki, Biljana Zdraveska, Melehate Baftiu, Katica Milevska, Sheridan Kllokoçi, Tatjana Stoimenova
**Secretary of the Board:** Sanja Trajchevska
**Graphic Design:** Iliana Petrushevska

**Publishing Board**
Risto Popovski (Macedonia), Harald Schenker (Germany), David Brewer (Great Britain), Gordana Duvnjak (Macedonia), Güner Ismail (Macedonia), Dušan Veličković (Serbia), Luljeta Lleshanaku (Albania), Nathan Koeshall (USA), Anna Triandafyllidou (Greece), Argjentina Grazhdani (Kosovo), David Godfroid (Netherlands), Dona Kosturanova (Macedonia)

Тираж: 500 примероци / Tirazhi: 500 copë / Circulation: 500 copies

Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Публикацијата е финансирана од Balkan Trust for Democracy. Овде наведените мислења се мислења на авторите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC или на другите донатори.

Ky publikim u mundësua në suaza të programit CIVICA Mobilitas - implementuar nga CIRa dhe finansiarisht e mbështetur nga SDC. Publikimi u financua nga Balkan Trust for Democracy. Mendimet e shprehura këtu janë mendime të autorëve dhe nuk i reflektojnë qëndrimet e CIRa-së dhe SDC-së dhe donatorëve të tjerë.

This publication was allowed by Civica Mobilitas Programme – implemented by CIRa and financially supported by SDC. The publication is financed by the Balkan Trust for Democracy. The content of the material represents standings of its authors and not necessary reflect the opinion of CIRa and SDC, or of other donors.

**ISSN 1857-7490**

# РЕШЕНИЈА
# ZGJIDHJE
# CURE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

## СОДРЖИНА • PЁRMBAJTJA • CONTENTS

**Џабир М. Дерала 9**
Една поинаква иднина

**Илир Ајдини 12**
Политика, култура, дијалог...

**Харалд Шенкер 14**
Политичката култура и општественото огледало: паланката против центарот

**Сашо Орданоски 24**
Важно известување: Политичката култура во Македонија се одлага на неодредено време

**Душан Величковиќ 36**
Дијалог со самоубиецот

**Исо Руси 44**
Поглед на Македонија од САД: Не е до зборовите, до луѓето е

**Дејвид Бруер 56**
За здраво општество се потребни медиуми слободни од влијание

**Јасна Котеска 66**
Дијалог и самиздат

**Африм Красниќи 76**
Кревкиот политички дијалог: примерот на Албанија

**Ана Триандафилиду 86**
Што има во едно име? Грчкиот национализам и „македонското прашање" во менлива Европа

**Милаим Фетаи 94**
Спорот со Грција и македонските интеграции

**Гордана Дувњак 106**
Како да се прости, а да не се заборави

**Интервју: Ерван Фуере 114**
Примери, морални вредности и политичка култура... Личен поглед

**Xhabir M. Deralla 132**
Një tjetër e ardhme

**Ilir Ajdini 134**
Politikë, kulturë, dialog...

**Harald Shenker 136**
Kultura politike dhe pasqyra shoqërore: fshati përballë qendrës

**Sasho Ordanoski 144**
Njoftim i rëndësishëm: Kultura politike në Maqedoni anulohet për një kohë të pacaktuar

**Dushan Veliçkoviq 156**
Dialog me vetëvrasësin

**Iso Rusi 164**
Një vështrim mbi Maqedoninë nga SHBA-të: Nuk ka të bëjë me fjalët, por me njerëzit

**David Brewer** **176**
Për shoqëri të shëndoshë nevojiten media të lira nga ndikimi

**Jasna Koteska** **186**
Dialogu dhe samizdati

**Afrim Krasniqi** **196**
Dialogu i brishtë politik: rasti i Shqipërisë

**Ana Triandafilidu** **206**
Çka përmban një emër? Nacionalizmi grek dhe "Çështja e Maqedonisë" në Evropën e ndryshueshme

**Milaim Fetai** **214**
Kontesti me Greqiné dhe integrimet e Maqedonisé

**Gordana Duvnjak** **226**
Si të falet, por të mos harrohet

**Intervistë: Ervan Fuere** **234**
Shembuj, vlerat morale dhe kultura politike... Vështrim personal

**Xhabir M. Deralla** **251**
A Different Future

**Ilir Ajdini** **254**
Politics, Culture, Dialogue...

**Harald Schenker** **256**
Political Culture and the Mirror of Society: Palanka vs. Centre

**Sasho Ordanoski** **264**
Important Announcement: The Political Culture in Macedonia is Indefinitely Postponed

**Dušan Veličković** **276**
A Dialogue with a Suicidal Man

**Iso Rusi** **284**
A view on Macedonia from the USA: It's not About the Words, it's About the People

**David Brewer** **296**
A Healthy Society Requires a Media Free from Influence

**Jasna Koteska** **306**
Dialog and Samizdat

**Afrim Krasniqi** **316**
The Fragile Political Dialogue: Albania's Example

**Ana Triandafyllidou** **326**
What's in a Name? Greek Nationalism and 'Macedonian Question' in a Changing Europe

**Milaim Fetai** **334**
The Dispite with Greece and Macedonian Integrations

**Gordana Duvnjak** **344**
How to Forgive, and Not to Forget

**Interview: Ervan Fuere** **352**
Role Models, Moral Values, and Political Culture... A Personal Account

# РЕШЕНИЈА

# Една поинаква иднина

Џабир М. Дерала

Решенија – Политичка култура и дијалог е комплексен проект кој вклучува јакнење на јавната свест, едукација и олеснувачки акции за почеток на позитивни промени во земјата. Проектот се имплементира веќе втора година, а неговата средишна идеја стана дел од долгорочната стратегија на ЦИВИЛ. Тој придонесува кон развој на политичката култура и обновување на дијалогот во доменот на политичкиот живот, интер-етничките и интра-етничките односи.

Се обидуваме да посегнеме далеку во иднината со овој проект. Поинаква иднина од она што реалноста ни го нуди денес... Иднина што треба да се создаде веднаш.

Ние бараме и посветени сме на промени на конструктивен начин, поставувајќи позитивни примери во општеството и документирајќи ги тие промени. На ова општество итно му е потребно зајакнување на демократските капацитети на политичките и општествените актери; потребна ни е вистинска партиципација на граѓанинот во процесите на донесување одлуки и политиката. Заштитата на човековите права и слободи е потребна сега повеќе од кога и да е во дводецениската историја на Република Македонија.

Овој проект и оваа публикација се директен обид да се култивираат конструктивни приоди на политичките актери и носат моќна порака со цел да ги вратат праведноста, пристојноста и политичката зрелост на општествената сцена. Тие го отфрлаат говорот на омраза и ги охрабруваат слободното мислење и барањата за човекови права и слободи на сите нивоа.

*

Појдовната теоретска позиција на проектот и на публикацијата Решенија го вклучуваат гледиштето дека политичката култура претставува систем на вредности, ставови, верувања и очекувања кои ги конституираат специфичните ориентации кон општеството воопшто и политиката конкретно. Политичката култура богата со висок сензибилитет за човечките вредности и отворена кон дијалог е динамична култура чии процеси во континуитет пружаат разновидност од идеи, ставови и концепти, често конфронтирани, но општо земено, конституираат просперитетно и човечно општество; високо динамично општествено ткиво кое може да послужи како основа за демократија и почит за човековите права и слободи за сите.

Политичката култура и дијалогот во Република Македонија се во очајна форма и се влошуваат. Вербалните и, понекогаш, физичките изрази на непријателство, тензии и меѓусебните обвинувања меѓу политичките партии ја придружуваат и хранат политичката поларизација од ден на ден. Консеквентно, политичките

активности засилено се фокусираат на дискредитација на политичките опоненти, преку вулгарни и негативни кампањи, едни против други. Владејачката политичка партија предничи со негативни кампањи, комбинирајќи ги своите практики со сеење страв, несигурност и тензии меѓу луѓето. Овие практики доведоа до сериозна политичка криза и суспензија на витални демократски институции и процеси. Предвремени избори само што не се распишани во деновите кога ги финализираме подготовките на ова списание.

Интер-етничките односи сериозно настрадаа. Проблемите кои произлегуваат од неефикасните политики и од незадоволството со состојбите вообичаено се дивертираат преку поттикнување омраза и тензии главно меѓу двете најголеми заедници во земјата, Македонците и Албанците. Серија инциденти, вклучувајќи физичко насилство меѓу етничките Македонци и Албанци, ги загрозија меѓуетничките односи, ги замрзнаа или (попрецизно) уназадија процесите на помирување и интеграција. Консеквентно, дискриминацијата и кршењето на човековите и малцинските права се искачи на институционални нивоа, пред и да достигнат некој значаен квалитет.

Една од главните причини за загрозување на интер-етничките односи се токму практиките на политичките партии. Оваа ситуација влијаеше и на интра-етничките односи. Обвинувањето на политичките опоненти за предавство стана вообичаен начин на комуникација на политичките ставови во јавноста, во рамки на ист етнички политички блок, додека националистичката реторика е јадро на политичкото однесување меѓу политичките претставници на различните етнички заедници. Една неволја ја храни другата.

Оваа ситуација ги афектира интер-персоналните односи меѓу граѓаните. Припадноста кон политичка партија стана неопходност. Потрагата по работни места, дури и посета на кафуле со пријателите зависи од членство во партија. Луѓето често се мразат меѓусебно зависно од тие членства. Сите тие, на крајот, веруваат дека токму нивната партија е таа што ќе ги реши сите проблеми и „заканите" што доаѓаат од „другите" етнички заедници.

Не е тешко да се извлече заклучокот дека овие и ваквите практики водат кон отфрлање на демократските институции и сериозно го загрозуваат развојот на земјата во целост.

*

Луѓето се деморализирани и уплашени за својата иднина. Партиските војници патролираат низ нивните животи. Сиромаштијата се всели во многу домови и расте. Омразата се всадува за да ги прикрие незнаењето, ароганцијата и грабежот во повеќекратна смисла на зборот.

*

Секторот на граѓанското општество, исто така, стана високо компромитирано од влијанијата што доаќаат од политичките партии и од владата. Непријателски настроени и затворени во нивните сопствени кругови, организациите на граѓанското општество често не успеваат да обезбедат релевантни услуги и да ги артикулираат интересите на граѓаните. Потребата од итно зајакнување на политичката неутралност на секторот на граѓанското општество станува очигледна секој ден.

Проектот и списанието Решенија се обраќаат на различни сектори во општеството, вклучувајќи ги политичките партии, други структури на моќта, гласачите итн. Проектот се изведува преку различни форми на јакнење на јавната свест и олеснување на дијалогот меѓу различни актери и засегнати страни во земјата.

Веруваме дека, со имплементација на овој проект и неговата методологија, ќе придонесеме кон надминување на сегашните состојби, ќе ја промовираме политичката култура и демократските вредности, како започнување на дијалогот кој ќе понуди решенија за проблемите на локално и национално ниво.

Слободата на медиумите во земјата доживеа силни удари во изминатите неколку години. Ова беше нагласено во бројни документи/извештаи на релевантни меѓународни институции, како и од Цивил и неговата организациона единица Цивил Медиа. Оттаму, многу е потребен простор каде што независни интелектуалци, аналитичари и новинари ќе ги изнесат своите сознанија и ставови. Решенија – Списание за политичка култура и дијалог ќе направи напор да обезбеди таков простор и да понуди одговори на гласните прашања на денешницата.

# Политика, култура, дијалог...

Илир Ајдини

Политичка култура! Или, можеби: Политичка култура? Веројатно, најточно би било: Политичка култура?! Овие видувања и дилеми се теми во публикацијата „Решенија", чиј прв број е пред вас. Во него, нашите гости, автори од поголем број држави од регионот и пошироко, ги изнесуваат своите погледи за политичката култура, како и за политичкиот и општествениот дијалог воопшто.

Дијалог постои – се согласуваат сите автори во овој прв број, и оние од Македонија и од регионот, како и од државите со долга демократска традиција на политичка култура. Не е спорно дека политичарите, факторите во креирањето на општествениот амбиент (на нашите животи), разговараат – седнуваат на маса, по правило, зад затворени врати, понекогаш во дебатни ТВ-емисии, но најчесто комуницираат преку соопштенија, митинзи...

Многу често „разговорот" со политичките противници го водат преку своите „мегафони" – група новинари и одреден број медиуми кои отворено, што обично значи најбезобразно и без никакви скрупули, застануваат на страната на политичката опција. Мотивот е „банален" – го подржуваат оној кој располага, или очекуваат дека ќе располага, со пари за реклами од бројните владини кампањи, или компании „блиски" до овој или оној. Претходната констатација, тврдам со целосна одговорност, исцело се однесува на Македонија, но, како што ќе видиме од текстовите и на авторите во ова издание, не им е туѓа ниту на земјите од опкружувањето, дури и на оние кои ги „измислиле" демократијата и политичката култура.

Но, дали е сето тоа дијалог? Каква слика тој дијалог, тој начин на водење разговор, дава за нашата политичка култура, односно за нашите политички култури?

Една од дефинициите на политичката култура, која како термин е воведена во Америка кон крајот на 50-те години од минатиот век, гласи: „Политичката култура на државата или на дел од населението може да има различни облици. Доколку, на пример, мнозинството население сака демократско политичко уредување, тогаш и политичката култура на општеството се нарекува демократска, при што се можни неколку видови на демократска политичка култура. Доколку, пак, политичката култура и политичкото уредување на државата долготрајно и значително се разликуваат, може да дојде до сериозни проблеми поврзани со легитимноста на државата и со тоа до нејзина дестабилизација".

Што од ова имаме во нашето општество, во нашиот поширок амбиент? Колку тоа го знаат и го научиле „нашите" политичари, оние што ни го креираат животот, оние кои, обично, власта ја сфаќаат буквално и мислат дека треба да владеат со

севкупниот живот во нивните царства, кои ги освоиле, понекогаш и со крв, во буквална смисла на зборот. Се разбира, не со онаа на „владетелите“.

И кога сме кај нив, кај политичарите, постојано ми е на ум една дефиниција на босанскиот писател Семездин Мехмединовиќ (од 1997. година живее во САД) од неговата култна книга „Сараево блуз“. Политичарите се, вели тој во есејот под наслов „Мачки“, оние луѓе кои се занимаваат со „човечка дејност чија претпоставка е изолирање на чувствата во име на интересот“. За разлика од ваквото однесување, вели овој поет, „човечките гести со кои не управува душата би можеле да се наречат мачкина итрина“. Додека мачката, со „нејзината флуидност“, заклучува Семездин, е „буквално политичко животно“.

По наведените цитати ми се поставуваат нови и нови прашања, но во овој вовед нема да ги поставам. Да оставиме прашањата да ги поставува и на нив да нуди одговори публикацијата „Решенија“, во овој и во наредните броеви.

А во првиот број: десет автори – научни работници, универзитетски професори, писатели, публицисти, аналитичари, новинари... сите јавни личности и ценети творци во своите средини и многу пошироко, и едно интервју со врвен дипломат од светски калибар, специјално за „Решенија“. Сите позитивно и со ентузијазам веднаш се одзваа на поканата да учествуваат во создавањето на овој пионерски број на нашето списание.

Дали со она што го изнесуваат како свои видувања, но и како неспорни заклучоци кои произлегуваат од нивните сеопфатни анализи, сите ние заедно сме понудиле некакви – решенија, останува сами да просудите.

## Харалд Шенкер

М-р Харалд Шенкер (1966), Германија, историчар за Балканот и антрополог по образование, работи како политички аналитичар и независен консултант. За себе вели дека провел доволно време на Балканот така што ништо повеќе не може да го изненади. Но, останува постојано заинтригиран. Сé уште се обидува да го дешифрира честопати спонтаниот балет од нешта кои не одат заедно, на луѓе кои не се ништо повеќе од статисти во метежот наречен Скопје, во кој живее.
По втор пат.



Харалд Шенкер

# Политичката култура и општественото огледало: паланката против центарот

Овие денови се соочив со начин на размислување кој го немав сретнато извесно време. Не мислев дека исчезнал, едноставно не беше присутен во моите скорешни случки. Зборувам за заговорот. Еве накратко: Иво Санадер е уапсен, Мило Ѓукановиќ се повлече, Хашим Тачи е под притисок и најверојатно ќе доживее политичка смрт. Следниот чекор би била македонската влада, која би колабирала за да отвори пат на техничка влада за да се реши проблемот околу името со Грција. Интересно сценарио. Освен што му недостига еден клучен елемент: *заговарачот*. Тој или тие, никој не може да ги именува.

Македонците (со ова мислам на граѓаните, без дистинкција на етничкото потекло) се растргнати меѓу два концепта

Примерот што го спомнав е артикулација на реалноста, како што е присутна во главите на оние убедени во неа, колку што веруваат во денешната временска прогноза. Политичката култура не може да биде ништо друго освен артикулација на општеството од кое доаѓа. Структурите не само што го диктираат однесувањето, туку истовремено и го формираат, го бараат и тие ги поставуваат рамките и

ограничувањата. Нивното надминување претставува цивилизациски акт. Во она што следува, ќе се обидам да разгледам неколку фрагменти кои ја дефинираат болеста на македонската политичка култура и ќе расправам дали тие се така уникатни, како што се локално перцепирани. Со други зборови, ќе се обидам да ги ставам во контекст. Не за да ги релативизирам нив или да им најдам изговор. Едноставно, со цел да ги разберам.

Од лепезата на можни примери, ќе почнам со уличното тргување на документи од тајните служби. Тоа е посебно одвратен феномен, кога самопрогласени морални гласници фрлаат со кал по самопрогласените претставници на народот. Да расчистиме со тоа на самиот почеток: иако се легално избрани, ниеден од моменталните пратеници нема вистински легитимитет. Јас сум убеден дека постојниот избирачки систем, во кој партиите и нивните водечки структури одлучуваат за тоа кој ќе биде пратеник и во кој не постои директна врска помеѓу гласачите и „нивните“ избраници во парламентот, е длабоко недемократски. Уште повеќе, таквиот систем има придонесено кон ерозијата на политичката култура уште од неговото воведување, правејќи ги политичарите недопирливи, давајќи им имунитет од единствениот инструмент што се уважува во една демократија, механизмот на предлагање и усвојување: граѓаните, односно чинителите на едно општество. Многу добро се сеќавам како во еден чин на чист политички егоизам, тогашните големи партии инсистираа на овој модел и како слабо професионалното и неинформирано меѓународно присуство го дозволи тоа. Во име на стабилноста, како што неуморно изјавуваа, а со тоа мислејќи на сопствената.

Неуспехот како резултат, е програмиран на овој начин: политичарите кои се надвор од контрола, ќе се однесуваат лошо. Ова не е македонска привилегија. Единствено беше прашање на време пред проблемот на валкани документи, што во минативе две децени беа присвоени од еден куп играчи на политичката сцена, па дури и оние што сакаат тоа да станат, да предизвика политички турбуленции. Но, да се навратиме на почетоците. Документите за кои станува збор се во сопственост на државата која ги произвела или на државата наследничка. Па така, целата приказна започнува со непознат број кражби. Едноставни и несофистицирани: нелегално и незаконско присвојување. Сето тоа што следи од таа точка е незаконско, дури и во случај да е вистинито. А авторите не се манифестација на Џулиан Асанж. Во случајов, овие луѓе не се заинтересирани за општото добро (без разлика на што Асанж мислел со тоа). Нив ги интересираат парите. Просто и едноставно. Што е можно повеќе пари.

Крајниот неуспех на самонаречените македонски елити, во обидот да воспостават кредибилен систем на лустрација и пристап до документите на тајните служби, сега го зема својот данок. Дали навистина е така? Судејќи по тоа како членовите на тајните служби од стариот систем го одиграа истиот процес во други земји, човек тука би можел да насети одредена шема. Во логиката на комунистичките структури, постои константа која вели дека информацијата е моќ и дека поседувањето на информации ја зголемува личната моќ. Така, секој собираше информации за секого. Ова беше нештото кое им даваше причина за работа на параноичните и крајно неефикасни тајни служби. Само помислете на колекцијата книжни марамчиња со мирисот на противници на режимот, собрана од источногерманската тајна служба. Тие беа употребувани за да ги насочат кучињата трагачи по одредената личност. Може ли да стане посмешно од тоа? И, во моментот кога системот колабираше, прикривањето информации беше подеднакво важно како и нивното чување за лична употреба. Во посткомунистичка Романија, неколку тони документи од тајните служби беа пронајдени закопани во долина близу Букурешт. Во источен Берлин, вработените на Штази службата,

кинеа неколку десетици илјади документи со раце, бидејќи едноставно немале време да ги уништат со машини. Сегашните вработени во јавната администрација ги составуваат и тоа ќе продолжи да трае со години.

Ова одбивање од македонските политички играчи да создадат кредибилен процес на лустрација, воопшто и не е изненадување. Дури и ако законските акти се пуштени во процес, сега е веќе доцна. Можеби не предоцна, како што покажува бугарскиот пример, каде што високи функционери мораа да се повлечат. Не е потребна бујна фантазија за да се замисли дека оние кои се навистина важни, го имале целото време од светот на располагање, за да се исчистат во минатите две децении. Сега е времето на помалите играчи. Или пак на оние кои стојат на патот или пак богзнае на кого. Можеби ќе паѓаат глави. Некои можеби насила ќе бидат исфрлени од политичката сцена. Но, дали тоа ќе бидат оние вистински играчи или само жртвени јагниња, кои ја исполниле својата улога и потоа може да бидат жртвувани?

Ова е структурален проблем. Држава која нема начини да го спроведе својот монопол на моќта и истото владеење на истите закони за сите граѓани долж својата територија, е слаба држава. Прашањето е дали таа намерно е држена во таквaa слабост од своите елити или тие пак ја внесуваат целата енергија во зацврстување на општеството и државните институции. Во случајот со Македонија, еден од најголемите предизвици од самото создавање на државата, а беше и продолжува како таков – е линијата помеѓу криминалот и политиката. Линија микроскопски тенка, толку тенка што најчесто и не може да се воочи, а интеракциите помеѓу двете страни станаа толку замрсени и нејасни што посериозен обид за нивно одмрсување воопшто и не постои.

Многу очигледен пример за овие меѓусебни врски е дијапазонот од згради кои никнуваат како печурки по дожд, насекаде низ Скопје и околните села. Земајќи ги во предвид нивниот грубо проценет број и нивната големина, заедно со генералната состојба на економијата, тешко дека сите тие се изградени со легално здобиени пари. Голем дел од нив ја немаат потребната документација, што ги прави нелегални. Но, што се случувало низ последните две децении? Најчесто неколку, Најчесто неколку, всушност многу малку, од илегалните градби во сопственост на претставници од опозициските политички структури беа срушени. Некој ќе гледа на тоа како легален чин, но друг како чин на предупредување или како отворена покана за да се плати со цел да се зачува градбата. Моменталниот обид оваа состојба да се легализира не е ништо друго освен чин на капитулација на државата. Амнестијата за урбаната мафија зад себе ќе остави прилично оштетени и осакатени области. Скопските маала на Кисела Вода и Дебар Маало паднаа жртви на овие криминални структури, како и поголем дел од останатите општини. Се чини дека е потребен одлучен потег кој ќе ги расчисти работите во ситуација која одамна излегла од контрола. Токму овој потег подлабоко ќе го поткопа кредибилитетот на институциите. Обидете се да им објасните на петнаесет семејства кои преку ноќ засекогаш го изгубиле пристапот кон дневна светлина, бидејќи некој одлучил да гради зграда токму пред нивните прозорци. Ним објаснете им дека амнестијата е најдобриот начин за справување со овој проблем. Непотребно е да се каже дека никој, вклучувајќи го и цивилното општество, не им помага на овие луѓе.

Ова нé доведува до следната точка: таканареченото цивилно општество. Во Македонија, третиот сектор допрва треба да ја одигра улогата на политички и општествен коректор. Несомнено, бројните интервенции и создавања мрежи, создадоа паралелен универзум во кој, водена од сегашниот намален интерес на меѓународни донатори, новата средна класа се воспостави, наоѓајќи си го своето место. Таа е сé уште слаба во своето дефинирање, но доста вешта во

обезбедувањето на својот опстанок. Прашањето е дали оваа замена за западната буржоазија некогаш ќе развие свест на вистинско граѓанство, сфаќајќи ги сериозно својата улога и одговорностите во општеството, додека со полно право се стреми општествено и економски да успее.

Овој статус кво не особено охрабрувачки. Премногу политизираниот и поларизиран НВО сектор во моментов се нуди себеси како како инструмент на политичките играчи и на оние зад сцената. Улогата на куче чувар или е заборавена или е незначителна. Резултат на ова е многу нискиот кредибилитет на цивилниот сектор меѓу граѓаните.

Постојат многу статии кои ги третираат болестите на цивилното општество во Македонија. Повеќето од нив, со полно право посочуваат на тоа како би требало да се поставени работите. Но, зошто одблиску да не се погледне она што е? Цивилното општество едвај претставува слика за структурите во македонското општество, а овие и понатаму се фокусирани на издржување и опстанок на семејството – и тука мислам на семејството во најширок смисол на зборот. Ова значи дека, сé ќе се стори за благосостојбата на блиската (и затворена) заедница. Не се потребни социолошки студии за да се разбере дека ова е појдовната точка за типот на заштитништво и клиентелизам, типичен за целиот регион. Сé додека фокусот на општеството не се префрли од колективот врз индивидуалецот, овие рефлексни дејствија ќе продолжат да постојат. Во општество кое во скоро време било соочено со разновидни процеси на трансформација, како: приватизација, децентрализација, етнички промени и во кое јавната сфера до невидени граници е окупирана од политичките сили, постои малку простор за развој на политичка култура на критички настроени граѓани.

Затоа, воопшто не е изненадувачки фактот дека владеачката структура се соочува со претерано мал отпор од цивилното општество, а во случаи кога тој ќе се појави, толку е слаб што политичката машинерија го совладува без никакви пречки. Еден неславен пример е законот за антидискриминација, кој стапи во сила на почетокот од оваа година. Наспроти својот наслов, тој ја институционализира дискриминацијата против лица со било каква поинаква сексуална ориентација од онаа диктирана од политичкото и религиозно мнозинство, преку исклучување на овие групи од текстот на законот. Критиките од Европската комисија беа отфрлени со формулата дека социјалниот дискурс не била во корист таквите одлуки. Водачите на главните религиски групи излегоа во јавноста со изјави против бракови меѓу истиот пол и нивно посвојување деца. Структурите на власта и некои нејзини сателити, прилично експлицитно ја распламтија темата, создавајќи вештачка атмосфера во која критичка дебата не беше можна. Одговорот на цивилното општество на ова? Го немаше, освен од организациите кои директно се занимаваат со правата на хомосексуалците, а тие беа мали и слаби. Без оглед на фактот дека тоа не беше во согласност со европските аквизиции (*acquis communautaire*), овој закон стана реалност. Моето досегашно искуство во приватните разговори со некои од просветлените македонски граѓани, во огромен дел говори за нивна (понекогаш прикриена) согласност со владата на оваа тема. Девијантното сексуално однесување сé уште се смета за ненормално и патолошко. Да не спменуваме дека овие тези го најдоа своето место во школските учебници, а децата од рана возраст се насочуваат да гледаат на дискриминацијата против другите како на нормален чин. Ова е ситуацијата. Тешко дека ќе се смени преку ноќ.

Кога зборуваме за децата, треба да се спомне дека проблемите во образовниот систем станаа акутни. Изгледа дека недостатоците од минатите децении се насобрале и дека тој процес во моментов го достигнува својот врв. Математички кажано, експоненцијалниот вектор е во највисоката точка. Проблемите се

бројни, но она што е важно е дека генерации и генерации на деца поминуваат низ системот, без да им биде дадена есенцијалната вештина која ќе ги претвори во еманципирани граѓани: со критичко мислење. Без неа, само оние кои ќе го научат тоа во домашни услови, ќе имаат корист. Останатите ќе останат послушни, некритички и лесно манипулирани. Со други зборови, токму потребната маса луѓе за политички игри. Овде ќе се присетам на групите млади луѓе кои демолираа албански дуќани и дуќани на муслимани во центарот на Скопје во 2001-та година, една аморфна маса водена од професионалци. Или групите на албански младинци кои одеа од едно до друго избирачко место и гласаа повеќе пати. Криминални прекршоци, направени од партиски војници. Не од критички настроени граѓани. Или ако смеам да се присетам на грдата сцена на плоштадот во Скопје, кога банда партиски поврзани хулигани претепа група демонстранти пред очите на полицијата. Партиски војници, некритички граѓани.

Ова се сцените за кои се водат разговори во домовите, стануваат медиумски експонирани и шетаат од еден на друг мобилен телефон и на социјалните мрежи. *Кул* е да се биде груб. Да се имитира гангстерското однесување и култура, кое стана главна тема на глобализираните медиуми. Тоа е глобален проблем на урбаните осмози помеѓу периферијата и центарот. Можеби образовниот систем во западните држави не е совршен. Германскиот дури е критикуван во повеќе наврати дека не им дава подеднакви можности на сите деца, со тоа создавајќи силна поделба од најрана возраст. Британскиот систем дури и не се обидува да им даде подеднакви шанси. Тој менталитет се врти околу тоа, колку пари – толку вредност. Би можел да најдам уште многу негативни примери. Сепак, македонскиот систем оди надолу. Нема квалитет за никого. На овој начин, сите ќе имаат подеднаква шанса по завршувањето на задолжителното средно образование. Високото образование стана индустрија за делење дипломи, а прашањето на квалитет е неважен фактор, споредено со економската корист на главните играчи на таа сцена.

Критичко мислење? Зошто и заради која причина? Бидејќи оние што мислат се потешки за манипулирање, би помислил некој, што е главната расправа во педагогијата. Но, кога ќе погледнам на скршнувањата од овој курс, произведени од културата на политичка коректност во Северна Америка и Западна и Централна Европа, имам свои сомнежи.

На политичките партии во Македонија им се потребни војници. Тие ги размножуваат или најмуваат и ги користат. Најчесто станува збор за злоупотребени младинци. Само погледнете го големиот број млади момчиња кои се врткаат околу штабовите на големите партии, надевајќи се дека ќе добијат некаква работа или задача. Спремни да направат сé за да ја прехранат својата фамилија. Делумно тоа е очајност, резултат на две децении владеење кои направија една третина од работоспособното население да остане без работа. Но во исто време, тоа е доказ дека протекциите и клиентелизмот функционираат. Тие функционираат со векови. Модернизацијата не допрела до овој општествен слој, само методите на комуникација се променети и приспособени. Не постои модерен политичар без Фејсбук страница, на која неговите или (многу поретко) нејзините приврзаници можат да се натпреваруваат во привлекување внимание, преку притискање на копчето „Like". Постмодерен начин на изразување најдлабока почит. И можеби, само можеби, тоа ќе донесе некаква работа. Понижувачки? Да, за индивидуата. Но, нормално за член на племенската заедница. Само уште еден кариеристички чекор.

Бидејќи постои сериозен недостаток на работни места на слободниот пазар, владата креира нови за своите следбеници. Политички коректно и етнички поделено. Додека новото Министерство за информатичко општество и

администрација работи на страната на етничките Македонци, Секретаријатот за имплементација на Рамковниот договор го прави истото за етничките Албанци и во поскоро време, за помалите етнички групи. Стотици партиски следбеници добиваат поддршка за преживување, а од нив се очекува да се однесуваат согласно партиските очекувања. Ефектот од ова по напорите за модернизирање на администрацијата и нејзино претворање во ефикасно и транспарентно тело се објаснува сам по себе.

Не е изненадување тоа што овој тип на култура на следбеници не резултира со политичка култура на дијалог и дебата за проблемите. Тоа, во случајов е негување на јаничарскиот менталитет на безусловна покорност. Затоа се судирите помеѓу партиските трупи, посебно во предизборните периоди. Луѓето кои се судираат едни со други, не го прават тоа заради идеолошки разлики. Тие извршуваат наредби, кои најчесто се дадени неодредено и нејасно и нудат широк спектар на можни интерпретации. „Би прошол низ оган за лидерот на мојата партија" не толку одамна ми кажа еден млад портпарол на партија. Не би можел да замислам еден Германец, портпарол на партија, да каже било што приближно на тоа. И, воопшто не му е потребно нешто такво. Едноставно, тоа не се бара. Тоа е работа, исто како онаа на лидерот на партијата.

Уште еден елемент на македонската политичка култура е партискиот мускул што се стега измеѓу судири: собири. Партиските собирите се мастодонти на политичката комуникација: тоа се настани на кои се обележува територијата. Во Македонија тие имаат карактер на излети: автобуси полни со луѓе кои имаат потреби се испорачуваат во Скопје за да дадат присуство, а „поддржувачите" добиваат мал дневен џепарлак и сендвич. Секој знае како оди ова, секој го прави. Па зошто би се ставале на таква мака? За неколку изветвени моменти во телевизиските вести или за неколку бледи слики во весник?

Демократската политичка култура може да напредува само во опкружување со слободни медиуми, таква е сегашната мантра. Јас, исто така, имам свои сомневања тука. Некои од најдобрите примери на политичка култура биле создадени во ситуации на отпор против тоталитарните режими. Тоа е во движењето против режимот, , таа константна конфронтација ги вади екстремните вредности од луѓето. За добро и за лошо. Не е случајно што во Европа, некои од најдобрите мислители на политичката култура, се всушност луѓе кои биле прогонувани заради нивните убедувања или заради тоа што биле: Хана Аренд, Александар Солжењицин, Мартин Нимолер, Ѓерѓ Конрад, Хорхе Семпрун, Вацлав Хавел, Мило Дор, Виктор Клемперер, неколку од многуте.

Не дека јас се залагам на било кој начин за било што освен за слободни медиуми. Се работи за тоа дека слободното опкружување не значи автоматски и слободен дух. Да се задржиме на македонскиот пример. Јас сум сведок на некои од најлошите примери на таканаречено новинарство во оваа земја, кое има за цел и понатаму да ја первертира основната идеја за слобода на печатот заради мноштво причини, најчесто многу од нив поврзани со личното добро. Дури иако Драган Павловиќ Латас и Слободан Томиќ немаат ништо заедничко, го застапуваат истиот вид на перверзија на својата професија. Да ги остварите своите илузии за тоа колку многу вредите, не е ни подобро ни полошо, отколку недостатокот на професионалност да го надоместувате преку хипер-сервилност кон владеачката партија. Од другата страна на приказната, релативната слобода во последните две децении произведе малку значајни новинарски приказни. Зошто? Тоа што го слушаме во секоја прилика е дека сопствениците и уредниците не дозволуваат добро, истражувачко новинарство. Тоа е секако вистина, но се сомневам дека е истовремено и целата приказна. Образованието или неговиот недостаток тука си ја игра својата улога. Но, како да очекувате добро новинарство од личности

кои во ниеден период од својот живот не научиле критички да го користат својот потенцијал во своја полза и во рамките на своите можности?

Постои голем број народни изреки, кои една тема ја дестилираат до својата есенцијална состојка: секој е експерт, секој е гениј и, секако, секој знае како да се прават работите на подобар начин. Ова е перспектива од домашниот кауч или, во наголем дел од светот, виден низ чашата со пиво. Бидејќи, кога ќе дојде до тоа, добрата стара југословенска работничка и бескрајните говори произлезени од тоа, не произведоа ништо друго освен чисти конформисти.

Она што ми недостига во Македонија се субкултурите, спротивставените култури, она што не е комерцијално искористено. Често слушам дека Скопје е премало и дека не дозволува простор за субкултури. Да се спротивставам на ова: малото германско гратче во кое јас поминав повеќе години, припаѓаше на регион во кој протестантскиот христијански фундаментализам беше главната религиска доктрина. Тоа е култура која употребува прохибиција и која ја означува како грев секоја манифестација на уживање во животот. А тоа е гратче со дваесет илјади жители. Но, има произведено силна спротивставена култура, еден андерграунд, кој во одреден степен  блесна во целиот регион: панкот и политиката, партиите и судирите со власта, борба за правото на постоење, комбинирана со уметнички, џез и културни настани, низ различни генерации, преку границите наметнати од традицијата и против меинстримот. Многу од тоа прераснало во главни култури на денешницата, има создадено културни институции кои на некој начин помогнале во отворањето на целосно изолираното и затворено општество во периодот на последните педесет години. Значи – во големината не постојат аргументи. Она што ги прави целосните разлики е племенскиот рефлекс или неговиот недостаток. Дури и во протестантскиот фундаментализам, индивидуата е онаа која стои во центарот на философската или религиозна конструкција, во нејзиниот личен однос со еден одмазднички бог. Есенцијата на западната култура е индивидуалноста. Племенските рефлекси се пред-модерни и анти-модерни, групата е секогаш поконзервативна отколку некои од нејзините индивидуални членови.

Македонците (со ова мислам на граѓаните, без дистинкција на етничкото потекло) се растргнати помеѓу двата концепта. Постои силниот групен рефлекс, дали само така перцепиран или реален, дали традиционален или е тоа нео-мими(кука)крија (neo-mimi(k)cry). Ретко слушам од луѓето да зборуваат за себе во политички контекст. Сé почесто се соочувам со „ние“ проследено со тагувања за малата, запоставена нација. Или пак „ние“ како дел од поголема нација, надвор од државните граници и конфликти. Тоа е одбранбена состојба на умот. Групите не произведуваат слики, ниту пак пишуваат книги, ниту театарски претстави, ниту прават филмови. Индивидуалците го прават тоа.

Често слушам поплаки за тоа како турбо-фолкот го презема животот и тоа се поплаки кои имаат добра основа. Успехот на овој феномен е застрашувачки исто како што е неподнослив. Но она што се крие зад него е вистинскиот проблем. Турбо-фолкот е израз, материјализација на преземањето на центарот од страна на периферијата. Паланката против урбаниот живот. Вредностите кои ги застапува паланката се во стриктна спротивставеност со оние на едно урбано, цивилно општество. Тука станува збор за групата, бандата, толпата, против индивидуалецот. Со тоа се слават крадците и убијците, понекогаш завиени во националните бои, против создателите на културата. Тоа е непробојниот сплет на семејни врски, врски со клиентелата и сивата економија наспроти владеењето на правото, транспарентноста и пресметливоста. Тоа е крадењето од општеството и државата, наспроти плаќањето даноци и придонесот во изградбата на општеството.

Секој од овие концепти создава своја политичка култура, а судирот меѓу овие два продолжува да се случува во општествата низ Балканот, вклучувајќи го и македонското општество. Без разлика на неспорниот прогрес во процесите на евро-интеграцијата, во моментов изгледа дека урбаната, либералната и слободоумната култура, усредоточена на поединецот, е под силен удар. Тоа е очигледен парадокс и помирувањето со тоа и задава главоболки на Европската Заедница. Таа бавно учи од бугарскиот и романскиот пример дека институциите не се доволни. Се работи и за видот на луѓето што работат во нив. Исто така, квалификациите на хартија воопшто не се одговорот. Менталниот склоп е подеднакво важен. Дури и најдобрата институција ќе се разјаде под дејство на паланечкиот дух, доколку се дозволи тој да се рашири.

Од друга страна, не е коректно да се очекуваат чуда. Како што реков на почетокот, политичката култура не може да биде ништо поинакво освен артикулација на состојбата во која се наоѓа општеството. Во реалноста, ова општество паѓа испит по испит. Покрај тоа, финалниот се чини дека оди сѐ подалеку. Критериумот за вклучување е тежок за достигнување, за општество кое уште не знае што претставува и застапува. Конфликтот помеѓу центарот и паланката во земја која самата се наоѓа на периферијата, лесно може да произведе фасади на демократијата, позади кои борбата за контрола врз што е можно повеќе од она што го има противникот, станува невидено брутална. Искушенијата на пост-демократијата се присутни секаде во регионот, а всушност не постојат инструменти кои би ги држеле под контрола. Моменталната политичка култура не е таква што во голема мера би се спротивставила на овие тежнеења, исто како што и учеството во општествената корупција е сѐ уште од корист за голем број од населението. Вистинскиот предизвик за македонската политичка култура и имплицитното спроведување општествени промени, е откривањето на поединецот наместо групата, како центар на својот идентитет. Патот до тоа достигнување е макотрпен и полн со работа.

## Сашо Орданоски

М-р Сашо Орданоски (46), Македонија, е професионален новинар/уредник во изминатите 27 години. дипломира новинарство, а магистрира социологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во неговата долгогодишна професионална кариера, тој непрекинато работи во бројни домашни и меѓународни печатени и електронски медиуми. Меѓу другото, тој беше директор и главен уредник на државната МТВ и директор на националната комерцијална телевизија Алсат-М, основач и сопственик на неделникот „Форум“, уредник за Македонија во Институтот за воено и мирнодопско известување (Institute for War and Peace Reporting), Лондон, итн.
Тој е консултант/аналитичар за низа меѓународни организации и институции за медиуми, демократија, безбедносни и политички области, како и член на повеќе меѓународни организации кои се занимаваат со медиуми и/или демократија. Предава новинарство и комуникациски вештини на Универзитетот на ЈИЕ во Тетово. Моментно е директор за медиумски и јавни работи при регионалната инвеститорска и консултантска компанија ВЕВЕ Груп со седиште во Тирана и Скопје.



Сашо Ордановски

# ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ: ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ОДЛАГА НА НЕОДРЕДЕНО ВРЕМЕ

Во театрологијата е одамна познато дека централното прашање во повеќето трагедии на Шекспир (*Магбет, Хамлет, Кралот Лир, Ричард Трети, Отело*...) се сведува на два проблеми: желбата за апсолутна власт и прашањето на *лојалноста*. Испреплетеноста на предавствата и недовербата, бројните братоубиства и таткоубиства, дворските заговори помешани со амбицијата за потполна власт, се моќните драмски агенси што ги движи трагичните ликови во светот на Шекспир. Вината и казната во тој свет на бескрајни подметнувања и измами како меѓусебно да не се во никаква релација, бидејќи ниту една победа на правдата не е загарантирана и е предмет на ново предавство веќе во следниот чин.

Ваквиот претенциозен вовед може да наведе на погрешни очекувања за развојот на тезите во овој текст - дека, имено, и македонската политика наликува на Шекспировите трагедии. Додуша, дваесетте години македонска транзициска демократија изобилуваат

> Политичките партии во Македонија и моралните вредности што тие ги практикуваат и пропагираат се еден од клучните фактори што влијаат врз политичката култура во земјата

со политички предавства и внатрепартиски „братоубиства“, со морал кој лази по земја и со ликови кои како да избегале од проба на некоја аматерска продукција на *Ричард Трети*. Сепак, македонското демократско сценарио ги нема шекспиријанските димензии, не затоа што и овде заплетите не се којат околу амбицијата за тотална власт и за доминација врз политичките противници, туку затоа што нашите ликови попрво наликуваат на протагонистите од Нушиќевото *Сомнително лице*: затворени во својот паланечки менталитет, менажеријата на Нушиќевите ликови патат од разни облици на грандомании, паранои, болни амбиции, алчност, полуобразованост, корупција и широк дијапазон на политички и социјални илузии.

Оставени на маргините на демократските реформски зафати во последните две децении, партиите се претворија во моќни центри на политички клиентелизам, корупција и нетранспарентност. Партиите во Македонија отсекогаш настојувале да го „окупираат“ демократскиот живот во општеството и да ја наметнат својата кадровска и вредносна логика во државната администрација.

Во првата деценија од вториот милениум македонската политичка класа сѐ уште покажува тврдоглава упорност да се подложи на рационална политичка анализа. За да се разберат „подводните струи“ што ги креираат јавните политики, партиските ставови и кадровските структури во македонското политичко секојдневие, овде мора да се примени мултидисциплинарниот приод на општествено-политичка анализа во кој политиката е испреплетена со семејните, криминалните, деловните и психолошките склоности на главните актери.

Овој амбиент силно се рефлектира врз квалитетот и нивото на политичката култура и политичкиот дијалог во земјата. Политичката култура е „супстанцата“ што ја исполнува јавната сфера во просторот помеѓу државата и граѓанското општество, оној простор што не припаѓа на приватноста на граѓаните. Јазикот на таа култура го одразува односот на граѓаните кон демократијата во општеството и говори за почитувањето на институциите на таквата демократија, што, во крајна линија, е показател за легитимитетот со кој власта го практикува своето владеење.

Карактеристиките и елементите на политичката култура се опширно истражувани во политиколошките теории и во политичката филозофија, особено во втората половина од минатито век. Истражувањата за формирањето и влијанието на политичките ставови во демократијата (Г. Алмонд, С. Верба), или за политичката култура кај масите и кај елитите (А. Липхарт), како и политичките и социјалните механизми кои придонесуваат за поголема или помала кохезивна моќ во општествата со различна политичка култура, се добар патоказ за толкување и разбирање на домашните собитија.

Секое општество на свој специфичен начин ги одредува главните столбови на политичката култура во земјата. Во македонскиот мултиетнички, мултикултурен и мултиконфесионален демократски модел, главните карактеристики на политичката култура ги опфаќаат принципите на *толеранцијата, компромисот* и *инклузивноста* како главни дискурси во јавната политичка дебата и во делувањето на политичките партии и непартиските структури во демократскиот

систем. Квалитетот на политичката култура ја определуваат тенденциите на пораст или на намалување на застапеноста на овие принципи во општествениот живот и во спроведувањето на јавните политики на власта. Би можело да се тврди дека доколку се воспостави редовен систем на мерење на тенденциите кај овие вредносни општествено-политички агрегати, може да се добие релативно прецизна слика за степенот на конфликтноста во општеството, односно за квалитетот на политичката култура во Македонија. Тоа, од своја страна, суштински влијае врз градењето на *моралните вредности* во општеството, како белег на времето во кое живееме.

Во услови на недоизградени институции, чиј интегритет е под силен притисок на дневнополитичките интереси, системот не е во состојба „да го врати ударот“ и да ја сочува својата независност и професионалност. Заради партиско-политичката инструментализација, државните институции, кои би требало да се грижат за заштита на јавните интереси и, особено, за правилно трошење на јавните пари, не функционираат со својот Спотребен капацитет. Тие не се во состојба да обезбедат политичка неутралност во јавната сфера и да изградат објективни вредносни стандарди околу „рингот“ во кој, потоа, може да се води и жестока политичка дебата која нема да ја наруши стабилноста на системот. Државната и општествената сфера се максимално партизирани, ширејќи ги логиката и интересите на партиите на власт.

А какви морални и политички вредности промовираат македонските политички партии, како маркантни чинители на политичката култура во земјата?

Со амбициозната агенда, без преседан, на сегашната власт во Македонија да ја наметне сопствената партиска логика во секоја пора на македонското општество и држава, политичката култура и политичкиот дијалог во земјата доживуваат рекордни падови во домените на толеранцијата, компромисот и инклузивноста, како три носечки вредносни столбови на македонскиот демократски модел.

## „СВЕТИТЕ КРАВИ“ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИКА

После две децении македонска демократија и после бројните напори за реформирање на македонското општество во сите негови политички и економски димензии, зачудува како една област, суштествена по своето значење за функционирањето на демократијата, остана речиси нечепната од бранот промени што, на еден или на друг начин, го зафатија општеството. Таа област е „забранетата зона“ за реформи, нашата демократска *terra incognita* - **функционирањето на политичките партии во Македонија**. Партиите, овие „Свети Крави“ на македонскиот политички систем, и понатаму остануваат бастиони на недемократските односи кои царуваа во комунизмот. Во нив е продолжена традицијата на партискиот „демократски централизам“ во кој, преку пирамидалната структура на моќта и власта, улогата на партиската врхушка е семоќна и неприкосновена. Партиското фракционерство и издвоеното мислење за специфични прашања, дури и таму каде што тоа не е јасно статутарно забрането, во стварноста речиси е незамисливо. Да се има поинакво мислење

од лидерот е мошне непрепорачливо, а често е рамно на предавство. Дури и кога ќе се јават поединци кои инсистираат на својата интелектуална автономија, тоа не стигнува подалеку од новинските колумни, без суштинска рефлексија во позициите и функционирањето на партиите.

Внатрепартиските процеси за донесување одлуки и формирање политики се суштински нетранспарентни. Иако сите партии го имаат и формално прокламирано принципот на важноста на ставовите на *базата* и *од-долу-нагоре* (bottom-up) методот на градење на ставовите, во практиката процесите најчесто се одвиваат обратно, според принципот *од-горе-надолу* (top-down). Примената на ваквиот принцип на градење на интерните ставови остава важни последици во функционирањето на партиите. Кога најголемиот дел од комуникацијата доаѓа од врвот, тогаш примарна е функцијата на *дистрибуција* на ставовите *кон* членството, а не собирањето на знаењата и искуствата со кои располага партиската база. Системски, тоа значи дека партиското раководство е секогаш поважно од базата, па на тој начин се процесуираат и интересите и придобивките од занимавањето со политика. Таквите „командни“ системи се полесни за манипулација, поподложни се на корупција од секаков вид (материјална, кариерна, морална), но и многу повеќе зависат од харизматичните лидери и внатрепартиските „митологии“ што се плетат околу лидерот и неговото опкружување.

Како последица на ова, клучниот фактор во кадровската политика што се води во партиите се сведува на прашањето на близината и лојалноста кон лидерот, толкувана од него самиот и од тесниот круг негови најблиски соработници и протежеа. Таквиот систем, со тек на време, станува сé повеќе идејно нефлексибилен (ставовите во базата се прилагодуваат кон директивите на раководството) и кадровски *ексклузивен* (а не *инклузивен*). Бидејќи е еднонасочно проточен, во него царува негативната кадровска селекција според криетриумот на прилагодливост кон инструкциите добиени од раководството. Кадровскиот „канцер“ незапирливо се шири низ ткивото на партијата создавајќи бирократски структури според правилото дека **првокласните** партиски „менаџери“ се опкружуваат со **првокласни** соработници; **второкласните** партиски функционери носат третокласни соработници. Досегашното македонско партиско искуство покажува дека количеството на првокласен човечки и професионален кадар низ партиите е со тенденција на намалување.

Во СДСМ, како официјален наследник на Сојузот на комунистите на Македонија, инерцијата на демократскиот централизам и „комитетскиот“ резон на владеење, со циклична и предвидлива редовност во изминатите две децении, придонесоа многу креативни и капацитетни кадри да си заминат, а често и брутално да бидат исфрлени од партијата. Кадровската политика е во функција на одржувањето на јасната партиска вертикала на чиј врв неприкосновено владее лидерот. Статутарно не е предвидено во партијата да може да се формира фракција по определено прашање или според областа на интерес, иако партијата предвидела дека секој член може да има издвоено или спротивставено мислење по одредени прашања, за што не треба да сноси последици. Сепак, дури и кога во дведецениската историја на СДСМ се појавувале партиски „неистомисленици“, тие ефикасно биле изолирани на маргините на партиското влијание и стигматизирани како непожелни *бунџии* или „салонски интелектуалци“, во крајна линија, како некакво „нужно зло“ во градењето на партискиот „демократски централизам“.

Нагласениот крипто-комунизам во кадровската политика на ВМРО-ДПМНЕ е цинично замаскиран, меѓу другото, и со објавување „јавни конкурси“ за кандидирање на членови од пониските, до највисоките партиските раководства. Оваа пародија на демократските принципи не помага да се измени функционирањето на партијата според моделот на строга субординација, како

да се работи за војска, во која лидерот е нејзиниот *фелд-маршал* со неограничена моќ за раководење и со најситните пори на „армискиот“ живот. Дури, за да нема нејаснотии, во важечкиот Статут на оваа партија во чл. 22 стои пропишано „демократското“ право на нејзиниот претседател дека „може да запре извршување на одлуки и други акти на Извршниот комитет и на другите органи и тела на партијата“, за што само има обврска да го извести партискиот Централен комитет. Во ДПМНЕ неистомислениците со врхушката не се третираат дури ни како „нужно зло“, туку традиционално се прогласуваат за предавници на патриотската и на националната кауза, што резултира со потполна екскомуникација на различномислечките и нивно внатрепартиско и јавно изложување на „столбот на срамот“.

Кај албанскиот политички фактор во Македонија внатре-партиските демократски стандарди се на уште порудиментарно ниво, со чести изблици на предполитички фази во партиските делувања. Во ДУИ преовладуваат „дворските игри“ меѓу командантните структури од некогашното герилско движење и новото „интелектуално крило“ во партијата, засенети со митологијата на статусот на „иконата“ на „борбата за слобода на Албанците“, олицетворени во нивниот лидер. Во ДПА, пак, ситуацијата е болно едноставна: постои лидерот и неговиот портпарол - сите други се неважни и заменливи *штрафчиња* во внатрепартискиот механизам за обезбедување и канализирање на ресурсите кои се ставаат на беспоговорно располагање на лидерот.

Другите, помали партии на сцената, главно функционираат како осамени врхушки чија единствена задача е на некои наредни избори, преку коалиција со главниот победник на изборите, да обезбедат некакво ухлебие на четири-петмина главни партиски функционери (по некое пратеничко или директорско место во државните институции и претпријатија) и нешто пониски функции во „морето без обали“ на сто-и-кусур илјадната државна администрација.

## ИДЕОЛОШКИ „ЛИМОНАДИ“

Ваквата дестимулирачка состојба со внатре-партиската демократија и со негативната кадровска селекција во Македонија се должи на неколку клучни фактори. На почетокот, се разбира, е историјатот на настанувањето и развојот на самите партии. Најголем дел од нив - можеби единствено со исклучок на ДУИ во првите години од основањето - својата развојна партиска логика не ја црпат во социјалната или идеолошката (со исклучок на етничката) стратификација на политичкото тело во Македонија, па да претставуваат израз на реалната потреба во општеството за артикулирање на специфичните барања на своите гласачи. Наместо тоа, тие денеска претставуваат низ од неуспешни внатрепартиски фракционерски движења и борби за превласт во неколкуте главни политички формации основани на почетокот од деведесеттите години од минатито век. Ваквиот историјат, покрај тоа што е зачинет со суетите и инаетот на различните лидери и квази-лидери во партиите, во значајна мера е насочуван и од делувањето на други општествени структури на моќ: разместеноста на определени бизнис-структури и остварувањето на нивните краткорочни и долгорочни профитни интереси; или интригите и операциите на разни нивоа и *рестлови* од македонските (но и други) тајни полициски служби, кои сѐ уште успеваат во важна мера одвивањето на општествените процеси во Македонија да го контролираат преку контрола на поединци во политичкиот живот на државата.

Следниот фактор на влијание не е специфичен само за Македонија, бидејќи е глобален демократски феномен: живееме во „пост-идеолошко“ време („крајот на историјата“) во кое партиите, сите здушно определени за пазарните капиталистички односи, тешко се разликуваат по своите „леви“ или „десни“

идеолошки одредници, бидејќи своите вредносни системи ги конструираат како калеидоскопски слики условени од дневната политика на превладувачките моментни интереси. Во последните десетина години, бранот политички популизам и во Македонија ги „испегла" идеолошките разлики меѓу главните политички конкуренти, правејќи ги нивните идеолошки платформи воопштени и непрепознатливи. На пример, народњачко-десничарското владеење на ВМРО-ДПМНЕ е одбележано со некои суштински карактеристики на традиционалните левичарски идеологии, во комбинација со желбата за воведување „цврста рака" во општеството: обемни програми за субвенции, огромен (и растечки!) неефикасен државен апарат, јасна борба против крупниот капитал, желба за контрола врз што поголем дел од реалниот економски сектор, ограничување на слободите во сите домени на граѓанскиот живот, зголемување на даноците под маската за нивно намалување, отворени анти-западни и анти-демократски тенденции, инструментализација на медиумите...

Некогаш суштинските идеолошки и програмски определби кои ја претставуваа „светата вода" со која се поеше партиското членство и се енергизираа партиските маси, денеска се разблажени до ниво на диетални идеолошки „лимонади".

Ваквата општа „дезидеологизираност" придонесува политичката борба да се одвива во „театарот" на дејноста која добива примарно политичко значење - односите со јавноста. Перманентната *мобилизација* на членството и *монополизацијата* на непартиската јавност, лишени и од релевантна идеолошка содржина, е главната задача на партиските активисти и гласноговорници. Експертите за односи со јавноста се поважни од партиските идеолози, а кампањите се сé почесто негативни и агресивно непријателски, претворени во натпревар за тоа колкава е „должината на носот" на противникот, наместо во дебата за партиските вредности и предложените планови за управување со државата. Политичката култура натежнува од некултура, а во јавната пресметка не се бираат средства.

## ЗЛОСТОРНИЧКИ ЗДРУЖЕНИЈА

Сето ова е испреплетено со устоличувањето на уште еден битен фактор во функционирањето на партискиот живот, односно демократијата во општеството. Имено, политичкиот процес стана толку скап (во смисла на пари!), што партиите се принудени да функционираат како некакви корпоративни здруженија кои ќе бидат способни да собираат доволно пари за да ги финансираат своите скапи операции за останување или освојување на власта. Ниту за лепење партиски постери и за растурање летоци нема волонтери - се наплаќа секој ангажман, на еден или на друг начин. Мал е бројот на оние кои без никаков личен интерес се вклучуваат да помогнат во партиските активности.

Но, бидејќи постоечките закони (уредно препишани од легислативите во развиениот демократски свет) пропишуваат ригорозни мерки за количествата и начините за легално финансирање на партиите - суми коишто не одговараат ни приближно на востановените партиски потреби - на дело се две тенденции кои сите партии здружно ги спроведуваат: прво, законите за финансиско работење на партиите масовно се игнорираат, со премолчена согласност на сите гарнитури на власт и на надлежните државни служби под нивна контрола, кои би требало да ги санкционираат таквите противзаконски делувања; и, второ, заради големите финансиски потреби, партиите од квази-корпорации се претвораат во масивни криминални здруженија, кои своите каси ги полнат со примена на разни техники за стекнување „црни" партиски пари: рекетирање на бизнис-секторот, распишување „партиски даноци" за вработените партиски кадри на државно и

локално ниво, перење пари од најразличен вид, „окупирање" на тендерските постапки во државата, но и други, често пати потешки криминални облици.

Оваа дијагноза илустративно ја потврдува еден неодамнешен пример од соседството: „Употреби ги овие пари за финансирање на изборната кампања, оти изборите се финансираат од две третини нелегални и една третина легални пари" - наводно ја советувал уапсениот бивш хрватски премиер и претседател на ХДЗ Иво Санадер својата наследничка Јадранка Косор, оставајќи повеќе од два милиони евра нелегални пари во партиската каса во моментот на примопредавањето на партиската челна функција. Впрочем, исказите и на уапсениот сопственик на А1 ТВ, Велија Рамковски, за нелегалните начини со кои сегашната македонска владејачка партија од државниот буџет ги финансирала партиските кампањи, се силно сведоштво за степенот на бескрупулозната криминализација на македонскиот демократски простор.

Се разбира, нема потреба од дополнителни објаснувања и аргументирања за разорното влијание на ваквите партиски делувања врз функционирањето на целата држава. Практично, државата е заложник на партиската структура на власт, која прераснала во злосторничко здружување со право да владее *врз* (а не со) државата.

## ВОЈНА ДО ИСТРЕБУВАЊЕ

Сите овие фактори придонесуваат за извитоперување на нормалните демократски процеси, а политичкиот натпревар го претвораат во „војна до истребување", во која победникот зема сè, а губитникот губи сè. Ваквиот модел на „сè или ништо" во политиката се нарекува и модел на „zero sum game" – победникот добива онолку колку што губи страната што загубила и за да расте добивката на едната страна, мора со иста пропорција да расте загубата на другата. Целта на партиите е, преку „демократски" избори - зборот *демократски* е под наводници, бидејќи со оглед на финансирањето на процесот, злоупотребата на медиумите, заканите по слободниот избор на граѓаните, игрите со избирачките списоци итн., изборите во Македонија заслужуваат *демократски* наводници - да се стекнат со „сопственост" врз државата и нејзините ресурси, а политичките противници сосема да ги истиснат на маргините на општеството и да ги исклучат од нормалните облици на политичко опстојување. Логиката на „јадење живи луѓе", изречена или неизречена, е мерката и стимулот за општата политичка борба „до истребување". Кога еднаш ќе ја освојат власта, набилдани со стероидите на неограниченото располагање со државните ресурси по сопствено наоѓање и приватен ќеф, партиските олигархии се подготвени да ги употребат сите дозволени и помалку дозволени средства за да останат на власт.

Ваквата бескомпромисна стратегија демократијата ја претвора во *средство*, а власта во *цел*. Во овој свет на Макијавели, сите средства се дозволени за остварување на целта. Доколку за доаѓање/останување на власт пречка е демократијата - дотолку полошо по неа!

Во партиска смисла, ова извртување на смислата на демократскиот натпревар во општеството произведува еден критериум во однесувањето што се издига како примарен над сите други - *лојалноста* кон партијата, односно кон нејзиниот лидер. Можете да сте паметен или глупав, образован или без образование, чесен или корумпиран, но не смеете да сте нелојален. Лојалноста, за секој случај, се зацврстува со потпишани изјави за оставка од државната функција добиена од партијата, за да биде употребена ако тоа на лидерот му се види за потребно. Оваа своевидна партиско-политичка *омерта* во последно време добива и

нови димензии на лојалноста, со тоа што *крвното сродство* се промовира како дополнителна гаранција за лојалноста стекната со членство во партијата. Ако врската не може да се воспостави со директно крвно сродство, тогаш се склучуваат бракови и кумства, кои треба да ја гарантираат меѓусебната поврзаност и молкот за сите употреби и злоупотреби сторени за целите на партијата, утврдени, толкувани и прогласени од партискиот врв, односно од лидерот.

Вака воспоставената лојалност навистина потсетува на атмосферата од трагедиите на Шекспир: дејствието е полно со драма, со крв и со солзи, но и со параноја од предавства и постојани дворски заговори. Тоа е „средновековна" лојалност кон личниот/групниот интерес, не кон модерните стандарди на демократските вредности или кон државните интереси. Во овој модел на владеење, принципите и процедурите на демократијата и државните интереси се добри само доколку одговараат на интересите на партијата на власт. Таквата лојалност се наградува со напредување во службата и со зголемување на приходите, со обезбедување на родот и породот. Тоа лојалноста ја чини како „двонасочна улица", бидејќи се исплатува за двете страни. Станува збор за многу повеќе патологија, отколку политикологија.

## ДИЈАЛОГ ПОД ШАТОР

Во ваквиот ултимативен политички контекст - *Или ние или они!* - политичките агенди се максималистички, а партиската команда е да не се остави ни еден жив „заробеник". Јавниот политички дијалог меѓу политичките противници повеќе заличува на воени преговори под некој шатор, на маргините на боеното поле, или во некој вагон паркиран на слеп колосек. Меѓународниот фактор, кој со години и во бројни прилики предупредува за недостаток на конструктивен политички дијалог во земјата и за тоа дека таквите тенденции се заоструваат, наместо да се релаксираат, веројатно наскоро ќе мора да донесе експерти за преговори во заложнички кризи (Пердју, Солана, покојниот Холбрук?), бидејќи македонската демократија навистина сé повеќе наликува на заложник грабнат од некоја банда криминалци кои на власт доаѓаат со избори.

Со доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт во 2006 година, политичкиот дијалог во земјава, кој претходно, колку-толку, се одвиваше во некакви достоинствени рамки и со барем минимална динамика, доживеа комплетна блокада, во услови на тотална конфронтација меѓу „завојуваните" страни. Логиката на изборниот победник во последните парламентарни, локални и претседателски избори е дека за дијалог речиси и нема потреба, со оглед на стекнатиот легитимитет на изборите. Се промовираше и политиката според која секоја јавна артикулација на поинаков став од власта се прогласува за поддршка на опозицијата. „Или сте со нас, или сте против нас!", нема „ничија земја", нема неопределеност, нема независност. Неистомислениците доживуваат јавен прогон и стигматизација чиишто димензии имаат карактеристики на автократските режими од најлошите периоди на минатиот век. Заканите се во дијапазон од социјални притисоци, преку ограничувања на цела низа политички права, до даночни и кривични прогони со кафкијански димензии. Силата се демонстрира пред камери, а правдата завршува и пред да се помине прагот на Скопска Единица, во придружба на грдите полициски „робокапи".

Стравот е важен елемент во ваквиот начин на владеење. Тој ја парализира јавноста, ја тера да се дистанцира од поинакумислечките. Власта и не крие дека има намера да завладее со секоја пора на општеството: судството, медиумите, бизнисот, академската заедница, невладината сфера, професионалните и струковите здруженија, државната администрација итн. На дело е процес на

сеопфатна партиска окупација на општеството, во име и за сметка на една владејачка гарнитура. Овој опасен партиски експеримент има силни знаци на насилен социјален инженеринг и во материјалните и во нематеријалните сфери на општественото живеење.

Проектот на власта не се спроведува само на теренот на традиционалното разбирање на економско-политичките сфери во општеството и партиското завладување со институциите на државата. Напротив, напорот е многу посеопфатен и во своите амбиции вбројува темелно редефинирање ("total design") на историските постулати за настаните и вредностите на македонската држава и општество, за архитектонскиот изглед на градовите, за улогата на религијата во животот на граѓаните, за прашањата на односот кон различните видови на малцинства во општеството, за редефинирање на семејните вредности итн.

Во својата основа, би можело да се каже дека проектот на ВМРО-ДПМНЕ има за цел да го помести либералниот вредносен систем, кој (со многу мака) превладуваше во македонското општество во последните две децении, кон многу поконзервативни идеи за конституирање нов вредносен систем, поблизок кон сфаќањата на власта. Агресивноста во наметнувањето на „новите погледи" врз стварноста и итноста на која се инсистира во торпедирањето на голем број востановени вредности во општеството, понекогаш засенува и некои добри намери и иницијативи од овој мегаломански, социо-инженерски политички потфат. Брзањето и идеолошката недообмисленост на целиот проект, кој би требало да потсетува на македонско фаќање приклучок кон „модерниот конзервативизам" во светот, произведува низа контрадикции во стварноста: пазарното општество и слободната економија подразбираат лимитирана улога на државата и непартиска шанса за слободна иницијатива на секого, а не обратно; индивидуалните слободи подразбираат немешање на власта во нивното практикување, а не обратно; владеењето на цврст „ред и поредок" подразбираат силни антикоруптивни практики кај власта и принцип на неселективно владеење на правото, а не обратно; зајакнување на улогата на семејните вредности бара високи морални стандарди кај власта, а не обратно; намерата да се регулира социјалното однесување на луѓето (од пушачките навики, до бројот на новородени деца во семејствата) бара владеење со сопствен пример, а не обратно; итн.

Контрадикциите во ваквата „натежната", нервозна и недемократска атмосфера има силен одраз врз квалитетот и начинот на јавната политичка и неполитичка комуникација во земјата. Во официјалната партиска комуникација и меѓу заговорниците на спротивставените опции најчесто преовладува јазикот на пропагандата. Противникот се сведува на една, негативна димензија, а неговите постапки или изјави се вадат од контекст и му се припишуваат омаловажувачки карактеристики. Лагите стопати се повторуваат (често и низ платени партиски рекламни кампањи) за да заличат на вистина. Пропагандистите вложуваат подеднакво внимание за тоа што треба да ***не*** се објави, колку и за тоа што треба да се објави. Намерно се мешаат компетентни со безвредни информации, за на второиве да им се даде некаков кредибилитет. Се бараат и се плаќаат кредибилни комуникациски канали, за да се пласираат некредибилни информации, при што подеднакво се користат и масовните и алтернативните медиуми. Најчесто се апелира кон чувствата, а не кон разумот на публиката, а и најкомплексните проблеми се сведуваат на црно-бели „квиз" прашања, за да се промовира сопствениот став и да се обезвредни противничкиот. Измислиците се пласираат како факти, а фактите толку се извртуваат, што стануваат бесмислици.

## „РАЗБЕСНЕТИОТ БИК“ НА ПРОПАГАНДАТА

Пропагандата во политиката, вклучувајќи ја и „црната“, не е ништо ново, ниту особено скандалозно. Перцепциите во јавноста (и нивното менување) се постојан предмет на политичката активност и спаѓаат во најтесниот круг задачи во „описот на работата“ на секој политичар.

Сепак, она што во целата сегашна пропагандна активност и во актуелниот мега-проект на власта за влијание врз перцепциите во македонската јавност претставува значајна новина - па, со тоа, суштествено ја разликува од претходните периоди, кога се практикувале слични техники на политичка комуникација - не е само вонредно големото количество агресија и конфликтност што се промовира од партиските центри за комуникација, туку и количеството на пари кои се во „оптек“. Влоговите се драматично зголемени со одлуката на власта да не жали пари за својата пропагандна машинерија. За жал, ваквата квалификација не е само реторичка финеса. „Разбеснетиот бик“ на владејачката пропаганда годишно троши десетици милиони евра јавни пари за, буквално, да ја наметне својата пропагандна „вистина“ врз општеството.

Финансиско-пропагандната понуда од страна на власта, создаде голема побарувачка на медиумскиот и пазарот што ја опслужува пропагандната индустрија. Значаен дел од постојните медиуми, фирмите за маркетинг и агенциите за односи со јавноста, „истражувачките“ институти за мерење на пулсот на јавноста, невладини организации и бројни поединци, своето постоење го насочија кон напорот преку нив да помине што поголем дел од средствата што ги троши власта во сопствената промоција и во презентирањето на вредностите и проектите за кои се залага. Наметната е една посебна логика на „одржливост“ на пазарот - колку повеќе се троши, толку повеќе расте апетитот за нови трошења. Врската помеѓу потрошеното за пропагандата, нејзините ефекти и оној што ги дава средствата, станува егзистенцијална.

Агресивниот, нетранспарентен и селективен одлив на јавни пари во делот на телевизиската пропаганда во изминатите неколку години има(ше) двојна задача: да закупи доминантен простор за емитување на владините пораки, но и да ја придобие за себе независната уредувачка политика кај добро платените информативни медиуми. Последиците, очигледно, се примарно политички, но и пазарните не се за потценување. Милионските суми во евра што се слеаја на сметките (и во џебовите) на сопствениците на некои од македонските телевизии придонесоа за темелно нарушување на ценовните политики на пазарот (и во продажбата на рекламните секунди и во набавката на програма), но и за тотално уривање на лојалната конкуренција на пазарот. Тие последици ќе траат многу подолго и по запирањето на коруптивно високите владини финансиски средства потрошени за монополизирање на медиумскиот пазар во државата.

На овој начин, „маѓепсаниот круг“ на овдешната политичка практика се затвора: на партиите им требаат сé повеќе пари за да останат или за да ја освојат власта; тоа политичкиот процес го прави сé поскап и покорумпиран, а ресурсите сé поограничени и притисокот врз нив сé поголем; тоа, пак, го засилува општествено-политичкиот конфликт и ја зацврстува *победникот-зема-сé* логика на политичкото делување. Процесот се врти во круг, а „задоволството“ од потрошените пари и продлабочените конфликти расте на квадрат!

## ЕУ – ДА, НО ПОД НАШИ УСЛОВИ!

Излезот од оваа ситуација не може да биде брз, ниту едноставен. Стекнатите навики не се менуваат лесно, а постоечките политички елити не покажуваат знаци на подготвеност за суштински промени ниту во начинот како се партиски организирани, ниту во методите на политичката борба. Магистралниот начин за реформирање на политичкиот систем, а со тоа и на свеста и политичката култура во земјата, е изодување на патот на евро-интеграциите. На тој пат стојат неколку големи предизвици.

Од една страна, Европската Унија се наоѓа на крстосница во сопствениот развој. Унијата во периодот што следи ќе мора да ја консолидира својата економска и енергетска позиција по глобалната криза, да ја реши судбината на еврото и различни аспекти од сопствената „уставна криза", доколку сака во светски рамки да остане стабилна економска и политичка зона. Растот на политичката десница и на анти-европските сили во земјите членки на ЕУ не влеваат надеж, барем на среден рок, дека постигнатите дострели во обединувањето на Европа ќе продолжат со истото темпо како и во изминатите две децении. Додека Унијата срамежливо ја преиспитува својата политика кон соседите, интегрирањето на Западниот Балкан, барем декларативно, останува дел од нејзините политички приоритети. Но, факт е дека европската политика своето тежиште од Брисел го помести во главните градови на најголемите конститутивни држави на ЕУ, а тој тренд на национално „затворање" на политичките агенди секогаш навестувал време на интроспекција и преиспитување на надворешно-политичките приоритети, а не на активно ширење на Унијата и отворање кон она што ЕУ го смета за свое соседство.

Од друга страна, во последните неколку години Македонија покажува силна декларативна желба за зачленување во ЕУ, но под *сопствени* услови. На владејачката структура во Скопје ѝ се многу поважни процесите на потполна „окупација" (*вмровизација*) на општеството и подготовка за долгогодишно останување на власт, одошто сериозно и неселективно спроведување на реформите неопходни за понатамошно интегрирање во системот на ЕУ. Таквите приоритети на власта нема да се менуваат во догледно време, а особено додека тоа значи доволен рејтинг меѓу гласачите за освојување на следните избори.

Овие трендови, од аспект на политичката култура и на политичкиот дијалог во земјата, не предизвикуваат оптимизам. Македонија на краток и среден период влегува во политичка криза предизвикана, пред сѐ, од некадарноста да се решат социјалните и економските проблеми во општеството, но и од политиката, наметната од власта, на решавање на отворените проблеми низ наметнување на ставовите по пат на конфликт и конфронтација. Поделбите во општеството се продлабочуваат паралелно со одржувањето на ниската доверба во институциите на системот, а желбата за дијалог меѓу социјалните, политичките и другите партнери во општеството се намалува.

Тоа само значи дека политичкиот речник во Македонија и понатаму ќе „стврднува", во медиумите ќе преовладуваат негативните вести и кампањи, а партиите ќе се вкопуваат во своите позиции во очекување на вонредни избори во наредните неколку месеци. Зреењето на македонската демократија ќе помине низ уште една фаза на поделби и разочарувања.

Подобрите времиња за подигнување на квалитетот на политичката култура во Македонија се одлагаат на неодредено време.

## Душан Величковиќ

Душан Величковиќ (1947), Србија, новинар и писател, автор на книгите Слики на сомнежот, *Amor mundi, Интернационала, Ѓинѓиќ и Србија hardcore,* како и на филмовите *Ленин* во движење, *Смртни луѓе, бесмртни злосторства* и *Ѓинѓиќ*, една животна приказна. Делата му се преведени на повеќе светски јазици.
Раскази, есеи и написи објавува во бројни светски часописи и весници (Foreign Policy, Wienner Journal, La Vanguardia, Washington Post и други). Неговите раскази се вклучени во италијанската антологија на современата српска проза, *Casablanka* serba.
Главен уредник на *НИН* (1993 – 1997) и неделникот *Европа* (2007 – 2008). Го основа часописот Библиотека Александрија (1998) и издавачката куќа Александрија прес (1999).
Бил стипендист на Literature Board of Australia Council во Сиднеј и Мелбурн (1983-1985), University of East Anglia, Норвич, Англија (1988), и Château de Lavigny International Writers' Residence, Швајцарија (2006).
Добитник е на Меѓународната награда за слобода и журнализам во Неапол, 2009.
Живее во Белград.



Душан Величковиќ

# Дијалог со самоубиецот

На прв поглед, Србија изобилува со дијалози. Би можеле да кажеме дека дијалогот во Србија е навистина во мода. Најгледаните емисии на телевизија се оние во кои се води дијалог, а еден весник дури има и стандардна рубрика „Србија разговара“. Политичарите се соочуваат едни со други, незадоволните работници разговараат, економистите водат дијалог за можни излези од кризата. И за божје чудо, сето тоа е прилично накитено, до толку што би рекле дека културата на дијалог во Србија е на завидно ниво.

Веќе подолго време нема пцуење во парламентот, таму повеќе никој не фрла чевли и не ги проколнува своите противници, како што до неодамна тоа го правеа радикалите. По геј парадата на гордоста и нередите низ улиците на Белград, немаше ни поголеми изливи на омраза во јавноста. Се заморија и навивачките групи, па така, може да се каже дека моментално во Србија, кога станува збор за дијалогот, се случува вистинско чудо. Значи, доколку за културата на дијалогот се размислува на тривијален, секојдневен начин, мора да признаеме

Дека сé е лага, а дека Србија е единствениот носител на вистината која никој не ја забележува и не е некоја новост, но ново е тоа што овие размислувања сé повеќе се присутни во политичкиот и културниот живот.

дека дијалогот станува „покултурен“ во најразличните области на политичкиот, општествен и културен живот. Луѓето се научија на некаков ред, знаат да ги сослушаат аргументите, на нив да одговорат и во целина, народот се описмени, знае што е подмет а што прирок, милина една..

Но, дали она што сега секојдневно го слушаме на политичката и општествена сцена е вистински дијалог или само имитација? Можеби тоа е само начин да се избегнат вистинските прашања, да се измами другата страна или низ „дијалог“ да се заврти во корист, создавајќи со тоа едно фиктивно колективно мислење, давајќи му правец, па набрзо тоа ќе стане општо прифатена предрасуда. Или можеби, едноставно, дијалогот во Србија е запустена (запоставена) дисциплина, исто како што е културата запоставена или како што е политичката култура во бедна состојба. Всушност, вистинското прашање би било: што е она што ни се нуди на пазарот на дијалог во Србија и што ние најмногу сакаме да купуваме?

Намерно го користам зборот „пазар“, прифаќајќи го терминот што Брајан Ино го предложи кога времето во кое живееме, го нарече време на глобален пазар.

„Ова ви е значи, пазарна ера“ вели Брајан Ино, „но се создава поголем, посеопфатен пазар, еден базар што зуи од непрекинати преговори меѓу луѓето, каде што идеите, техниката, производите, филозофиите и животните стилови се изложуваат пред потенцијалните купувачи, а тие ги разгледуваат, пробуваат, отфрлаат, подобруваат, забораваат. Ваквите пазари се релативно ослободени од идеологии: вредноста на секое нешто се мери со количината внимание што тоа го привлекува. Парите се само едно од мерилата за тоа внимание, затоа што парите се однесуваат само на она што со пари може да се купи (тоа е еден мал пазар во рамките на поголем). Многуте нешта се натпреваруваат меѓу себе за да го привлечат нашето внимание, а не можат да се купат со пари – на пример, општествени уредувања кои ќе придонесат кон подобро искористување на човечките способности: тие уредувања веќе не се заповедувани од категорични а произволна верска или идеолошка одлука, туку и тие се дел од понудата, се борат на пазарот каде што се изложени, за ние можеби да ги одобриме и усвоиме. Општествените уредувања се успешни толку колку што сме ние подготвени да ги купуваме нивните „акции“ на таа „берза“ – а ги купуваме не со пари туку со согласноста да живееме на некој одреден начин, а не на некој друг“.

Овој исказ на Брајан Ино за мене е одличен изговор да не глумам некаков сериозен теоретичар, кој сега ќе се прави паметен и на широко ќе раскажува за културата на дијалогот, повикувајќи се на Платон и на некои си други авторитети. Тоа би било измачување и за мене и за читателот. Што има тука да се зборува толку многу, ако станува збор за пазарот? Сите сме на тој пазар, па така и личното искуство е сосема доволно за анализа на состојбата на работите.

И еве, се присетувам на сопственото искуство на „пазарот на дијалог“ во Србија. Секакви работи ми паѓаат на ум, но ќе издвојам нешто неодамна доживеано. Се сеќавам на еден ден во мојот живот, а имаше такви многу, по кој заклучив дека во Србија одвај постои дијалог. Мислам на вистински дијалог, кој покренува клучни прашања, создава чувство на толеранција и го унапредува процесот на демократија.

Еве што се случи, а подоцна ќе видиме дали од тоа може да се извлече некакво наравоучение.

Значи тргнав во град, за да ја купам постхумно објавената книга на Никола Кољевиќ, *Создавањето на Република Српска – дневник – 1993-1995*. Многумина во Србија мислат дека тоа е културен настан од епохално значење, посебно затоа што предговорот на книгата го напиша Добрица Ќосиќ, најпознатиот и најреномиран

српски писател. Никола Кољевиќ, универзитетски професор, експерт за Шекспир, за време на војната во Босна бил еден од најблиските соработници на Радован Караџиќ. Изврши самоубиство во 1997 година. Да поживееше уште малку, можеби и тој би завршил во Хаг. Се замислив дали оваа книга и овој предговор можеби откриваат нешто ново во идејно снеможениот српскиот национализам и тоа ме заинтересира. Можеби на пазарот на националистички аргументи постои нешто што ми избегало.

На улицата здогледав натпис на ѕид, напишан со спреј, очигледно во брзање, како авторот да се плашел дека некој ќе го види: „Живеам во Србија, од тоа и ќе умрам". Всушност, тој натпис веќе одамна е таму, но никогаш не пропуштам да го прочитам. И секој пат имам различна асоцијација.

Денеска ми паѓа напамет дека авторот не сакал да каже дека Србија е некоја смртоносна болест, туку повеќе како некоја неопходност, како што полскиот писател Мјечислав Јаструн говори за животот во својата книга *Убава болест*.

Денес ме забавува и претпоставката дека анонимниот автор на оваа порака е можеби истиот оној кој по белградските ѕидови во 1999та пишуваше: „Пролет е, а јас живеам во Србија". Речиси сум сигурен дека тоа е истата рака, која сега самата се парафразира. Се сменија времињата, па на нив мора да се прилагодат и дефинициите. Ја сакам таа белградска улична уметност, оној црн хумор и некаков перверзен оптимизам.

Знам за една книжарница во центарот на градот во која сигурно ќе ја најдам книгата. Книжарницата некогаш, во бивша Југославија, се викаше „Комунист" и беше наменета за продажба на идеолошка и пропагандна литература, но со текот на времето, сосема неочекувано, стана речиси култно место за секој кој сакаше да ги најде најдобрите и најважни книги. Денес, по новиот парадоксален пресврт, во демократско општествено опкружување, таа книжарница се врати во минатото и се специјализира за hardcore националистичка литература. Стана и еден вид на културно седиште на антихашкото лоби. Непосредно по апсењето на Радован Караџиќ, на влезот во книжарницата е поставена негова биста, а во витрината неговите книги се поставени на видни места.

Стигнувам до мостот кој ги спојува новиот и стариот дел на градот. На средината на мостот, на самиот раб стои момче и се спрема да скокне во реката. Настанува турканица, пристигнува и полицијата, но момчето вади пиштол. Не е јасно дали со пиштолот си се заканува себеси или на луѓето што би се обиделе да го одвратат од самоубиството. Полицијата го запира сообраќајот и набрзо на обете страни од мостот се создаваат бескрајни колони возила. Белград нема многу алтернативни правци по кои се стигнува до центарот, па ова е почеток на општ сообраќаен колапс.

Полицајците со трпение внимателно се обидуваат да му пријдат на самоубиецот, но возачите немаат време, се брзаат. Еден средовечен човек низ прозорецот од автомобилот вика: „Ајде турнете го веќе еднаш, па да минеме". Група девојки го бодри момчето: „Скокни, ајде скокни, што чекаш?".

Се нема време да се размислува дали Белграѓаните се бесчувствителни или црниот хумор им е прираснат на срце, затоа што ова набрзо се претвори во вистински art, во суров театар кој како да го надгледува лично Антонен Арто. Еден човек мавта со рацете и вика: „Земете му го тој пиштол, јас лично ќе го убијам да му ги скратам маките". Веројатно Арто би сакал да ја види и оваа сцена: една мајка ги вади децата од автомобилот, децата насмеани се гушкаат, мајката ги фотографира со самоубиецот во позадина на кадарот, кој никако да се одлучи да скокне.

Некој вели дека полицијата, всушност, чека екипа специјализирана за вакви случаи, експерти обучени да преговараат со самоубијци. Тогаш се прошири глас дека преговарачите нема шанси да стасаат, бидејќи сообраќајот во целиот град е потполно блокиран. Изгледа дека таа информација е точна, бидејќи полицајците на мостот одеднаш донесоа одлука ситуацијата да ја решат на обичен, ненаучен начин – десетина од нив му притрчуваат на момчето на работ на мостот, тој се оттргнува пробувајќи да скокне во реката, но тие цврсто го држат и набрзина го уфрлуваат во полициски автомобил.

Завесата во овој суров театар се спушта и јас го продолжувам патот кон Никола Кољевиќ и Добрица Ќосиќ.

На влезот од книжарницата ме чека изненадување – бистата на Караџиќ е скршена. Некој минувал покрај книжарницата, ја здогледал бистата, не можел да оддолее па ја треснал од земја. Навредениот сопственик на книжарницата, демонстративно ја оставил бистата да лежи искршена, а на вратата ставил натпис *Изложба на применетата уметност на вандалите*. Помислувам на тоа како Караџиќ, вака испокршен, би можел навистина да биде експонат на некоја постмодерна изложба. Додека беше во едно парче не беше ништо друго освен предмет на националистичко обожување, но сега тој гипсен крш, добива нова, многу поинтересна димензија.

Ја прелистувам книгата на Никола Кољевиќ и фрлам поглед на предговорот од Добрица Ќосиќ и брзо заклучувам дека во публицистиката на српскиот национализам, сепак, не се случило ништо ново. Се откажувам од купување на книгата, но запомнувам една мисла од Ќосиќ: „Пред нас, современиците, се случи епохална инверзија на еден историски настан: лагата за геноцидот во Сребреница стана сакрална и глобална вистина... Лагата за војната во Босна, џихадска и шпионска лага, со значењето и последиците што ги има, можела да се случи само во цивилизација и констелација на свет чија когнитивна основа се лагата и измамата".

Дека сé е лага, а дека Србија е единствениот носител на вистината која никој не ја забележува и не е некоја новост, но ново е тоа што овие размислувања сé повеќе се присутни во политичкиот и културниот живот. Алтернативни, спротивни мислења постојат, но се осамени и некако премногу сериозни, така што на мнозина им изгледаат само како друга страна на медалот, како да е истиот догматизам со поинаква боја. Едни се нарекуваат патриоти, а други предавници и анти-Срби. Се вели: овој роман е антисрпски, или претставава е антисрпска, секогаш нешто е патриотско или предавничко.

А што стана со белградската иронија, со белградскиот хумор, кој така убаво можеше да ги исмева и едните и другите и кој на крај го сруши Милошевиќ и неговиот режим? Го има, се разбира, но треба да го побараме под слоевите на официјална пропаганда и националистички врева вкопана во калта на минатото.

И така, наместо во бившата комунистичка книжарница, креативниот и ослободен дух на белградскиот културен живот го пронајдов на брановите на една мала, тукушто основана, радио станица. Се вика Ново Радио Белград и може да се слуша само преку Интернет.

Водителот потпевнува песна за Њујорк од диско-панк бендот *LCD Soundsystem* со малку изменети зборови: *Prishtina, I love you, but you're bringing me down*. Потоа се слуша најава: *Приштина – Белград, уста на уста, уво на уво.* Така започнува заедничката едночасовна програма на Ново Радио Белград и приштинското Урбан ФМ Радио под називот Balkan Neu – Нов Балкан. Сето тоа се најавува како културна размена, како повторно воспоставување на прекинатите контакти, а за

да не дојде до збрка, водителот додава: *Fuck off politics!*, а потоа иронично: *Ние сме тука само заради парите*. Во програмата се слуша и албански и српски, но дијалогот воглавно се води на англиски.

Сепак, што и да начнат и во белградското и приштинското студио се чини како да е или премногу чувствителна или е табу тема. Но никој од нив не обрнува внимание на тоа. Формулата е едноставна – за сé може да се зборува иронично, со потсмев, секоја политичка догма и забрана има свое друго, карикатурално лице. Така, на пример, една емисија се погоди баш на годишницата од независноста на Косово. Од белградското студио велат: „Па ајде тогаш, пуштете ни ја вашата химна". И во моментот кога човек ќе се уплаши, мислејќи дека тоа станува опасно и дека некои ревносни патриоти може да упаднат во студиото и да ја прекинат емисијата, од Приштина стигнува одговор: "We haven't downloaded it yet". На тоа сите се смеат и изгледа како воопшто да не постоела опасност.

И така, во оваа емисија Србите и Албанците се информираат за најновите настани на музичката сцена во своите градови и патем се исмеваат на сметка на големите политички вистини и пароли. Одеднаш како да не постојат оние граници кои во последните децении често се поставуваа во овој дел од светот и како онаа „убава болест" воопшто да не е неизлечива.

Секако, оваа емисија не потраја долго, запре нагло како што започна. Како што разбрав подоцна, неочекуваниот алтернативен дијалог помеѓу Приштина и Белград, згаснал повеќе заради автоцензура, отколку некаков отворен политички притисок. За поинаков вид на анализа, би бил интересен фактот дека во една малку разуздана, младешка иронија, приштинската страна потешко се снаоѓала, која повеќе се обидувала да се оддалечи од лизгавиот политички терен. Причината за тоа веројатно е во тоа што политичкиот консензус за независност е многу помонолитен во Приштина, отколку што е белградскиот консензус за непризнавање на таа независност, иако е озаконет и според уставот.

И што научив јас, во еден таков ден, за пазарот на дијалог во Србија? Како прво, гледам дека национализмот, патриотизмот и воените злосторства, сé уште се жешки теми кои сами се нудат за дијалог, но како да не постои некој кој би се впуштил во тој дијалог на вистинскиот начин. Добро, да претпоставиме дека тоа е целосно слободен пазар на кој по едноставниот принцип на понуда и побарувачка, националистичките и квази-патриотските идеи поминуваат подобро.

Сепак, не е сé така едноставно. Очигледно постои и некој кој го регулира тој пазар. Доволно е да ги прелистате весниците или да наслушнете како политичарите јавно размислуваат за теми за кои никогаш до крај не е поведен вистински дијалог, па да сфатите дека „пазарот" е во голема мерка диригиран. Денешните медиуми имаат една необична особина. Во трката за поголем тираж и желбата да ги задоволат сите, многу медиуми, исто како и политичката елита, непрекинато им се повинуваат на популистичките клишеа и така поттикнуваат одреден вид на јавно мислење. Тоа е фина стапица, од која лесно се заклучува дека така формираните читатели бараат токму такви теми, па така целата работа се перпетуира. Не сакам да кажам дека медиумите треба да имаат некаква образовна улога или дека политичарите треба да бидат пасионирани просветители, но во земја во која политичката елита и медиумите без престан манипулираат со историските, националните и други клишеа и предрасуди, не може да се очекува ништо друго освен лоша бескрајност.

Ако новинарските текстови и политичките говори изобилуваат со демагогија, создавајќи клима во која им се удоволува на националистите и таканаречените патриоти, тогаш барем од литературата би можело да се очекува да биде област во која тие општествени и политички клишеа би биле разоткриени. Меѓутоа, малку

се писателите кои се занимаваат со времето во кое живееме и уште помалку има добри дела. Не верувам дека причината е отсуството на тн. историска дистанца. Попрво тоа е фактот дека, многу писатели, исто како читателите на весници и телевизиската публика се помалку збунети од папазјанијата на шминкање и прикривање на минатото, па не се осмелуваат да ги демистифицираат работите. Секако постојат и такви кои жалат за мрачното минато, но не се премногу гласни бидејќи тоа денеска не е во мода.

Патриотизмот е посебно привилегирана тема на пазарот на дијалог, личи на некаков споменик заштитен од државата. Демистификацијата на патриотизмот просто никогаш не е на дневниот ред, веројатно затоа што и понатаму има почесно место во излогот на продавницата за државнотворни сувенири. Но, реалноста е сосема поинаква.

Долго време патриотизмот претставуваше грд збор, бидејќи најмногу го користеа насилници и разни политички и други измамници, од Слободан Милошевиќ и Мира Марковиќ до Шешељ, Аркан, воопшто да не зборуваме за приврзаниците на Караџиќ и Младиќ. Уште полошо, тој збор секогаш подразбирал дека постојат и предавници кои, замислете, имаат нешто против овие привилегирани носители на патриотизмот. А знаеме што им се случува на предавниците. Тоа што патриотската пропаганда на Милошевиќ ги означи Џинџиќ и Чурувија како предавници и што ги донесе на само чекор од атентат е еден од најдрастичните и карактеристични примери. Значи, „патриотизмот" стана толку одвратен и двосмислен збор, што јас би одбрал да не го употребувам.

Слично на ова, постојат зборови во историјата кои со тек на време добиваат целосно спротивно значење и за тоа нема лек, најдобро е да се почека некое друго време во кое на природен начин ќе може да се рехабилитираат. Наместо за патриотизмот, јас би зборувал за разбирање на општиот интерес, за тоа дали го препознаваме тој интерес и дали инсистираме на него. Тоа е она што и недостасува и на политичката елита и на сите нас поединечно. Но, за тоа не се дебатира, таков дијалог нема кој да го «купи».

Сепак, воените злосторства и одговорноста на оние обвинети за нив се теми кои, најдобро отсликуваат во колкава мера дијалогот може да биде проста имитација на сериозно и конструктивно спротивставување на мислења. Всушност, би рекол дека тоа е црна точка на српскиот пазар на дијалог, нешто заради кое таквиот облик на човечко осознавање, таа дијалектика, никако да процвета. Има поигрување со националистите и тн. патриоти, но за обвинетите за воени злосторства, често меѓу редови може да се разбере дека тие можеби се и херои или и самите се жртви на историските околности.

Неодамна имав прилика да одговорам на прашањето, дали за Караџиќ навистина би можело да се сними добар филм. Такво нешто споменувам во една своја книга, па еве сега, да го дополнам тоа свое мислење. Не верувам дека ќе има добар филм за Караџиќ бидејќи реалноста веќе личи на некој блесав филм во кој, главниот херој најпрвин мавта со некакви мапи додека луѓе гинат, а потоа се маскира во надри-лекар за да на крајот, во меѓународниот суд изведува бесмислена правно-глобалистичка претстава. Оној кој оваа реалност едноставно ќе ја преслика на филмското платно, ќе направи лош филм, но оној кој ќе се обиде да загребе под површината на оваа животна приказна, можеби и може да направи нешто интересно. На Караџиќ, да речеме, може да гледате како прототип за голем измамник, што всушност важи и за сите други актери во тн. југословенска криза. Се разликуваат само по бројот на мртвите и ожалостени, кои останаа зад нивната измамничка политика. Историјата на Балканот би можела да се напише како прикаска за магионичари и илузионисти, кои со една рака вадат зајак од шеширот, а со другата, така маѓепсани, ве водат во амбис.

Начинот на кој функционира тој механизам на измама – тоа е вистинската тема за дијалог. Наместо тоа, читаме како познатиот писател кажува за Сребреница тоа што кажува, некој ја крши бистата на Караџиќ, некој организира насилни демонстрации за поддршка на хашкиот обвинет, а богами не ретко читам како Караџиќ бил само еден патриот, кој го брани својот народ.

Шампион во соѕвездието на теми за кои „Србија разговара" е секако, влезот во Европа. Тоа е можеби и најкреативниот дијалог што се води во Србија, иако благодарение на притисоците од Европа, но и тој има едно јасно ограничување. Се вели: „Да, ние сакаме во Европа, но со нашиот идентитет и култура". На прв поглед, тоа звучи многу логично и убедливо, па не е чудно што дури и претседателот на државата го изјавува истото. Тука значи, нема веќе дијалог, а се чини дека тоа баш би можело да биде идеална прилика да се разбијат некои закоравени шеми на размислување.

Добро, можам да претпоставам дека претседателот малку старински се изразил, веројатно за да биде сигурен дека сите ќе го разберат. Претпоставувам дека мислел на тоа дека во Европа ќе ја внесеме нашата креативност, нашиот талент, нашето слободно размислување и слободна волја, или барем се надевам дека мислел на тоа. Јас лично, помалку се плашам од инсистирањата на културниот идентитет, тоа ме асоцира на некаква колективистичка, фиксирана измислица. Идентитетот може да биде само индивидуален, а културата не е нешто непроменливо, кое некаде го давате како дар или чеиз, или пак што се чува во витрина. Не постои ни чисто наш, ни француски, ни европски идентитет, туку ние тоа го правиме со нашата индивидуалност, а културате е постојано во интеракција и промена. Така било до сега и така ќе биде откако ќе влеземе во Европа. Тие и понатаму ќе земаат по малку од нас, ние можеби повеќе од нив и нештата нема да бидат како претходно. И така било од секогаш и не треба да се плашиме дека некој ќе ги ни земе гуслите и трубите. Сепак, изјавата на претседателот ја толкувам пред сé, како некаков вид на седатив за вулгарните патриоти и националисти, кои ги има многу и помеѓу, како што би го нарекле – финиот свет – но потоа, би требало да следи малку поодлучна демистификација на мноштвото популистички клишеа и предрасуди, кои како тег не одвлекуваат подалеку од Европа. И секако, вистински дијалог за патот на Србија кон Европа и за причините зошто тоа трае толку долго.

Сепак, од сите работи кои го регулираат пазарот на дијалог во Србија, една е посебно важна и би рекол, пресудна. Србија како и секоја друга земја може да избира дали ќе биде досадна и склеротична земја, во која сé стои во место, во која владее провинцијалски дух и во која медиокритетот е единствена „движечка сила", или ќе биде интересна земја, жива земја која на своите граѓани им овозможува креативност, разновидност, мобилност... Се плашам дека моментално во Србија, провинцијализмот и медиокритетот се успешно зацементирани, затоа што на тој начин, навидум најдобро се чува власта или фотелјата во фирма или пак, доминантноста во семејството. Тоа сега веќе ми личи на неизлечива болест од која се зафатени сите општества во кои транзицијата предолго трае и во кои, се формира една политичка класа која сé повеќе се грижи за сопствените интереси, а сé помалку за општото добро. Во природата на таквиот став е на секоја креативност и исклучителност да гледа како на нешто непожелно, кое единствено го расипува воспоставениот режим.

Во такви околности и дијалогот во најдобар случај може да биде цивилизиран и пристоен, но не може да стигне далеку, дури ни до најобично сочувство со самоубиецот на мостот.

# Исо Руси

Исо Руси (1951), Македонија, новинар. Професионалната кариера ја започнува во „Млад Борец“ (1971). Во СФРЈ соработува со „Данас“ – Загреб, „Дело“(саботното издание) и „Телекс“ – Љубљана, „Наша Борба“ – Белград. Бил соработник и колумнист на „Коха“ и „Коха Диторе“ - Приштина. Соработувал во првите сто броја на „Пулс“, и бил уредник во „Фокус“ (1996-2000). Соработувал со мрежите АИМ и IWPR. Објавил опиниони во „Њујорк Тајмс“ (1996 и 2001) и „Вол Стит Џрнал“(2002) . Еден од основачите и главен и одговорен уредник на неделникот на албански „Лоби“ и веб тријазичната веб страница „Прес Он лајн“ (2001 – 2007). Бил координатор за медиуми во ОСИ Македонија (1992 – 1996) и в.д. претседател на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (2007 – јануари 2011). Од 2007 живее во САД.



Исо Руси

# Поглед на Македонија од САД: Не е до зборовите, до луѓето е

Ако политичката култура разбрана како „убедувања, вредности, верувања и стремежи на индивидуите во општеството за нивниот политички систем“ е рамката во која Американците ги изразуваат своите идеолошки и политички погледи, средството со кое тие ја остваруваат својата комуникација би требало да биде културата на дијалог, втемелена на “верувањето: дека луѓето со силни разлики можат да се потпрат едни на други чесно и со почит; дека светите вистини можат отворено и незаштитнички да се истражуваат; дека луѓето можат да се обраќаат едни на други како единствени и комплексни човечки суштества, дека она наизглед неописливото може да се искаже и чуе; дека луѓето можат да бараат длабоко разбирање за повеќекратни и конфликтни мислења и идеи; дека и таму каде што има несогласување и неодобрување, сочувството и разбирањето можат да ја заменат нетрпеливоста и дека со активното слушање и говорењето вистина од нивна перспектива, луѓето можат да ја прошират својата визија за она што може да се стори”.

Политичката култура за Американците е „убедувања, вредности, верувања и стремежи на индивидуите во општеството за нивниот политички систем“ или сет од идеи кои Американците ги споделуваат околу тоа како треба да се води државата

Но, не изгледа секогаш така и во САД, која слови за колевка на демократијата, каде речиси безграничната слобода на говорот е една од светите слободи вградени во општеството во 1791 година во Повелба за правата. Денешните опоненти на слободата на говорот сметаат дека „слободата на говорот е говор на омразата" и се залагаат за отповикување на Првиот амандман на американскиот устав со образложение дека "од 1791 па наваму, чувствата на неброени невини луѓе биле повредени, чувствителноста на милиони била навредена и правото на оние луѓе да не бидат навредувани било игнорирано предолго така што денес дури не претставува право".

Жестината на јазикот на политичката сцена, особено по претседателските избори од 2008 година, е повеќе од видлива. Политичките страсти меѓу опонентите речиси се чувствуваат во воздухот, подвоеноста на политичките опции е доведена до работ на неподносливост, поделеноста (и исклучивоста) на медиумите според блискоста кон едниот или другиот (екстремен) политички пол повеќе од видлива и често на границата на партиска пропаганда, поделеноста на јавните личности според политичките симпатии станува важна и за оценување на професионалниот квалитет ...

Наликува ли сето тоа на веќе виденото кај нас во Македонија?

## 1.

На 8 јануари годинава во својот роден град Тусон, Аризона за време на средбата со своите избирачи, само една недела по почетокот на нејзиниот втор мандат, конгресменката Габриела Гифорд беше погодена со куршум во главата. Шест други лица присутни на средбата го загубија животот (меѓу нив федерален судија, помошник за односи со заедницата во канцаларијата на конгресменката, но и обични луѓе дојдени да ја видат, чујат или прашаат Гифорд), дури тринаесет беа повредени. Бројките ќе беа секако поголеми ако пиштолџијата, младо момче со сериозни психички проблеми, не беше оневозможен од неколкумина храбри луѓе во намерата да го замени празниот шаржер со нов со додатни 31 куршуми.

Конгресменката, иако куршумот влегол и излегол на левата страна од нејзината глава, по некое чудо преживеа и вонредно брзо закрепнува и е на рехабилитација во Хјустон, Тексас.

Трагичниот настан со денови беше прва вест во американските медиуми кои се натпреваруваа кој ќе отпечати или емитува нови информации за манифестациите на психичките проблеми на 22 годишниот Џаред Ли Логнер, за закрепнувањето на Гифорд или пак за храбрите поединци кои на местото на настанот во сета збрка од пиштолските рафали со своите тела ги заштитија најблиските, го совладаа пиштолџијата и пружија прва помош на повредените.

Веднаш по настанот во јавноста излегоа и првите толкувања според кои можеше да се стекне впечаток дека настанот е директен резултат на прегреаните страсти на американската политичка сцена (и начинот како медиумите се справуваат со тоа) на која двете доминантни опции – демократската и републиканската - подолг период се на вжештено спротивставени позиции. За дел од либерално демократските кругови агресивните постапки и особено вокабуларот на сè посилните конзервативци во редовите на републиканците, претставени пред сè преку Ти парти движењето, создаваат „зла крв" и кај обичните луѓе.

Веќе во првите информации за конгресменката Гифорд беше посочена и мапата на САД со мети на местата на изборните единици во кои Ти парти републиканците треба да направат сè да ги победат своите демократски противници. Со една мета

од оваа мапа беше означена и изборната единица на на конгресменката Габриела Гифорд. Мапата инаку беше поставена на еден од сајтовите на Сара Пелин, несудената потпретседателка од републиканскиот пар на претседателските избори 2008, која во меѓувреме стана еден од симболите на новите републикански конзервативни сили. Над мапата стоеше констатацијата „Го дијагностициравме проблемот... Помогнете ни да го препишеме решението", повикот јасен – да се поразат сите 20 демократи на кои им се спротивставија кандидатите на Ти парти, чиј грев е во тоа што гласале за реформата на здравствевното осигурување (хелткер) која републиканците ја нарекуваат „Обамакер" и чие отповикување сега е означено како прва цел на новите републикански конгресмени и сенатори. Конгресменката Гифордс по тој повод во интервју за мрежата ЕмЕсЕнБиСи, говорејќи за реториката на конзервативните републиканци, ќе изјави: „Треба да разбереме дека таа реторика, тоа „палење" на народот... на пример ние сме на листата на цели на Сара Пелин, но начинот на кој тоа е направено, со мета за пукање преку нашиот дистрикт... дека кога луѓето го прават тоа, тие треба да разберат дека има консеквенци од таквата акција...".

На тоа се надоврзаа и слични воинствени примери од емисиите на Глен Бек, радио и ТВ водител, перјаница на најгледаниот њус канал „Фокс њус", Раш Лимбо, радио водител, кои во многу со своето медиумско делување придонесоа за растот на популистичкото Ти парти движење преку нивната жестока критика и повици на акција против политиката на претседателот Обама и демократите. Последниот негов бисер е тврдењето дека воколку не се стави вон сила реформата на здравственото осигурување на админситрацијата на Обама (оптповикувањето мина во Конгресот, но не и во Сенатот каде мнозинството сѐ уште го имаат Демократите), тогаш САД ќе мора да го минат патот кој неодамна го мина Египет - како начин да се руши Обама! Лимбо има и слоган за оваа прилика „Оди во Египет!" .

Бек за македонски прилики најлесно може да се опише како комбинација на она што на ТВ Сител го прави Драган Павловиќ Латас и конспиративните стории на Мирка Велкиновска, иако рака на срце обајцата се „наива" кога Бек е во прашање. Последниве месеци Глен Бек се надмина себе си. Пред две години навистина ги промовираше конзервативните вредности, стана неофицијален идеолог и несебичен промотер на американското „случување на народот" во вид на Ти парти движењето. На врвот на својата гледаност и моќ пред Капитол во Вашингтон на истиот ден во август кога и Мартин Лутер Кинг го одржа својот „Имам сон" говор (совпаѓањето на датумот ќе го обасни како избор на Господ), собра неколку стотини илјади луѓе заигра на картата „половина световен, половина верски" пророк. Во светлото на случувањата во Египет востанието го објасни како оркестрација на марксистите и Муслиманските браќа проповедајќи катаклизма на политичкиот поредок во светот по сценарио на комунистите и муслиманите. Од конкуренцијата, мрежата ЕмЕсЕнБиСи која будно го следи (но и коментира), секој негов излет, помалку злобно ќе порачаат во вид на прашање: Глен ја губи гледаноста, но го губи ли и разумот?

Од аспект на (пре)јакиот политички јазик, Сара Пелин (во нејзиниот стил, преку Твитер, веднаш го осуди настанот во Тусон и посака побрзо закрепнување на Гифорд) во обид да ја објасни мапата на нејзинот сајт направи нов гаф употребувајќи во своето интервју за „Фокс њус" терминот „блад лејбел" кој во историјата е употребуван за лажните, со векови стари обвинувања дека Евреите во своите ритуали користат крв на христијански деца како оправдување за нивниот прогон.

Иако поддршката на Сара Пелин и на Ти парти движењето им донесе победа на многу републикански кандидати и со сигурност беше една од причините поради

кои демократите го загубија мнозинството во Конгресот, во случајот на Гифорд, нејзиниот републикански конкурент, поранешен маринец кој повикуваше на изборна победа споменувајќи го и своето лично оружје пушката М16, не се офајди. Гифорд, и самата поранешна републиканка која сега себе си се смета за „блу дог"(умерен) демократ, сепак победи.

Само неколку денови пред настанот конгресменката Гифорд зеде учество во првата точка на дневниот ред на новиот состав, наметната од новото републиканско мнозинство – јавното читање на Уставот на САД од самите членови на Конгресот! Иронијата да биде поголема, на Гифорд  падна да го прочита Првиот амандман кој говори за заштитата на слободата на говорот, печатот и изразувањето. Имено, првиот од десетте амандмани на американскиот Устав, познати и како „Повелба за правата", ратификувани од конгресот на САД на 15 декември 1791 година, е едно од светите места на американската демократија. Американците, како ретко кој во светот, уживаат речиси безгранична слобода на говорот. Иако, по 2001 година постоеа обиди за ставање некакви построги рамки. Така „Патриорскиот акт" донесен по 11 септември 2001 како дел од борбата против терооризмот донесе и некои рестрикции на уживаните слободи – прислушкување на телефони, електронска комуникација, увид во разни деловни и финансиски активности, но и здравствени досијеа и сл., меѓу другото во одделни случаи ја отежнуваше работата на медиумите, на пример обрзуваше новинари да го откријат изворот за она што го пишуваат. Но, ваквите обиди имаа краток здив (деновиве новиот Конгрес најнапред не гласаше за продолжување на важењето на одделни сегменти на овој контраверзен закон за потоа едвај да го добие двотретинското мнозинство кое републиканците сами го имаат за само 10 месеци продолжување).

Претседателот Обама од самиот почеток од страна на лутите републикански опоненти е дочекан на нож. Годишните обраќањата на американскиот претседател пред конгресмените и сенаторите по правило се настан кој е почитуван од целиот политички спектар застапен во Конгресот. Барак Обама доживеа во своето прво годишно обраќање (февруари 2009), неполн месец по инагурацијата, републиканскиот конгресмен од Јужна Каролина, Џо Вилсон да го искоментира со извик „Вие лажете!". Водителите како Бек, Лимбо, ТВ каналите како "Фокс њус", го прогласуваат за социјалист поради наводното спроведување на редиструбиција на богатсвото во САД, тврдат дека Обама од САД сака да направи социјалистичка држава по теркот на некои европски (при што редовно не се прави разлика меѓу социјалдемократите и социјалистите), дека неговата администрација - прекумерно голема – троши многу средства и ќе ја банкротира САД, дека со своите квазиреформи на здравственото осигурување ќе ја уништи државата, даваа „гласност" на тврдењата дека не е роден на американско тло и како таков е нелегално избран претседател (според Уставот претседателот треба да биде роден во САД). Ваквите барања не се баш наивни, така во државата Монтана по предлог на тамошен републикански конгресмен ќе се разгледува можноста за специјален закон со кој ќе се проверува дали претседателските кандидати се навистина родени во САД, иако тоа е де факто противуставно и, бидејќи не е делокруг на државите туку на федерацијата која за тоа и издава документ. Плус, предлагачот на овој закон кој ако се усвои би важел само во оваа држава, смета дека за американски државјанин треба да се смета секое новородено дете на тлото на САД со родители кои имаат статус на државјани на САД. Предлагачот го анулира автоматизмот на стекнување американско државјанство со чинот на раѓање на американско тло, воспоставен со 14от амандман на Уставот на САД. И не е чудно што како директен резултат на ширењето на невистината дека Обама не е роден на американско тло, процентот на оние кои сметаат дека сега имаат странец за претседател се качува и до 41 процент.

Воопшто не се ретки Американците кои тврдат дека верата на Обама е исламот. Процентот на оние за кои Обама е муслиман варира, но по правило е довоцифрен. Неодамна на една фокус група гледачи од Ајова на каналот „Фокс њус“ речиси половина од дваесетина анкетирани во група се изјаснија дека веруваат дека Обама е муслиман. Во политичката емисија на каналот ЕнБиСи “Сретни се со печатот“ водителот Дејвид Грегори во интервју со новиот спикер на Конгресот Џон Беинер праша зошто републиканското водство молчи и придонесува да се создаваат стереотипи за верата на претседателот на САД. Спикерот Беинер едноставно одговори дека не е негова работа да им кажува на Аериканците што да мислат. Откако водителот му посочи иронична изјава на републикански конгресмен дека тој има вистински извод од матичната книга на родени (алузија дека Обама го нема) Беинер одговори дека конгресменот веројатно сакал да биде духовит.

Медиумите, новинарите и аналитичарите критички настроени кон администрацијата на Обама, не ретко од сосема јасни причини редовно со неговото име и презиме го нагласуваат неговото средно име (Хусеин). Од појавата и јакнењето на движењето Ти парти на нивните собири ширум САД по правило се носеа транспаренти со кои Обама не само што се исмејува, туку и се прикажува како Хитлер...

Најновиот пример се карикатурите на кои Мишел Обама, претставена како дебела жена со куп хамбургери пред себе му соопштува на својот сопруг Барак дека се откажува од својата намера да ги убедува ресторантите да ги смалат порциите со масна храна, а овој пак нацртан со големи магарешки уши, ја предупредува дека му следи реизбор и дека затоа може да изгуби гласови. Финалето е репликата на Мишел: Замолчи и додај ја сланината! Водителот на прајм-тајм програмата „Последниот збор“ на ЕмЕсЕмБиСи Лоренс О’Доналд ги означи карикатурите крајно навредливи и расистички, повикувајќи ја јавноста, но и родителите и пријателите на авторите на карикатурата да реагираат на навредите упатени на сметка на „најомилената американско-афиканска жена на светот“. На конзервативниот сајт каде што карикатурите се објавени, коментарите на посетителите најчесто се крајно позитивни или избришани од страна на администраторот на сајтот – може да се претпостави каков речник е употребуван.

Сепак, кога јазикот и стилот на политичката комуникација се во прашање, новиот состав на американскиот Конгрес ќе биде интересен заради извесниот придонес на фрешмените од редовите на конзервативниот блок, кои и на предизборието му дадоа белег на остар, директен, провокативен политички говор. Нивните заложби за кастрење на торшоците заради намалување на рекордниот американски државен дефицит во светлото на дебатата за кратење на буџетот е речиси бескрајно поле за јазички излети на избраниците на народот чие мото е дека Американците порачале што мислат („народот кажа“, „пораката на народот...“) на изборите за членови на Конгресот и Сенатот во ноември 2010. И се рабира одличен материјал за медиумите блиски до демократите за коментари за интелектуалното ниво на видните луѓе на Ти парти.

Трагичниот настан во Тусон затоа пак не доведе до јакнење или создавање на критична маса за прецизирање или рестрикција во примената на Вториот амандман на Уставот на САД - правото да се поседува и носи оружје, уште едно свето место во американското поимање на слободите. Замислен како право во поглед на личната сигурност и одбрана на имотот и во поново време често е претворен во апсурд според нашите европски погледи (ова право се користи да се купуваат моќни автоматски пушки и како во случајов од Тусон купување на авоматски пиштол со зголемен шаржер за 31 куршум од лице кое очигледно подолго време имало психички проблеми, заради кои е и избркан од колеџ). По

настанот во Тусон, јавноста беше информирана дека Конгресот, најверојатно поради страв од неповолни реакции во јавноста, по ланските ноемвриски избори очигледно поблиска до конзервативците кои по правило го обожаваат Вториот амандман на американскиот устав, не го продлжил важењето на закон кој во претходните 10 години колку толку пропишуваше построги процедури за набавка на одделни типови лично вооружување.

Као и да е американската јавност сепак многу бргу се дистанцира од обидите настанот во Тусон да се обои како последица од прејакиот политички говор пред сè од новата јакнечка конзервативна струја во републиканските редови. Посредно доведе до расправа за квалитетот на јазикот употребуван во политичката комуникација. Во Конгресот на САД се јавија многу трезвени гласови кои повикаа на претпазлива употреба на говорот во јавноста и напуштање на забревтаната радикализација на јазикот во јавните обраќања.

Но, и тоа не траеше долго. Во расправата во Конгресот за отповикување на реформите на здравствебото осигурување на кои админстрацијата на Обама ја потроши речи си целата прва година од доаѓањето на власт демократскиот конгресмен од Тенеси Стив Коен коментирајќи ги квалификацииите на републиканските колеги ќе ги употреби и следниве зборови: "Велат дека тоа е преземање на здравственото осигурување од страна на Владата, тоа е голема лага, исто како Гебелс. Го кажуваш доволно, ја повторуваш лагата, и евентуално, народот ќе поверува“. Поголем дел од републиканците, но и јавноста, медиумите во зборовите на демократот виде споредување на републиканците со нацистите. Малку ефект имаа додатните објаснување на Коен дека Гебелс е познат по својата политичка пропаганда, наверојатно една од најефикасните според која постојаното повторување на лагата доведува до тоа народот да поверува во неа.

Коен беше дочекан на нож и од либералните програми, каков што е „Дневното шоу“ на Џон Стјуарт . Ова шоу на каналот Комеди Сентрал, иако хумористично, години со ред е добитник на наградата „Еми“ како најдобро ток шоу во САД. Во нему познатиот немилосреден ироничен стил, Стјуарт ја исмеа незграпната споредба на конгресменот Коен на однесувањето на републиканците во однос на реформите на здравственото осигурување на администрацијата на Обама со пропагандата на Гебелс. И сè ќе останеше на тоа да не се вмеша и една водителка на „Фокс њус“ која во својата програма тврдеше дека на Фокс вакви споредби не се употребени и во жарот на најжестоките несогласувања со демократите. Стјурат во следната своја емисија емитуваше еден куп снимки од „Фокс њус“ во кои либерални и демократски политичари и медиуми во различни поводи се споредувани со, или нарекувани, нацисти. Примерите ги опфатија речиси сите водители на програми на Фокс, па и самата водителка која таква споредба имала и на својата програма.

Овој кабелски ТВ  канал, кој во последната година го презеде приматот меѓу таканаречените њус канали, оставајќи ги зад себе кабелските канали СиЕнЕн и ЕмЕсЕнБиСи. Растот на гледаноста се совпадна со појавата и растот на конзервативното движење во вид на Ти парти и во редовите на самите републиканци. Можеби е поточно да се каже дека „Фокс њус“, како и одделни „ток радија“ како програмата на Раш Лимбо, од една страна, како еден вид идеолози (за таков се смета Глен Бек) го поттикнаа растот на конзервативците во Републиканската партија и оние поекстремните конзервативци во Ти парти движењето, од друга делуваат како нивни гласоговорници. И не случајно меѓу ексклузивните соработници на овој канал се Сара Пелин (републикански кандидат за потпретседател на изборите 2008), Мајк Хокаби (еден од оние кои во 2008 се бореа за републиканска номинација за претседателски кандидат), Нут Гингрич (републикански спикер на Конгресот од 1995-99), Карл Роув (заменик шеф

на стафот на Џорџ Буш до 1997)... сите на еден или друг начин споменувани како потенцијални учесници во трката за републикански кандидат на претседателските избори 2012.

Неодамна, веднаш по „Супер болот", дербито на американскиот професионален фудбал, по некоја непишана традиција, и претседателот Обама даде интервју за мрежата која го вршеше преносот од дербито, во овој случај Фокс. Интервјуер беше Бил О'Рајли, веројатно најценетиот водител на политички програм на „Фокс Њус". Обама во „О'Рајли Фактор" е речиси редовна мета, секој негов чекор по правило е крајно критички ценет, мотото на сите поркаи за Обама е или неговата социјалистичка политичка ориентација или неговата некомпетентност. Затоа беше интересно да се види првото интервју на жестокиот критичар со објектот на неговите критики. На крајот ништо од интересно интервју, сè се сведе на поставувањето прашања од страна на О'Рајли и прекинувањето на одговорот на претседателот во сред реченица. Конкурентската, и со спротивна политичка ориентација блиска до либералните демократи, ЕмЕсЕнБиСи, изброи 72 прекинувања на одговорите на Обама без можност да ја заврши мислата од страна на О'Рајли, или прекин на секои 19 секунди во просек!

Во обидот да го оправда, според мнозинството коментари неуспешното интервју, Бил О'Рајли се огласи со пишувана колумна. „Буш, Обама споделуваат верба во себе" тврди во насловот О'Рајли врз основа на импресиите од неодамнешните разговори со двајцата претседатели. Пораката е дека „претседателите Буш и Обама имаат една нападна сличност: сигурноста во себе": Буш во тврдењето дека „војната во Ирак која ја чини Америка 750 милијарди долари... досега 4400 Американци се убиени во таа земја, приближно 32 000 ранети... Буш сè уште мисли дека големите жртви се вредни бидејќи Садам Хусеин е мртов и Ирак е на патот за демократија. Нема аргумент на светов кој може да го разубеди Буш во неговото верување". „Слично е и со Обама. Тој искрено верува дека земјата беше на ивицата до нова Голема Депресија кога тој дојде на власт и дека големите федерални трошења кои тој шампионски ги водеше ја спречија катастрофата. Повторно, нема начин било кој да го убеди претседателот во спротивното." – пишува О'Рајли.

Она што О'Рајли им го припишува на Буш помладиот и Обама (самоувереноста) де факто важи за самиот него. Во деновите по интервјуто со претседателот на САД Бил О'Рајли се дообјаснува што му била намерата. Така во еден од „факторите" што следеа во разговор со еден од неговите гости тврдеше дека претседателот Обама не сакал да го дефинира Муслиманското Братство и неговата улога во настаните во Египет и дека тоа „бегање" личи на работите што ги емитува ЕмЕсЕнБиСи и дека сето тоа е едноставно „анти-американизам"! ЕмЕсЕнБиСи во оваа прилика само ќе констатира дека О'Рајли е „познат по тоа што фикционализира/измислува работи".

Последната епизода на „Сатрдеј Најт Лајф", познатотот хумористично шоу, кое имаше брилијантни епизоди за време на предизборната кампања за претседателските избори 2008 (карикирајќи ги немилосрдно сите политичари вмешани во изборната трка: Сара Пелин, Хилари Клинтон, Џон МекКеин, Барак Обама, Џо Бајдн...) направи своја верзија на интервјуто на О'Рајли со Обама, во која новинарот најблаго речено беше претставен како крајно самоуверен незнајко кој меѓу другото упорно тврди дека Гадафи е претседател на Авганистан и не ги „купува" исправките на Обама, поставува прашање, веднаш го прекинува соговорникот не дозволувајќи му да каже ниту збор, водејќи практично монолог, но затоа јасно искажувајќи дека иако не знае дали е точно тоа што тој го одговора, тој тоа не го „купува".

Но, и другата страна не е подобра. Кабелската ЕмЕсЕнБиСи има јасно либерално демократски позииции и е немилосрдна и лево и десно од нејзината преферирана политичка позиција. Сѐ разбира растечките конзервативци, Ти парти и републиканците се приоритена мета, но не поминуваат подобро, според нив, и компромисите со републиканските позиции на претседателот Обама.

Едно од престижните имиња на ЕмЕсЕнБиСи е Крис Метју кој да речеме не се либи конгресменката Мишел Бакман да ја нарекува „балунхед" (буквално балон-глава, преносно очигледно празноглава). Конгресменката е инаку на чело на (новиот) Ти парти кокус во Конгресот (нешто како парламентарна група кај нас), која на традиционалниот опозиционен одговор, во случајов репобликански, на годишното обраќање на Обама додаде и одговор на Ти парти кокусот (и покрај тоа што Ти парти е формално дел од републиканците во Конгресот бидејќи едноставно е движење, а не партија). Бакман во последно време и не крие дека има амбиции да се кандидира за претседател на изборите 2012, со ограда дека сериозно ќе размисли за тоа во случај Сара Пелин да не се појави на изборите. Конгресменката, рака на срце, често е на мета заради речи си неверојатните твдења, како она дека еден ден од посетата на претседателот Обама на Индија чини 200 милиони долари! И заради своите јавни настапи да речеме беше наградена место во „Дикипедијата" (почеста да се биде на овој сајт е да се биде глуп како пенис!). „Енциклопедијата" инаку е производ на Хафингтон Пост Комеди, дел од познатиот демократско либерален сајт Хафингтон Пост кој неодамна беше купен за 350 милиони долари од интернет гигантот Америка Он Лајн.

Дневните програми на спомeнатиот Џон Стјуарт и неговиот колега од Комеди Сентрал Стивен Колбер („Колбер Рипорт") својот висок рејтинг буквално го имаат благодарејќи им на глупостите на дневната политика и колегите од типот на Фокс њус гарнитурата (Бек, О'Рајли, Ханити и останатите). Притоа, дури не треба да се потенцира, дека најчесто, со должното почитување, се прикажани како неверојатно глупи.

## 2.

Би можеле, на долго и на широко, да посочуваме нови и нови примери, кои буквално ги има секој божји ден на американската политичка сцена и во американските медиуми. И притоа, по правило, и би рекле по законите на пазарот (нешто треба да биде „сочно" за да го привлече вниманието), работите се жестоки, и според употребените зборови и според стилот.

Наједноставно пишана политичата култура за Американците е „убедувања, вредности, верувања и стремежи на индивидуите во општеството за нивниот политички систем" или сет од идеи кои Американците ги споделуваат околу тоа како треба да се води државата. Притоа вредности се споделените идеи за тоа што е добро, верувањата се споделени идеи за тоа што е вистина. Верувањето често се основата на вредностите, така верувањето дека правото на живот, слобода, имот се свети, им дава на овие категории статус на вредности во американската политичка култура. Субкултурите исто така постојат и се базирани на различните религии, раси, етнички идентитети, понекогаш содржејќи поинакви, дури и спротивставени вредности.

Историски гледано, републиканизмот (на почетокот разбран како спротивставување преку заложбите за еднакви права за сите наспроти она што се сметало девијантно кај племството и ројалистичкото уредување – корупцијата, луксузниот стил на живеење на аристократијата) заедно со класичниот либерализам, долго се доминантна американска идеологија и ќе ги најдете во

нивните темелни документи од Декларацијата на независноста (1776), преку Уставот (1787), Федералните документи, година подоцна, до Повелбата за правата (1791).

Од нив произлегуваат темелните принципи за граѓанските должности (потребата да се разбере и поддржи водењето на државата, да се учествува на изборите, да се плаќаат даноците, да се служи војска...), активно да се спротивставува на обидите на политичка корупција, да се практикува демократијата (при што владата им одговара на граѓаните, кои со изборите можат да ги менуваат своите претставници), еднаквоста пред законот (и особено дека и владините службеници се еднакви пред законот со обичните граѓани), верските слободи (владата ниту поддржува, ниту потценува религии), слободата на говорот (власта не може да го ограничи со закон или дејствување ненасилниот говор на граѓаните)... Од самиот почеток економијата е вон досегот на владата, државата воглавно зависна од приватните или локални иницијативи. Оваа своевидна „лесе-фер" економска политика повторно зајакнува и речиси доминрира во втората половина на седумдесетите и првата половина на осумдесетите години на минатиот век.

Во денешни времиња, особено овие кризни години за САД, односот на државата кон економијата (и се разбира она што од тоа произлегува како висината на даноците, големината на администрацијата, големината на буџетите...) е една од темите на спротивстваување на модерниот американски либерализам и модерниот американски конзервативизам главно претставени преку демократската и републиканската партија. Затоа често ќе наидете на дефинициите според кои американските конзервативци се спротивставуваат на значителната улога на државата во економијата, но и за зајакнување на социјалните норми преку државата, додека либералите веруваат во силата на државата во зајакнувањето на економијата и се потолерантни за различностите на социјалните норми.

На ниво на САД, треба да се спомене и тоа како дел од развитокот на американската политичка култура, пред Втората светска војна Соединетите држави воглавно го почитувале принципот на неинтервенција во надворешната политика, за да со добивање на статусот на суперсила, речиси комплетно го напушти.

И овде важат цивилизациските придобивки за нивото на кое се расправа за разликите во политичките дебати. Културата на дијалогот се негува, таа е втемелена на верувањето дека луѓето колку и да се разликуваат треба да се почитуваат и ценат кога разговааат за разликите во сфаќањето на работите. Притоа, толеранцијата се темели на верувањето дека нема такви свети вистини за кои не може отворено, без чувство дека се загрозуваат со тоа што се преиспитуваат одново да бидат разгледани од секој агол, секој про и контра аргумент за нив да се преиспита. Нема таква светост која ќе сопре дури и она што се смета неописливо да се искаже и да се чуе. Луѓето комуницираат меѓусебно како единствени разумни живи суштества на светов, свесни за комплексноста на нивната природа и погледи. Луѓето можат да бараат длабоко разбирање за повеќекратни и конфликтни мислења и идеи врз основа на верувањето дека и таму каде што има несогласување и неодобрување, сочувството и разбирањето можат да ја заменат нетрпеливоста и дека со активното слушање и со говорењето вистина секој од своја перспектива луѓето можат да ја прошират својата визија за она што може да се стори средината во која се живее и светот да бидат подобри места.

Секако оваа култура на дијалог не се манифестира само со неконфликтни ситуации, низ мирни интелектуални расправи својствени за мислечките луѓе убедени во силата на аргументите кои ги употребуваат. Страста, силните, понекогаш убиствени, зборови не се воопшто реткост, туку би рекле се правило,

поради суровата реалност да се сврти вниманието на јавноста за предметот на расправата или оценката. Цинизмот, иронијата, исмејувањето не се воопшто реткост, затоа, меѓу другото, ТВ ток шоуата се меѓу најгледаните додека Џеј Лено, Дејвид Летерман, Конан О'Браен се вистински ѕвезди.

## 3.

За каква политичка култура, за каква артикулација на поличтиките интереси на населението за споредба можеме да говориме во Македонија во која за дваесетина години независност не е направен ниту првиот чекор. Сè уште имаме етнички чисти политички партии социјално неетаблирани и политички програми во вид на идеолошки декор кои ни од далеку не се израз на социјалните интереси на нивното членство. Напротив, сè се сведува на политичко натпреварување разбрано како мангупско дневно надмудрување според максимата „целта ги оправдува средствата" при што сè е (политички) дозволено и единствено што е важно е да се дојде до каква, таква власт.

А можен ли е било каков, не само политички дијалог во државата што дваесетина години, кобајаги ја градиме?

А власта подразбира целосна партизација на сите институции во државата, контрола на економските токови, подведување на бизнисот под свое, концентрација на сета моќ во рацете на партиското раководство, разбрано како лидерот и најтесниот круг на нему доверливи луѓе – „фамилијата", понекогаш и буквално - семејството.

Владата е власт над сè. Затоа, Собранието наместо да биде законодавна власт која ја контролира владата како извршна власт, ќе биде беспоговорна гласачка машина заверувач на владините (читај партиско лидерски) желби. Министерствата и министрите форма на остварување на контрола на секој сегмент во државата, Министерството за внатрешни работи ударна тупаница на партијата (читај лидерот и неговите) на власт. Концептот не трпи никакво доближување на власта до граѓаните, затоа и децентрализацијата, јакнењето на локалната самоуправа повеќе не се ниту декларативни заложби.

Кон надвор, што поизолирани, што подалеку од секаков вид интеграција во глобалниот свет – тоа подобро.

Таквиот концепт неминовно бара и подведување под контрола на истиот центар на политичка моќ и на првосудството и на медимите, и на цивилниот сектор, дури и сите нивоа на образованието, за и тие да станат алатки во остварувањето на апсолутна власт и моќ, но и форма на плаќање на (партиски) заслужните.

Изборите, де факто не менуваат ништо, стануваат речиси излишни, освен како можност евентуално да се сменат протагонисти, лажно нашминкани како политички опоненти, но со идентични политички цели.

Во ваквиот политички амбиент залогот се разбира дека е голем, бидејќи ако сте на страната на победниците имате сè од што буквално ви зависи квалитетот на живеачката. Ако сте меѓу поразените ќе треба да го издржите мракот до некоја изборна прилика вие да го јавнете коњот на власта. Со големиот залог доаѓа и големата страст.

Ваквите политички правила наметнуваат толеранција кон своите, кон истомислениците. Секој надвор од кругот е непомирлив непријател, според правило „не си со нас, против нас си". Воинствените антагонизми се нормална последица во ваков амбиент.

Искршените стакленца во ваквиот калеидоскоп ја прават за кругот на своите прифатлива дефиницијата дека „антисемитист е личност која ги мрази Евреите повеќе од потребното". Авторите на ваквата дефиниција во универзитетски учебник за политички теории за идни правници и политичари во ниту еден случај нема да заминат од политичката сцена, ниту ќе бидат осудени за нивниот антисемитизам, ниту пак како професори ќе бидат прогласени како дилетанти, бидејќи се наш партиски претседател на државата, луѓе од Академијата блиски до нашата политика.

И што е тогаш чудно, ако оние кои мислат дека сета власт и моќ е нивна и дека сè е под нивна контрола, размислуваат и вака:

Во духовното преобразување на општетвото според конзервативните вредности, разбрани онака како ние од власта ги разбираме, ќе воспоставуваме наша хиерархија на вредности. Ќе сториме сè да докажеме дека имаме милениумски корени, дека сме библиска категорија. Државата тоа сме ние, во знак на благодарност кон религијата која не сочува низ вековите, ќе градиме сакрални објекти. А Црквата за возврат ќе ни го менува Уставот за да не ја покажеме нашата хомофобичност.

Во време кога развиениот свет говори за пропаѓање на концептот на мултиетничност, зошто ние да го негуваме нашиот. Подобро е да живееме еден покрај друг одошто заедно.

Зошто да се возбудуваме за инциденти кои ги палат меѓуетничките страсти, особено ако од нив имаме дневно политичка полза.

Подобро е ние да го контролираме својот, тие нивниот народ.

И дозволено е нивниот лидер, наш партнер да ја има бескрајната верност на својот заменик министер за внатрешни работи, кога ние ја имаме бескрајната верност на нашата министерка за внатрешни работи. Дозволено е заедно да носиме одлука да се гради објект, кој можеби ќе испровоцира тензии на и онака етнички поделеното население, а потоа одделно секој да тера по својот пат – едните граѓански, невладино да се организираме во протести против градбата на објектот, другите во негова заштита заради парите на државата вложени во него. И покрај сè, коалицијата да ни е стабилна и долговечна.

Во вакви околности кој е поблиску до нашата грда реалност: оние кои во јавноста, на социјалните медиуми го користат јазикот на омразата или оние кои лажно се загрижени за неговата употреба на Фејсбук бидејќи не само што ја толерираат, туку ја стимуилираат во сите сегменти на македонското општество?

Ако по инцидентот на скопското Кале Фејсбук се користи за меѓуетничка војна со зборови, ќе помогне ли забраната на неговото користење во Македонија да не се вратиме на лизгавиот терен на меѓуетнички судири?. Министертвото за внатрешни работи кое тоа го бара постапува како владата на Мубарак чиј почеток на падот го означи токму моќта на социјалните медиуми. Се плаши ли МВР од социјалните мрежи или од пресилните зборови кои на други места ги толерира?

Имам впечаток дека сепак не е до зборовите, до нашите луѓе е.

## Дејвид Бруер

Дејвид Бруер, Велика Британија, советник за медиумска стратегија и директор на Media Ideas International Ltd (http://www.mediaideas.co.uk/).
Неговото новинарско искуство се протега на весници, радио, ТВ и онлајн медиуми. Одговорен уредник е на BBC News Online in 1997, а во 2000 се сели во CNN за да ги воспостави CNN.com EMEA и CNNArabic.com, а беше и urednički консултант за Al Jazeera English во 2006. Дејвид работи со бројни организации за развој на медиуми во Азија, ЈИ Европа, Блискиот Исток, Африка, земјите на Комонвелтот и Централна Америка.
Дејвид ја основа Media Helping Media (http://www.mediahelpingmedia.org) со цел да ги поддржи медиумите во транзициски и пост-конфликтни земји и подрачја каде што слободата на изразување е под закана. Тој минува многу од своето време работејќи во Африка, Азија, Балканот, земјите на Комонвелтот и Блискиот Исток.



Дејвид Бруер

# За здраво општество се потребни медиуми слободни од влијание

Политичарите донесуваат одлуки и дејствуваат во име на народот. Улогата на новинарот е да ги испита тие одлуки (и извршниот орган што ги спроведува) и да известува за импликациите во име на народот.Медиумскиот/политичкиот екосистем е систем на проверки и преиспитување, вистина и лага, измама и јавно обзнанување.

Човечките слабости дополнително ги комплицираат работите. Тие можат да се движат од едноставен недостиг на новинарски професионализам на една страна, до правење компромиси, соработка и политички мотивирани маневри на другата.

> Врската меѓу медиумите и политичарите може да има значителен ефект врз функционирањето на фер и праведно општество

Сите овие елементи создаваат комплексна претстава, чиј редослед може да води до зголемување на транспарентноста и одговорноста во еден, или да резултира со манипулација и корупција, во друг случај. Кохабитацијата меѓу медиумите и политиката е едноставна и директна само во ретки случаи.

## НОВИНАРСКИ ТИПОВИ

Моето искуство во работењето со политичари доаѓа од периодот на работа како новинар и уредник за политички теми и, во поскоро време, од мојата работа како консултант за медиумска стратегија, работејќи во земји во транзиција и во пост-конфликтни периоди.

Во овој труд, подготвен за македонскиот Цивил - Центар за слобода, ќе зборувам за обете. Во секој случај, мојата перспектива е онаа на новинар, а не политичар. Труд напишан од политичар, најверојатно би бил целосно различен во својот фокус и заклучоци.

**Ловец:** Неуморно ги следи политичарите. Следи секаква трага. Овој новинар никогаш не се предава додека не го освои својот плен. Тие имаат водечка сила и нема да им поверуваат на политичарите, дури и кога тие ја кажуваат вистината. На Ловецот често може да му недостига објективност и широк поглед. Нивниот придонес за изострување на сфаќањето на јавноста е под знак прашање.

**Активист:** Посветен на својата кауза, ќе се бори со секој политичар што е против неа и ќе го поддржи оној што се согласува со истата. Овој новинар може да биде воден од едноумие и да биде ограничен само во една димензија. За нив е тешко да се најде рамнотежа, бидејќи е тешко да ја проценат различната перспектива или затоа што сфатиле дека ако понудат рамнотежа, концептот на приказната што сакаат да ја остварат, може да биде ослабнат. Активистот ужива да биде гледан како маченик и често ризикува тој да се претвори во приказната, наместо да ја води и покрива.

**Пријател:** Станува близок пријател со политичарите и ретко ја доведува нивната позиција во прашање, често заземајќи свое гледиште дека политичарот е во право, и покрај доказите за спротивното. Овој новинар ќе му прави услуги на политичарот, но ќе има граници – најчесто кога ќе помисли дека ќе биде разоткриен. Како и да е, секогаш ќе биде подготвен да подаде рака ако е потребно, доколку цени дека покривањето на приказната може да биде корисна за него и политичарот. Новинарот пријател се движи како што дува ветрот и е лесен за манипулирање.

**Поседуван:** Тој е во сопственост на политичарот, преку зависности воспоставени со компромис и преголема зближеност. Најверојатно го изгубил својот новинарски интегритет во раниот развој. Најверојатно ќе објави било што по желба на политичарот, без да поставува прашања. Овој новинар е само малку повеќе од неплатен член на тимот за односи со јавноста на истиот политичар. Тој ужива во расфрлање со имиња на познати и блискост со влијателните.

**Член на партија:** Прави сé за да ја прикрие својата пристрасност, но сепак ја покажува во својот тон, избор на приказни и неговата способност (или неспособност) да го постави вистинското прашање. Овој новинар ќе потроши многу време во оцрнување на политичките ставови на оние со кои не се согласува. Најчесто ќе го препознаете по неговиот ентузијазам за приказна која други, помалку компромитирани новинари, воопшто не гледаат дека постои. Тој ќе го брани таквиот избор наспроти секакви логички размислувања.

**Лежерен:** Јас ќе ти го почешам грбот, ти мојот. Зошто да се караме кога двајцата може да живееме удобно и профитабилно? Кој да знае? Овој новинар ја гледа својата работа како должност од 9 до 5, што служи само на целта за негова егзистенција. Вообичаено ужива во добро вино и храна. На располагање е за „афера“ на сите партии. Тој на ова гледа како фер, непристрасно и независно поставување.

**Вистински новинар:** Слободен од партиски врски, има интегритет и не може да биде купен, има страст за информирање на јавноста, ја бара вистината, праведно и фер известува и вклопува повеќе перспективи, дури и кога истите можат да го ослабнат концептот на приказната. Спремен е да истражува сѐ што му е драго. Никого не гледа надвор од границите на критицизмот и е реален по прашањето на човечката природа. Вистинскиот новинар ја бара вистината.

## УЛОГАТА НА НОВИНАРОТ

Во демократско уредување, улогата на новинарот треба да биде тој да ја информира јавноста и да ја води јавната расправа на начин кој на публиката ќе ѝ дозволи да направи едуциран избор. Улогата на политичарите е да ги застапуваат оние кои ги избрале и да се осигураат дека грижите на тоа избирачко тело се слушнати, разгледани и каде е возможно, се реагирало по прашањата.

Во таков политички систем, новинарот би требало да дејствува во име на јавноста, за да се осигури дека политичарите си ја вршат својата работа. Тој би требало да ги истражува и покрива темите кои најмногу ги засегаат читателите и слушателите. Правејќи го тоа, би требало да вклучи разнолични гласови и политички мислења, со цел да го понуди најбогатото и најкомплетно можно покривање. Доколку го постигне тоа има поголеми шанси да понуди новинарство кое го поттикнува разбирањето и охрабрува дијалог и дебата.

За некои таа улога, понекогашословувана како „четвртата сила", е круцијална за функционирањето на здраво и праведно општество – исто така важно како и улогата на самите политичари. Поранешниот претседател на САД, Томас Џеферсон, еднаш забележа дека: „доколку јас би одлучувал дали би требало да имаме влада без весници или весници без влада, не би се двоумел ни момент за да го изберам второто".

Можеби Џеферсон бил во право, сугерирајќи дека новинарите се поважни за општеството отколку политичарите. Можеби во некои општества политичарите го знаат и се плашат од тоа и можеби оттука почнуваат компликациите и компромисите.

На новинарите им се потребни информации и до нив мораат да дојдат, барајќи ги и од политичарите. Така новинарот се доведува до ситуација да моли за информација или пак тајно да истражува за да ја добие истата. Политичарот може да одлучи дали ќе ги овозможи или забрани тие информации, но многу е потешко да се затвори секоја дупка и покрие секоја трага. Во некои ситуации, политичарот ја има водечката позиција – ослободување на информации кои мисли дека ги има под контрола – но не и во случајот на давање информации кои не се под контрола. Границата меѓу двете категории сѐ повеќе се замаглува, како што можеме да видиме од скорешните настани со Викиликс.

## ОПАСНОСТИТЕ ОД КОМПРОМИСОТ

Искушението да му се додворува, заведува и спријателува со политичарот секогаш ќе биде присутно. Некои новинари можеби ќе помислат дека со присвојување на таа стратегија би имале повеќе шанси за таен пристап до повеќе информации и така би постигнале предност пред нивната конкуренција (продажбата на весници или рејтинзите во етерот е исто така огромна медиумска мотивација). Но, блискоста има свои опасности.

Доколку некој политичар е ваш пријател, можеби ќе ви биде тешко да го разоткриете или да го критикувате и да пишувате за него на чесен начин. Затоа, едно од клучните прашања за политичките новинари е дистанцата која ја држат од политичарите за кои пишуваат и оваа дистанца ќе варира во зависност од состојбата на политичкиот систем.

Ако живеете во расипано политичко уредување, должност ви е таа расипаност да ја прикажете пред окото на јавноста. Тешкотијата да ја оддржите дистанцата од политичарите е практично прашање. Колку далеку може да отидете при известувањето? Може ли да останете слободни? Може ли Вашиот весник или телевизиска куќа да продолжи да работи? Дали сте во опасност?

## ПОЧНУВАЈЌИ СО ВИСОКИ ИДЕАЛИ

Како млад новинар во весник, главата ми беше полна со најдобрите уреднички изјави, кои мене ми го оправдуваа сопственото постоење. Чувствував дека имам обврска да ги „истражам извршните органи", да ги „изложам моќните на одговорност" и да „им дадам глас на безгласните". Секој ден ќе тргнев со тетратката в раце, барајќи ја приказната која ќе ги исправеше грешките. За волја на вистината, барав ексклузивна приказна за насловната страница, што ќе резултираше со моето име испечатено на насловната.

Секако, немав право да го правам тоа. Јас не бев избран. Јас бев само назначен од мојот уредник да завршам задача. Често таа задача беше едноставно – секојдневна. Одење до информациското биро на весниците за да зборувам со некоја жена за изгубено куче, гледање премиера во локалниот театар или, пак, одење до локалната полициска станица за да видам дали има некои непријавени криминални случаи.

Сепак, од мене се бараше и да присуствувам на состаноци на локалниот совет, каде што локално избраните политичари дискутираа за секојдневни теми, кои пак имаа ефект врз животите на оние што го читаа мојот весник и моите стории. Тоа бараше огромни подготовки. Морав да ги прочитам агендите и извештаите на советот, за да се обидам да го разберам комплексниот јазик што се употребуваше и всушност да сфатам за што се одлучуваше, кој одлучуваше за тоа, во чија корист и зошто. Се обидував да зборувам со сите страни засегнати во расправата, оние што бранеа одредени политики и оние што беа спротивставени на тоа. Во моите разговори и справувања со секоја група, морав да останам фер и објективен. Тоа беше мал град. Сите се познаваа и знаеја каде живеат. Гратчето имаше своја сопствена, несекојдневна динамика меѓу локалните медиуми и политичарите – познавањето и одговорноста – бидејќи следниот ден по објавувањето на весникот, вие ќе стоите во ист ред пред киоскот со луѓето.

## СФАЌАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА УЛОГАТА

Новинарите имаат привилегирана и важна улога. Тоа понекогаш е позиција која некои не успеваат да ја вреднуваат доволно. Можете да чукнете на вратата на моќните и можете преку телефон да барате интервју. Нашата работа била секогаш да го правиме тоа, како дел од нашите одговорности во општеството: слободни и независни медиуми, копање онаму каде другите не копаат, истражување на корупцијата и неправилното дејствување.

За време на оваа етапа од кариерата, запознав многу политичари кои станаа мои контакти. Тие ме известуваа и често беа на располагање, некогаш и во краток, ненајавен рок, за да ми помогнат во истражување на сторија, за која јас ценев

дека вклучува криминално дејствување. Понекогаш ми се јавуваа доцна во ноќта, за да ми посочат некоја трага, со надеж дека јас ќе ја истражам.

Јас ги користев за собирање информации, со надеж дека ќе најдам добри стории за мојот весник, а тие ме користеа мене за да се осигураат дека темите што тие сакаат да бидат објавени, нема да останат непокриени или, во најмала рака, ќе бидат разгледувани. Со тоа дојде една чудна обврска, која никогаш не се дискутираше. Кога тие ќе ми помогнеа да истражам тема која јас ја ценев како важна, дали јас, за возврат, им должев да ги покривам оние стории кои политичарите ги ценеа за важни – дури иако јас мислев дека она што беше разгледувано, не носеше никаква поширока корист? Од друга страна, доколку јас дадев повеќе од потребното светло врз тема за која не верував дека е важна за јавниот интерес, дали јас бев искористен од политичарите? Јасниот одговор беше – да.

Да се одржува прецизна рамнотежа меѓу медиумите и политичарите стана многу покомплицирано кога се префрлив во телевизија и радио и конечно, во Вестминстер, за да покривам национални и меѓународна политика. Во тоа време го покривав парламентот и мојата работа беше да се запознаам со политичарите од областа за која требаше да известувам.

Наскоро почнав да сфаќам на кој начин функционира системот. Новинарите се среќаваа со пратениците во Парламентот, на пијалок или ручек, за да зборуваат за „неофицијални" информации. Ова беше оправдувано како собирање на релевантни информации, за да му се овозможи на новинарот да сработи значајни (или не толку значајни) коментари или извештаи, каде што тој би изгледал доволно упатен да разбере нешто во врска со дневната политика, што вообичаено не е достапно за обичните луѓе.

Како и да е, постепено, новинарот станува дел од „системот", во кој контактите со политичарите се неизбежни за опстанок. Тоа е систем кој во почетокот не е достапен за младиот новинар. Тоа мора да се заработи. И тука лежи проблемот.

Мојот поранешен уредник, Боб Егингтон, раководителот на Политичка секција на Би-Би-Си, го посочи предизвикот со кој се соочуваат новинарите кои живеат во земја во која слободата на говор е заштитена со закон.

Егингтон го застапува гледиштето дека постојат опасности во западниот политички систем, каде „политичките новинари се тесно интегрирани во машинеријата на извештаи, конференции за печат, изјави за печат и настани закажани од извршните органи". Егингтон вели: „моќта корумпира и близината до таа моќ може да биде воодушевувачка и да претставува задоволство". Во таква атмосфера, вели тој, „новинарот мора да го избегнува заведувањето од системот".

Тоа е вистината во моето искуство. По некое време поминато во покривање на Парламентот и политиката како телевизиски и радио репортер и дописник, ми дадоа лоби-пропусница. Тој документ за идентификација со големина на кредитна картичка ми даде пристап до многу делови од британската политичка сцена кои беа недостапни за другите новинари. Станав член на една мала група новинари кои имаа дозвола да се шетаат низ ходниците каде што се движеа членовите на Парламентот, во Вестминстерската Палата. Бев во можност да добијам повремени „неофицијални" коментари од луѓе кои понатаму стануваат познати како „извори" или „членови или министри без ресор". Тоа исто така ми даде пристап до редовните конференции за печат на Владата, во канцеларијата на премиерот на Улица Даунинг бр.10.

За млад политички новинар, дента кога ќе ве внесат низ вратата на резиденцијата на премиерот, до канцеларијата на секретарот за печат, е моќен, интоксинирачки момент. На почетокот, можноста да се слушаат од страна неофицијалните

разговори, беше неверојатна адреналинска треска. Како што вели Боб Егингтон, оваа моќ може да биде „воодушевувачка и да ве задоволи“ и лесно е можно да бидеш „заведен од системот“.

Со ова запознавање на ходниците на моќта, дојде уште еден притисок – стравот да не се излезе од границите, а постоеја доволно луѓе наоколу што го користеа тоа како нивна предност. Овој подол начин на контрола се појави рано во мојата кариера како политички новинар на политичкото лоби. На еден брифинг за одредена политичка одлука во канцеларијата на премиерот, ја кренав раката да поставам прашање. Ми беше потребно објаснување за да можам подобро да ја информирам својата публика. Не бев цензуриран од владиниот гласноговорник (иако неговиот мрачен изглед зборуваше доволно), туку од постар колега, член на медиското лоби, кој ме погледна, ја заврте главата, се накашла и продолжи со други прашања. По состанокот, тој суптилно посочи дека „не било на место“ да се поставува такво „несоодветно“ прашање. Можеби прашањето беше глупаво – сега не можам да се сетам – или можеби едноставно ме учеа на ред за од тогаш понатаму да внимавам на правилата и стандардите на однесување, на кои двете страни претходно се согласиле. Претпоставувам дека беше она второто. Секако дека не ми оставија илузија околу тоа дали сум ги пречекорил правилата на клубот на кој сега припаѓав. Прашањето беше колку јас го вреднував тоа членство. За некои, ова може да биде ограничувачки фактор.

Од мојата перспектива, сето тоа личеше како да бев постепено вовлечен во начин на однесување кој имаше потенцијал да ја ослабне мојата ефективност како новинар, преку развивање на блискост и разбирање со оние за кои јас објективно требаше да известувам. Тешко е строго да се однесувате кон политичар со кој сте испиле пијалок или ручале и кој во минатото ви дал вредни информации. Пријателството меѓу политичар и новинар може да води до немоќ.

## ВРЕДНУВАЊЕТО НА РОБУСНО, СИГУРНО НОВИНАРСТВО

Кога станува збор за покривање на политиката, вистинските новинари го откриваат она што политичарите не сакаат да биде познато. Објавувањето само информации кои политичарите сакаат да бидат објавени, е само нешто повеќе од тоа да се биде секретар за печат или пропагандист. Вистинскиот новинар е подготвен да ризикува сé, со цел да објави непријатни вистини, способен е да ги поддржи своите стории со непобитни факти и е посветен на расветлување на некомпетентноста, поткупливоста, лагите и корупцијата. Јас мислам дека токму ова е она што Томас Џеферсон го мислел, при потенцирањето на толку големата вредност на весниците.

Во таков случај, од круцијално значење за новинарот е да се резбере себеси и своите сопствени мотиви и да воспостави кодекс на уредничка етика, кој ќе осигура дека сé што е направено е направено со интегритет. Но, новинарите и политичарите се човечки суштества. Сите тие имаат сопствени агенди, кои можат да бидат определени од амбицијата, желбите за статус и вреднување, здобивање со материјално богатство, практицирање на моќта на влијанието и цела низа други прашања.

На пример, во демократија, еден новинар мора да гласа. Тој или таа ќе гласа за една или друга партија. Можеби некое лично искуство ќе влијае на тој избор. Можеби ќе имаат некаква општествена грижа или грижа за околината која сакаат да се корегира, па чувствуваат дека некоја партија е одредена тоа да го поправи. Ова е нормално, но она што е важно е тоа дека новинарот не смее да дозволи тоа да влијае на неговата работа.

Сé што прават мора да го задоволи интересот на јавноста и мора да го помине нејзиниот тест. Тие секогаш мора да се запрашаат дали приказната што ја покриваат ќе корегира нешто што е погрешно во општеството, ќе разјасни некои информации кои ќе влијаат на јавната добросостојба и безбедност, ќе го подобри разбирањето на јавноста за дневните прашања и дали ќе води до поголема сигурност и транспарентност во јавниот живот.

Само ако се осигура дека објавените стории го поминуваат тестот на јавниот интерес, новинарот може да почне да се обидува да ја исполни најважната улога во новинарството – да ја води јавната расправа на начин кој ќе ѝ дозволи на јавноста да донесува едуцирани одлуки. Овој тест, исто така, му помага на новинарот појасно да ја согледа својата мотивација.

Пред сé, еден новинар, посебно оној што се занимава со политичари, не смее никому ништо да му должи, ниту да бара услуги, ниту да има омилени личности. Мора да биде целосно слободен од било какви влијанија што можат да се користат против него или можат да го компромитираат неговиот интегритет. Како и да е, постои опасност од „разбирања“ што, во божемните демократии, ја слабеат моќта на новинарите, а предизвикот е уште поголем во транзициските и пост-конфликтните општества.

Во транзициските и пост-конфликтните општества, каде што медиумите сé уште се развиваат, постои опасност од пребрзо движење напред. Спротивставените политичари, како и богатите моќници, можат да доведат до - исчезнување на новинарот. Јас имам обучувано новинари на кои им било кажано дека ако не го пишуваат она што нивниот сопственик го бара, ќе останат без работа. Ова се тешки избори. Всушност, за некои не постои избор. Уште поважно, не постои секогаш онаа заштита што ја има на Западот, каде што новинарите ја имаат поддршката од синдикатите, за да го поткрепат својот случај, доколку се жртви на неправилно отпуштање и притисок.

Уште една разлика на Запад е тоа што новинарите неретко се залевани и нејадени од моќните и влијателни луѓе, додека во други земји тоа се завршува со куршуми и бомби.

Во таква средина, во која се развиваат медиумите, постои шанса сé уште да не се вградени системи кои би им овозможиле на медиумите да функционираат без пречки и потешкотии. Старите начини на работење, често поврзани со културните норми, може да имаат ефект врз секојдневните настани.

Во обид за борба против ова, обучувањето на медиумите во транзициските и пост-конфликтните општества често се фокусира на истражувачкото новинарство. Ова, според мене, е огромна грешка. Секако дека секое новинарство е истражувачко, но да се наполнат главите на новинари кои се уште во транзиција со идеи за истражувачко новинарство, тоа испраќа само погрешни сигнали.

Постои опасност овој пристап да произведе група новинари – од кои некои биле политички активисти во скоро време – загреани за идејата дека смеат да истражуваат за поранешните политички непријатели. Со ова доаѓа искушението за одмазда против оние кои тие ги доживуваат како лошите момци од претходниот политички режим, а тековно се вмешани во големи бизниси и, секако, во политиката.

Ова е рецепт за катастрофа. Политичка сцена во зачеток, со импресионирани новинари, многу од нив допрва треба да ги научат основите на новинарството, фокусирана на истражувачкото новинарство, без претходно да ги постави основните правила на игра. Ова никогаш нема да помогне на развојот на една држава и секако, нема да придонесе во односите меѓу политиката и медиумите.

## ЗАБУНАТА МЕЃУ НОВИНАРСТВОТО И ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА

Паметниот политичар, во било кое општество, ќе се вклучи во опсежни комуникациски односи (ПР) за да придобие и скроти одредени новинари. Единствената причина поради која политичарите го прават тоа е – сознанието дека тоа често успева. Оние што не се придобиени и кои не припаѓаат никаде, можат да останат сами на студот. Културата на исклучување и отфрлање е моќна и осакатувачка; културата на согласност може да биде пријатна и наградувачка, но не во термините кои го дефинираат вистинското новинарство.

Според Премеш Чандран, претседателот на интернет порталот за вести Малајсиакини, кој беше покренат за време на владеењето на Малезиецот д-р Махатхир бин Мохамед, политичарите ги сакаат медиумите кога тие се под нивна контрола или идеолошки се поклопуваат. Во такви случаи, Чандран вели дека медиумите често можат да послужат за „оправдување на политички ситуации" со поставување на „факти" кои поддржуваат „политички цели". Чандран вели дека резултатот е тоа што новинарите ја разменуваат својата објективност, за привилегиран пристап до моќта и политичарите. За овој циклус да се прекине, постои потреба од „новинари со интегритет" и медиумски компании што се „повеќе мотивирани од принципи отколку од профит". Што се однесува до политичарите, тој вели дека на општеството му се потребни „политичари што се способни да ја ставаат одговорноста пред нивните ега".

Шахидул Алам, директор на Дрик мрежата во Бангладеш и исклучителен новинар, вели дека постои јасна разлика во односот меѓу новинарите и политичарите, кога политичарот ќе влезе во владата. Алам вели дека кога тој однос ќе се расипе, ефектот врз новинарството е многу длабок.

Општите процедури, вели тој, подразбираат дека опозицијата ги смета медиумите за свои пријатели, додека владата ги смета за непријатели. „Ова во поголем дел се должи на тоа што медиумите, играјќи ја улогата на критична совест, најчесто критикуваат неправедни и неразбирливи владини политики".

Алам вели дека постојат исклучоци и дека и владата и опозицијата „по своја одлука ги заплашуваат новинарите, кога некои известувања не им одат во корист". Тој цитира случаи каде што вели дека „имало случаи во Бангладеш каде што министри изјавувале дека фотографите се лесен плен".

Ова резултира со „испратени инструкции до партиските следбеници" за да „се кршат коските на фотографите". Алам вели, додека повеќе фотографи биле нападнати, „ниедна постапка не била поведена против полицијата или против партиските активисти вмешани во нападите".

## ЗНАЧЕЊЕТО НА НОВИНАРСКИОТ ИНТЕГРИТЕТ

Новинарите треба да сфатат дека без разлика на територијата на која живеат и работат, тие имаат должност да останат одвоени од оние кои ја имаат моќта. Нивната работа е да ја истражуваат работата на извршните органи и да ги изнесат пред одговорност, но ова можат да го направат само доколку имаат интегритет. Тие мора да имаат одговорност кон јавноста, исто како што политичарите имаат одговорност кон оние што ги избрале. Доколку ова не се случи, таканаречените новинари кои се компромитирани од политиката и политичарите, на крајот остануваат во улога на ништо повеќе од пропагандисти и обични гласноговорници на политичарите. Резултат на ова ќе биде тоа што на јавноста ќе ѝ биде скратен пристапот до информации што на општеството му се потребни за да функционира на нормален и коректен начин.

# Јасна Котеска

Д-р Јасна Котеска (1970), Македонија, професор по книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Магистрирала во Скопје и Будимпешта и докторирала во Скопје. Работи во повеќе дисциплини: теориска психоанализа, литературна теорија и родови студии; и со широк спектар теми: комунизам, помирување, санитарност, интимност, идентитети. Нејзините текстови и книги се преведени на повеќе јазици. Автор е на книгите: *Постмодернистички литературни студии* (2002), *Македонско женско писмо* (2003), *Санитарна енигма* (Темплум, 2006) и *Комунистичка интима* (Темплум, 2008).



Јасна Котеска

# Дијалог и самиздат

1. Џабир Дерала (претседател на ЦИВИЛ – Центар за слобода - н.з.) ме покани да напишам текст за политичката култура и за дијалогот во Република Македонија. Културата ми се виде огромна тема, па се одлучив за второто. За дијалогот, значи. Прво ми паднаа на ум трите дијалози што неодамна завршија во судница. Ирена Цветковиќ (активистка за човекови права – н.з.) отвори дијалог за хомофобичните учебници во средното образование, па заврши на суд. Жарко Трајаноски (колумнист и активист за човекови права – н.з.) отвори дијалог околу јавните повици за линч на неистомислениците со власта од страна на Миленко Неделковски (телевизиски новинар и водител – н.з), па заврши на суд. И Никола Гелевски (колумнист и издавач – н.з.) спореше со Драган Павловиќ Латас (телевизиски новинар – н.з.), па заврши на суд, потоа изгуби и мораше да плати глоба за клевета. Во трите случаи дијалогот го иницираа луѓе од граѓанската сфера. Пораката стана алармантна. Дали вака завршува секој што ќе отвори јавен дијалог? И дали е ова нов феномен, врзан за малите земји без критична маса – тоа беа моите први, инстинктивни прашања.

Во Македонија највлијателните луѓе се честопати најнеспособните

Решив да ги побарам одговорите во минатото. Мишел Монтењ има важен текст: „За вештината на водењето разговор", ми се виде како добар вовед. Но, штом го отворив текстот, шок. Студијата за дијалогот, Монтењ буквално ја започнува вака:

„Обичај е нашите судови да казнуваат заради опомена на другите. Да ги судат само затоа што погрешиле би било глупост... Ги судат за самите да не згрешат на истиот начин повторно, но и за другите да зазираат од нивните примери“. И додава: „Ние не го поправаме оној кого го бесиме, туку ги поправаме другите преку него“. Зарем не е иронија што текстот на Монтењ за дебатирањето веќе во првата реченица го спомнува судот? Ако работите така стоеле во 16 век, зарем спрегата дијалог-суд не се променила, еве веќе цели четири векови? Се чини дека така било и во комунизмот. Татко ми го критикувал државниот систем, па завршил на суд и не платил само глоба, туку морал да служи и затворска казна (причините за тоа, сепак, сé уште не се јасни). Но, тоа бил тоталитарен систем. Зарем демократијата, на која сме толку горди, денес само чудно го пронаоѓа својот континуитет во тоталитаризмот?

Монтењ за овие дилеми нема одговор, но неговиот текст продолжува: зошто е добро да се води дијалог? Вели: кога читаш книга, таа не те „загрева“, обратно, разговорот со жилав, силен соговорник те поттикнува да се издигнеш над себеси. Но, Монтењ ја прави и главната разлика кога вели: „Сакам да се спречкувам и да се расправам, но во мало друштво и за моја сметка“. А тоа е различно од јавниот дијалог, нели? Па, сепак, уште малку за Монтењ. Тој вели: сакам кога некој човек ми противречи, тоа го раѓа моето внимание, а не мојот гнев.

Но, и вели: тешко е во мое време да најдеш човек кој сака да *исправа*, затоа што „луѓето немаат храброст да се спротивстават“. Ете уште една сличност со денешницата. Луѓето не дискутираат поради стравот. Се плашат дека ќе погодат некого од власта, но се плашат и од возвратната критика. Сократ, обратно, секогаш насмеан го примал противењето кон неговите идеи, во нив наоѓал доказ дека неговиот соговорник е немоќен; од друга страна навистина има нешто блуткаво и неуверливо кај луѓето кои ни се восхитуваат или ни попуштаат, кажувајќи ни колку сме добри. Анистен, на пример, ги советувал своите деца никогаш да не бидат благодарни кон оној што ги фали.

Но, кога прописните удари од нашите послаби соговорници престануваат да бидат интересни, а стануваат мачни? Тогаш кога од соговорниците не бараме само снага или досетливост, туку и почитување на правилата. Тогаш кога, ако одиме на суд, бараме судот без страв да ги проценува аргументите на обете страни. Но, дали нашите судии се такви? Невозможно е чесно да се расправате со глупак, но исто така е невозможно тоа да го правите пред уплашен судија, зар не? Кај разговорите го има и ова: прво започнуваме кавга околу аргументите, но потоа се селиме врз луѓето. И судијата нé проценува и на тој начин. Платон во својата *Држава* им забранил на духовно неспособните и неблагодарните да водат дијалог. Нив често ги има меѓу политичарите, новинарите и судиите, а Македонија е полна со такви.

Уште нешто. Монтењ вели: „Повеќе би сакал син ми да учи да разговара во крчма, одошто во училиштата за убаво зборување“. Во право е. Професорите ја имаат предноста од големото знаење, но сепак тие не водат јавни дискусии. Зошто? Знаењето носи голема тежина, а тие потонуваат под таа тежина. Но, професорите потонуваат и во стравот, исто како и судиите. Кај Платон, Сократ се расправа со своите соговорници за да ги вежба. Често го читам македонскиот портал *Окно*, и гледам како Коља (Никола Гелевски – н.з.) ги вежба своите соговорници. Во една од неговите бројни реплики, најдов навистина смешна реченица која ми го разведри денот, а отприлика одеше вака: „Доста ве учам тука, Партијата нека ве запише на вечерна школа, да се дружите, да учите низ игра“. Навистина, човек некогаш повеќе се навредува, не од незнаењето или од невистината, туку од тупоста и немањето хумор. Монтењ нé потсетува на една сцена кога во работилницата на грчкиот сликар Апел во посета дошол Мегабиз, достоинственик, кој прво

молчел, па почнал на долго да зборува за своите дела, а Апел му одговорил: „Додека молчеше, изгледаше како голем човек, но кога почна да зборуваш, дури и момците од мојата работилница те презреа“.

Една од мудрите стапици е кога дијалогот се префрла на мета ниво. Мојот сопруг, на пример, ако сакам да се расправам, се однесува според таа стратегија. Ако го прашам: „Зошто се овие чаши тука?“, ми одговара: „Извини, но дали рече чаши или флаши? Бидејќи, флаши не е македонски збор“. Тоа е кога дијалогот се претвора во дијалог за дијалогот и формира затворен систем, како во графиката *Цртачки раце* (1948) на Ешер, каде има рака што црта рака, што црта рака, што црта рака. Или како кај иконографската слика за телевизорот што прикажува телевизор, што прикажува телевизор, итн. Низите од овој тип или завршуваат во бесконечност, или човечкиот ум не може да ги дофати. Во овие случаи се зборува едвај за формата, а нашите јавни дебати во голем број се такви.

2. Во Македонија највлијателните луѓе се честопати најнеспособните. Еднаш бев поканета во дебатна емисија на телевизија. Главниот политичар беше така тупав и здодевен, што посакав да заспијам од мака, за да не мора да го слушам цел час. Броев точки на ѕидот од студиото за да се одржам будна. Како ли се чувствувале тие пред екраните? За луѓето од високите позиции не судиме според нивните ставови, туку според костумот и привидот на величината. Како римската реплика: „Не го видов, затоа што беше *замрачен* со зборови“, но, овде, обратно: „Не го чув, затоа што безначајните зборови му беа *пригушени* од високата позиција“. Јавните функции од неспособните луѓе прават циркузанти, кои служат за потсмев на целата нација. Па сепак тие ја имаат моќта, а граѓаните, заслепени од костумите, во нивните зборови честопати со сила бараат доблест што таму ја нема.

А зарем не се од истиот ред и неврзаните брборења по јавните трибини и на телевизиите? Кога во дебатите едвај распознавате неврзано тропање, удобност што се раѓа од нејасната близина во студиото, место каде се вежба сé, само не духот за разговор и полемика – треба да се знае, тие луѓе зборуваат за да не кажат ништо важно. Нив не треба да ги слушаме по ниедна цена. Има една анегдота од 19 век, од кабинетот на унгарскиот психоаналитичар Балинт, кај кого на сеанси доаѓала една шармантна дама: допадлива, интересна, брблива, жена што само зборува, зборува и зборува, без почеток и крај. На една сеанса, по цел час напорно брборење, Балинт одеднаш нежно го допрел симптомот заради кој таа доаѓала на сеанси, барајќи помош. Шармантната дама добила препорака за ново работно место. Во препораката пишувало дека таа е „сосема доверлива личност“. Загрижувачкиот момент се состоел во фактот дека таа не сака да биде доживеана како доверлива. Не сака никој да може да се потпре на нејзиниот збор. Затоа што зборот обврзува. Ако престане да зборува, таа ќе мора да почне да работи и да ги почитува договорите. Токму заради таа шармантна необврзаност, луѓето *тртљаат* и *тртљаат* кога дебатираат. Тоа го прават за да не кажат ништо важно, за да не се обврзат на ништо.

Во една телевизиска емисија ме прашаа што мислам за античкото потекло на Македонците. Реков дека античкото потекло на македонската нација е митска небулоза. Предавам на Катедрата за македонска книжевност, и македонскиот јазик како словенски јазик за мене е дел од мојот најинтимен идентитет. Мајка ми е од Егејска Македонија, во таа земја јас имам изгубено многу повеќе одошто многу други Македонци. Мајка ми и баба ми зборуваа македонски словенски јазик. Баба ми умре на 93 години пред една деценија, живееше во Мичурин, егејското маало во Скопје, во кое денес живеам со моето семејство. Нејзиниот мајчин јазик беше словенски, а таа е родена во Костурско. Тој тогаш беше словенски малцински јазик во соседна земја, грчката; баба ми била дел од малцинството и само заради тоа

што била малцинство, била изгонета од својот имот; живеела во земја со обични луѓе, но со неправедни политичари. Затоа денес сметам дека треба да го бранам правото на малцинствата во мојата земја со истата жестокост и сила, со која баба ми била осудена на егзил, само затоа што била малцинство. На неправдата човек секогаш треба да возврати со борба за правдина. Кога ми доделија да предавам книжевност за студентите од катедрите за албански и турски јазик на моето работно место бев навистина среќна, а денес сум горда на секој студент што успеав во сите овие години да го допрам барем на некаков начин. За мене таа средба беше враќање кон моите корени и можност за борбата на правото на различните - исконско право, вградено, ако сакате, и во историјата на моите предци. Баба ми и јас го зборувавме македонскиот словенски јазик на истиот начин, со незначителните дијалектни разлики. Тие разлики не беа грчки. И, толку за таа тема. Целиот мој свесен живот учев да ги правам разликите помеѓу јазиците и книжевностите. Моите предци биле избркани од своите домови, но тие нема да си ги вратат своите имоти со лажната историја што нашата политика ја продава последниве години. И како научник, точно знам дека нема научен начин да споите десет века непостоечка историја, без да лажете. Познавам многу класичари, кои во овие несреќни времиња, потонуваат под товарот на своето знаење и наместо на јавноста да ѝ ги кристализираат разликите помеѓу античката и денешната Македонија, молчат, а местото на зборувањето, наместо нив го пополнуваат луѓе со селективно или никакво знаење. Истовремено знам дека таа античка лага нам ни треба последниве години исклучиво за да си ги оправдаме своите неуспеси и полупродукти, целата дивоградба на нашите провинцијални мисли. И затоа во емисијата реков: не, македонско-античкото потекло на мојот народ е небулоза.

Но, потоа на сајтот од емисијата требаше да читам десетици коментари дека сум предавник на мојот народ, предавник на татко ми, дека сум левичар со десничарско потекло, како да е, Боже мој, таа реченица смртна казна или судбинска навреда. Моите студенти дојдоа крајно вознемирени на следниот час. Зошто луѓето мислат дека сум предавник? Им одговорив со репликата од филмот *Друштво на мртвите поети*, првата што ми падна на ум тоа уморно утро. Кога професорот што го играше Робин Вилијамс на првиот час по книжевност ги однесе своите студенти во дворот на училиштето и им рече да чекорат. Само да чекорат. Прво секој студент чекореше како што најдобро знае, сам за себеси, набрзо почнаа да се синхронизираат, да се усогласуваат во брзината, темпото и ритамот на чекорите, а на крајот сите одеа слеани како едно големо тело. Тоа беше нивната прва лекција за хипокризијата. Лекцијата дека некогаш го предаваме нашето најинтимно знаење и посебноста како да се трофејно оружје што непријателот ни го одзел, само затоа што за тој даден момент сме мислеле дека сите чекорат на ист начин. Затоа што не сме чуле различен чекор. Еднаш напишав, ќе повторам. Мојот омилен стих од 16 век не му припаѓа на Монтењ, туку на еден друг мудрец, аноним – свештеник од истиот век, кој рекол: „Никогаш не речи дека е тивко. Кажи дека јас ништо не чув".

Уште малку за нозете. Кјеркегор опишува како еднаш, заради околностите, а тоа е во 19 век, триесет и шест часа морал да патува од својот град до Берлин во тесна кочија, заедно со шестмина други. И постепено чувствувал како сите шестмина патници одеднаш и ненајавено стануваат едно големо, џиновско, заедничко тело, во кое веќе не можел да распознае чија нога е неговата. Животот во тесни услови, а македонскиот живот е нужно осуден да биде таков (секој од нас постојано да ја активира меморијата дека си мала нога во џиновското тело), е феномен на кој треба постојано и будно да се потсетуваме, ако сакаме автентичен дијалог.

Конечно, во дијалозите честопати се случува, откако убаво сте ги изнеле своите аргументи, соговорникот да ви возврати: „Истото го мислев, само немав зборови

тоа да го кажам.“ И Монтењ вели: веднаш  растресете ја таа дрска глупавост со злоба. Секако, освен што не треба во дијалозите да се биде злобен, туку да се подучува каде што се може, тоа не важи секаде. Чуму да им пружите рака на глупавите? Треба да им дозволите, преку одбивањето, да ја согледаат својата тупост. Како што вели Монтењ: човек не станува музичар само затоа што чул убава мелодија.

Прличев во својата *Автобиографија* кога ги опишува тесните улици на Охрид, одеднаш вели дека тие биле така тесни што две магариња не можеле да се пресретнат, а да не се навредат. Така функционираат малите градови и заедници. Тврдоглавоста и задртоста не само што се доказ за глупоста, туку во малите заедници се знак на културата на магарешката тврдоглавост. Постојат многу такви груби и неразумни јавни мегдани. Напорни за гледање, здодевни за слушање.

Но, постојат и дебати во кои едноставно *не* треба да учествувате. Позната е аверзијата на Жил Делез кон дијалозите. Кога во кафеана ќе му приДел некој човек со репликата: „Ајде да дебатираме за оваа тема“, големиот филозоф, наврапито станувал и како попарен ја напуштал кафеаната.

Во оправдувањето зад неговото чудно однесување, парадоксално, на располагање ни стои најголем дел од западната филозофија. Кај Платон, дијалогот е темелно несиметрична размена на аргументите. Платон (човекот кој во западниот свет го измисли форматот на дијалогот) веднаш ја внесе и потресната пресуда: не треба да им се остава подеднаков простор за разговор на сите собеседници. Кај раниот Платон најчесто зборува Сократ. Кај доцниот Платон зборува само главниот лик, додека неговиот соговорник служи, за од време на време, да каже понекоја дрвена реплика, од типот: „Така е“, „Во име не Зевс, сосема си во право“.

Зарем Славој Жижек не е во право кога вели дека целата западна мисла е сочинета од немањето дијалог или од неразбирањето на аргументите на соговорникот? Аристотел не го разбрал Платон. Хегел не го разбрал Кант. Ниче не го разбрал Исус. Маркс не го разбрал Хегел. Сталин не го разбрал Маркс. Факт е дека целото западно мисловно движење се базира на глуви уши.

Се сеќавам на Хенри Милер кој, во еден документарец, рече: „Првиот ученик е оној што прв ќе ја искриви вистината“. Точно. Темелен глас има само оној што прв ќе го надгласа, а не оној што прв ќе го сослуша или што ќе разговара со другиот.

Тогаш, зарем не е поискрено најнапред да прифатиме еден *радикален* филозофски гест и искрено да си кажеме: не треба да се преправаме дека секогаш постои начин да зборуваме со нашите идеолошки неистомисленици! Понекогаш е поздраво наместо лажно да ја пополнуваме јамата помеѓу нашите недоразбирања, да започнеме со еден секогаш веќе *погрешен избор* и искрено да му кажеме на нашиот идеолошки непријател: „Не сакам да разговарам со тебе“, за потоа, евентуално, да се создадат услови за да започнеме *некаков* разговор. Не знам каков компромис во дијалогот сé уште може да имаме, кога денес владее пролиферација на правото секој да го *исере* (со извинување до понежните читатели) своето мислење, дури и кога тоа мислење се граничи со чист фашизам? А со фашистите не треба да се преговара.

Има една иконична сцена: нацистите на мајката ѝ го поставуваат невозможното прашање: „Кое од двете деца, мадам, сакате да не го стреламе?“ Човек не треба и не може во секоја ситуација и под секакви околности да води дијалог.

3. Слушаме постојано: „Во дебатите треба да се вклучат што повеќе аналитичари“. Но, зошто, добога? Има ситуации кога задачата на аналитичарот е да *НЕ* земе учество во дебатите, особено кога учеството значи прифаќање на базичните координати со кои владејачката елита го формулира проблемот. Или медиумот.

Секој што бил повикан на телевизиски „разговор“ тоа добро го знае. На аналитичарот му е даден слот од три минути, кои треба да се пополнат со циркузантското *зборување од стомак*, се бараат пунктуални реченици, кои конечно не служат никому, освен што го хранат медиумот, како голем Матрикс.

Зарем Хард и Негри не го формулираа точно проблемот кога рекоа: демократијата и правото на дијалог се во центарот на сите денешни трајни конфликти и војни. Денес, зад барањето за заеднички дијалог, за споделување, за комуникација, стои јасната воена хегемонизација на светот.

Ако се согласиме дека без медиум нема разговор (освен како приватна, *речиси* доверлива размена), тогаш што стои зад медиумот? Да се сетиме на скандалот со А1 телевизија од ноември и декември 2010 година. Прво полицијата направи рација околу зградата на телевизијата со објаснување дека бара корупција во работата на фирмите, во сопственост на газдата. Потоа газдата на медиумот излезе со шокантната исповед дека власта од него го купувала рекламниот простор, не со партиски, туку со државни пари - значи возврати со уште поголем корпорациски и државен скандал. На крајот истиот сопственик, ден подоцна, ѝ се извини на јавноста дека во афект дал неточна изјава.

Поголемиот проблем со оваа потенцијално криминална серија од акции е дека дури и кога сите овие изјави би биле вистинити, дури и кога сите актери беспоговорно би ја признале својата вина, вистината за овие настани ќе се менува со толку вртоглава брзина, од ден на ден, што на крајот вистината ќе стане едвај *ефемерна* категорија, без статус, без стабилност и одржливост, а на долги патеки, само краткотрајна сензација. Во сето тоа, јавноста ќе биде ставена во позиција да ја проголта вистината, која во моментот ќе биде сервирана како таква. Медиумот ѝ се обраќа на една пасивизирана, а со самото тоа, и *оштетена* публика, заради која вистината е едвај *дневен настан*. Без оглед каков е реалниот привид за доблеста или корумпираноста на медиумот, либералниот или конзервативниот имиџ, стилот што може да варира од примамлив до здодевен, од вулгарен до отмен или обете, медиумот секогаш служи за да го прекинува разговорот и да ја потврдува Платоновата дијагноза дека во дијалогот победува погласниот, а не поразумниот.

Во филмот *Филм* (1965) на Семјуел Бекет, никој не разговара со никого, а ликовите покажуваат нејасен, но ужасен страв од мистериозното нешто, на кое не можеме да му ја одредиме формата, сé до последниот кадар од филмот, кога сфаќаме дека без исклучок, тие се плашат од *нашиот* поглед, од погледот на камерата, со која *одбиваат* да водат дијалог. Слично на Негри и Хард, Бекет медиумот го дефинираше како место за невозможен дијалог: оттука и генеричкото име на филмот, едноставно *Филм*. За Бекет форматот на медиумот станува неговата содржина, она што Мек Луан подоцна го спакува во елегантната реченица: „Медиумот е пораката“. Ниеден разговор преку медиумот не носи порака, освен што го *легитимира* медиумот.

Но, уште подраматично. Зарем не е така веќе кај Платон? Нему му ја должиме идејата за дијалог, а на неговиот Полис - идејата за демократија. Но, од антиката тие две доаѓаат во пакет со симптомот: демократијата е базирана на дозволениот дијалог, токму бидејќи дијалогот станува неважен. Доведен до својот филозофски екстрем, јавниот дијалог е или обраќање до глуви уши, или обратно, поставување на невозможното прашање: „Кое од двете ваши деца, Мадам, одбирате да го стреламе?“ А на слична прохибиција на гласот е базиран и филмот *Крадецот* (1952). Во него, навистина, слушаме некое нејасно мрморење на луѓето во позадина или звуци на автомобилите што поминуваат, но таму нема сцена во која ликот би бил приморан или овозможен да влезе во дијалог.

Секако и двата филма играат на клаустрофобичната атмосфера, акустичниот универзум е суспендиран, а бесмисленото брборење на луѓето, како кај дамата на Балинт, не служи за ништо – колку повеќе медиумот произведува допадлив шум, толку на оштетената публика ѝ е одземена репликата. Ова го знаеме и од нашите темелни искуства, кога луѓето ни велат: „Што има да го кажувам моето мислење, кога тоа се губи во бесмисленоста од многуте разговори?", што целиот дијалог е сведлив на учтивиот стереотип за британското разговарање исклучиво за временските услови. Дијалогот ја црпи својата бесконечна перпетуална сила токму од фактот дека е нем.

Сепак, овој пристап е каприциозен. Не е бесмислено да се разговара, но додека се разговара, да се биде свесен за *паразитот* закачен за телото на дијалогот – тоа се медиумите и власта што го диктираат разговорот.

Дерида прашува: што би направиле нашите медиумски машинерии од Рембо или Лотреамон, од Ниче или Пруст, од еден Кафка или еден Џојс? Овие автори биле спасени од грст читатели, од минималната стапка на чуеност, биле спасени од *приватното*, а не од *јавното*. На таа скала, ако една книга не се чита во повеќе од десет илјади примероци, вели Дерида, таа треба да се третира како едвај приватна преписка.

Да се вратам на почетокот од текстот. По веста за кривичната пријава до Ирена Цветковиќ од агенцијата *Макфакс* ми побараа мислење за хомофобните учебници. Одговорив: тие се некомпетентни кога хомосексуалноста ја дефинираат како болест, и додадов дека сакам да живеам во земја во која син ми или неговите пријатели, кога ќе пораснат, ќе можат гласно да кажат дека се геј, ако се, и да бидат горди на тоа. Моето мислење не го објавија. Нашите дијалози, затоа, не се условени само од новинарите, кои се можеби немоќни, дури ниту само од медиумите, туку и од она што го нарекуваме „општа клима" (што годе да значи оваа матна синтагма). Затоа велам, понекогаш дијалозите се невозможни, освен како приватни дебати. А таквите не вршат работа.

4. Тогаш што ни преостанува? Помеѓу *приватното* (нашите книги и анализите, кои се сведуваат на разговор помеѓу тројца) и *јавното* (медиумите и нивното вртоглаво движење од една до друга вистина), постои една *сива зона*, што се вика: *самиздат*. Самиздат е единствената дијалошка форма во која сѐ уште верувам.

На 2 декември 2010 година (шест дена пред мојот рок за овој текст) *Амазон* одби да го хостира сајтот на *Викиликс*. Викиликс истиот ден одговори: „Ако на Амазон му е непријатно заради првиот амандман (за слободата на говорот – заб. моја), тогаш Амазон треба да го напушти бизнисот со книги", а штом веќе го напуштија јавниот терен за дијалог, истиот ден, прецизно го дефинираа своето место во светот: „Викиликс се првото глобално *самиздат* движење". Сосема се согласувам.

Во моментов, Викиликс мрежата за протекување информации е единствениот глобален политички дијалог, кој ниту му припаѓа на *приватното* - тие не ја споделуваат вистината меѓусебно, им ја даваат на сите луѓе што имаат компјутер и модем, од Јоханесбург до Скопје без исклучок; додека во исто време, тие не му припаѓаат ниту на *јавното* – многу светски држави и банки (дури и швајцарските) сѐ повеќе го стеснуваат обрачот околу најистурените лица на Викиликс, за моментов пред сѐ околу основачот Џулијан Асанж, со крајно сомнителен правен случај, а интернет компаниите им го откажуваат просторот.

Живееме во ера на *пост- политичкото*, секоја будала, од Берлускони, до Саркози и Сара Палин, како и нашиве политички будали, повеќе делуваат како естрадни, медиумски циркузанти одошто како политичари, а за возврат, луѓето трескавично ја преземаат улогата на политичкото, зборуваат само за политика, беспомошно

обидувајќи се работите да ги држат под контрола. Но, со Викиликс влегуваме и во ера на *пост-самиздат*, со опсег на отпорот непознат за досегашната цивилизација. Во таа смисла, Викиликс имаат достоен историски претходник во самиздатите од времето на тоталитаризмот, но и технолошка поддршка непозната досега.

Викиликс во моментов не ја редефинираат само историјата како наука (Тимоти Еш за *Гардијан* напиша: тоа што на историјата ѝ стануваше достапно по 20 до 30 години, со Викиликс ѝ станува достапно за 30 недели, нарекувајќи го Викиликс банкет за историчарите), туку и новинарството како професија. На *Гардијан, Си-ен-ен, Њујорк тајмс, Тајм,* не им преостанува ништо друго, освен да го следат Викиликс, и првите три ударни вести и едиторијали да им ги посветуваат на податоците што истекуваат од нив.

Интересно е дека Викиликс пред четири години стартуваше токму како *идеја за дијалог*. Својата мрежа ја крстија Викиликс, според моделот на Википедија, секој член од глобалната заедница да може да даде свој придонес за вистината за настаните. Викиликс имаа слична идеја. Веруваа дека ако објават информација за корупциско-еколошкиот криминал во Албанија, на пример, дека дел од албанските граѓани ќе бидат заинтересирани да дадат автентични сведоштва, а двете засегнати страни да отворат дијалог за да се дојде до вистината. Се покажа дека светот не е подготвен ниту за истражувачка работа, а оштетената публика, по долга дресура, всушност и не знае како да *разговара*, ако разговорот се води надвор од договорените правила за празното зборување, надвор од *церемониите, ритуалите* и *симулациите*. Многу луѓе имаат искрена желба точно да ги редактираат речничките податоци за Толстој, за националните паркови во Малезија, или за електроните, но се покажа дека малку, или никој, не знае како да разговара за централните политички, финансиски и медиумски столбови на нашата цивилизација.

На 3 декември 2010 стигна веста дека администрацијата на универзитетот *Колумбија* од Њујорк ги предупреди своите студенти да не водат јавни дијалози за Викиликс, во спротивно ги загрозуваат своите идни професионални кариери. Со други зборови, ја испрати истата порака како државите, банките и медиумите: дека е во ред да се биде лицемер. Како човек кој со години работи на универзитет, оваа вест за мене беше шокантна. Зарем универзитетите не се места каде вистината се брани по секоја цена, каде верувате дека човештвото може да победи, верувате во етичкиот гест? Каде е Ал Пачино од филмот *Мирисот на жената* (1992) од школските клупи да им ја плесне очигледната вистина на корумпираните членови на универзитетската комисија, преку легендарната реченица: „Сум видел момчиња со откинати раце и пресечени нозе, но нема ништо пострашно од сликата на ампутираниот дух, затоа што за тоа нема протеза“? Овој филм од школските клупи, го постави прастарото прашање за етичкиот гест: „Колку вредат твоите зборови во моментот кога може да го изгубиш личното добро? Дали си подготвен, ако околностите не ти одат во прилог, да ги изедеш сопствените зборови?“ И одговори дека постојат моменти, кога дури и по цена, целиот твој видлив свет да се распаѓа, тоа што не треба да го распродадеш е вистината. Но, животот не е филм, а моралната ампутација на *Колумбија*, на *Амазон*, се само дел од изненадувањата што ќе следат во месеците што доаѓаат, кога ќе го гледаме распродавањето на моралот од врвните инстанци што до вчера го заговарале.

Овој феномен, иако нов, парадоксално, всушност нѐ враќа назад во 16 век, токму во времето на Монтењ. Но, не во смисла на назадување (Умберто Еко коментирајќи го Викиликс, шеговито рече дека отсега дипломатите со гулаби ќе ги пренесуваат доверливи информации), туку сосема обратно. Неколку аналитичари веќе коментираа дека Викиликс за модерниот свет е она што печатниците беа за 16 век. Кога заради достапноста на печатарските преси, во Холандија започна

ширење памфлети и весници со доверливи информации, феномен чиј краен резултат беше ништењето на цензурата на католичката Црква која пред тоа го контролираше објавувањето книги. Тоа доведе до развој на науката, а конечно и до демократизација на светот. Потоа весници сé повеќе беа регулирани со сé построги законски одредби, за евентуално од нив да ги создадат денешните медиумски чудовишта, одвратните политички животни, како уште една алатка за доминација на светот.

Практичната политика, сепак, покажува дека влијанието на Викиликс, за жал, веројатно нема да биде долготрајно. На 7 декември Џулијан Асанж, гласноговорникот на Викиликс, беше уапсен во Лондон. И се враќаме на односот: „слободен дијалог-суд“ од почетокот на овој текст. Веројатно уште изненадувања ќе нé чекаат околу Викиликс. Но, влијанието што тие во моментов го вршат врз историјата, дипломатијата и новинарството е огромно.

Едно од веројатните сценарија за крајот на Викиликс ќе биде дека засегнатите држави, банки и медиуми ќе успеат конечно да спакуваат таква мрежа од информации и приказни, што конечно ќе го убедат секој еден жител на планетава дека Викиликс биле тек дел од заговорите за моќта, дека бил само огранок на ЦИА, ФБИ, на големите светски шпионски мрежи. Лично, ќе ми треба многу, многу време интимно да го прифатам тој цинизам, дури и по долгомесечно перење мозок на кое веројатно ќе бидеме изложени во месеците што следат. Но, макар за овој еден момент, Викиликс ја направи видлива суштината на битието на нашата планета. Со години наназад, а повеќе од пола деценија, јавно зборувам за потребата да се декласираат архивите на комунистичка Македонија, да се отворат преку интернет, и тоа веднаш и на принцип „сите за сите“, без медијација на политичките структури и на медиумите. Она што не успева кај нас, му успеа на Џулијан Асанж масовно и во досега невидени размери, не само за минатите, туку за тековните архиви на тајните служби и на дипломатијата. Затоа, за мене, Асанж и неговиот тим се хероите на нашето време. Во моментов додека го пишувам ова, сé уште е нејасно каква ќе биде неговата лична судбина. Кога ќе го читате текстот веројатно ќе знаете многу повеќе од мене сега. Но, Викиликс не е само Асанж и ќе биде потребна голема работа и логистика (која да бидеме реални, империите ја имаат на тони) Викиликс да се фати за врат, да се одведе на линч и да се егзекутира. Сепак, информациите од Викиликс веќе се наоѓаат на милиони приватни компјутери по планетава, а околу илјада невидливи лица работат секојдневно на тајните документи и ги декласираат додека зборуваме. Како и да биде, за овој момент, Викиликс ја врати довербата во дијалогот, па барем денес, без задршка може да го повторам коментарот на соговорникот на Сократ, од дијалозите на Платон: „Во име на Зевс, така е како што пишува во документот на Викиликс од 29 ноември 2010“.

За крај вистинска приказна. Филозофот Алан Бадју пред некоја година седел во публиката додека Славој Жижек држел јавно предавање. Одеднаш мобилниот на Бадју ѕазвонел. Наместо да го исклучи, Бадју нежно го прекинал Жижек и го замолил ако може пред публиката да зборува потивко, за да го слушне својот соговорник од другата страна на телефонот. За овој настан, Жижек, со хумор се произнесе дека е единствениот знак на трајно и длабоко пријателство. Ако ја употребам анегдотава за парабола, Викиликс, во моментов, би било ѕвонењето на глобалниот самиздат до сите наши мобилни одеднаш, а наша работа ќе биде да ги замолиме тие што се дерат од говорниците, ако можат, ги молиме, да зборуваат потивко. На линија имаме директен линк, кој му се обраќа на целиот свет, одеднаш. Треба да го слушнеме.

8 декември 2010

## Африм Красниќи

М-р Африм Красниќи (1971), Албанија, политиколог и новинар. Дипломирал на Универзитетот во Тирана, Факултет за историја – Филолошки факултет (1996) и има завршено постдипломски студии на Европскиот универзитет Виадрина, Франкфурт - Одра, Германија. Има стекнато степен М.А. по политички науки и интеркултурна комуникација (2003), и моментално следи докторски студии по меѓународни односи на Универзитетот во Тирана.
Работел како политички коментатор во печатени медиуми (1991-1995 и 2000-2002), портпарол во МНР (1993-1994), беше пратеник во албанскиот парламент (1996-1997), помошник и политички советник на претседателот Алфред Моисиу (2002-2007) и генерален секретар на Министерството за здравство (2007-2008). Од 2005 година е професор по политички науки на Универзитетот во Тирана и во неколку приватни универзитети.
Неговите најважни книги се "Падот на демократијата" (1997), "Крајот на Албанската Сиберија" (1998), "Граѓанското општество во Албанија" (2004), "Политичките партии во Албанија, 1920-2006" (2006) "(Над) моќта на партиите" (2007), "Политичките партии и политичките системи" (2008), "Политичките системи во Албанија, 1912-2008" (2009) и "Изборите во Албанија 1991-2008" (2009).



Африм Красниќи

# Кревкиот политички дијалог: примерот на Албанија

Стабилниот политички дијалог е еден од политичките критериуми за стабилен демократски развој и за зачленувањето на Албанија и на регионот на Југоисточна Европа во Европската Унија. За исполнувањето на овој критериум потребно е да се обезбедат политички и социјални предуслови за развој на политичкиот дијалог, како и да се гарантира прикладен амбиент за една совесна политичка елита, каде што дијалогот ќе претставува поттик за јакнење на институциите и на деморкатијата. Албанија претставува комплексен пример на комплексната проблематика на недостиг на дијалог и на потешкотии за негово покренување. Недостигот на традиција, кревките институции, водечкото место и улога на политичките индивидуи на штета на институциите, како и менталитетот и културата на однесување кои се наследени од еден систем кој го исклучува дијалогот – се некои од посебностите на албанскиот случај. Оваа студија се обидува да ги анализира сите историски и актуелни фактори кои го попречуваат дијалогот. Таа ги анализира формите на

Оваа студија се обидува да ги анализира сите историски и актуелни фактори кои го попречуваат дијалогот

политички дијалог, улогата на меѓународниот и на домашниот фактор, продуктите на дијалогот и поледиците кои настанале поради неговото институционално непостоење, како и предизвиците за во иднина. Таа ја брани тезата дека албанскиот модел на политички дијалог, како дел од регионалниот модел, претставува одраз на еден нов кревок систем, на една хибридна демократија, една конфликтуална транзиција, чие влијание врз демократскиот и економскиот прогрес на земјата било генерално негативно. Во функција на студијата се користени албански и странски извори за политичките процеси во Албанија, посебно меѓународните извештаи на Европската Унија, ОБСЕ, Freedom House и на други институции со висок степен на веродостојност во анализирањето и донесувањето заклучоци.

## НЕПОСТОЕЧКА ТРАДИЦИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ДИЈАЛОГ

Зборот „дијалог" беше непознат во политичкиот и јавниот речник на Албанија. Во Речникот на албанскиот јазик (1980) со над 41 илјада зборови, не посотои зборот „консензус" ниту пак „политички дијалог". Во околу петте децении на еднопартискиот систем местото на политичкиот дијалог го заседе политичкиот монолог. Партијата на трудот на Албанија, единствената политичка партија, со закон го забрани спротивното мислење и секој што ќе изречеше критика или мислења кои се разликуваа од официјалната линија, според Кривичниот законик, се казнуваше со затворска казна. За последен пат во политичка Албанија поимот „политички дијалог" е употребен во пролетта 1946-та година. Во тоа време околу 10 пратеници предложија нови разговори околу уставниот драфт и политичката проблематика на земјата. Два месеци подоцна тие беа уапсени и во следните два месеци беа осудени на смрт и погубени.

Во внатрешното општествено организирање, како и повеќето балкански народи, и Албанија имаше долга традиција на племенско и патријархално организирање. Во семејството одлуките ги носеше главата на семејството, во локалната заедница нејзиниот поглавар, во покраината бајрактарот („знаменосецот") и во политичките режими во 7 од изминатите 10 децении одлуките ги носеше водечката индивидуа (кралот Зогу и диктаторот Хоџа). Италијанскиот истражувач Р. Рока, во анализа на денешниот контраст на албанското наследство со право доаѓа до заклучок дека "минатото на Албанија е преполно со феудализам, кланизам, странски освојувања, дактатура. Во Албанија недостасува буржоаската традиција". Тој ова го гледа не само како албанска одлика, туку и пошироко, како регионална одлика. Според него "политиката е иста како во целиот Балкан и во Источна Европа: политика без посредување, без компромис, со челни судири, со монополизација на политиката. Оваа политичка практика нема ништо заедничко со личностите... ниту со политичките начела на десницата и на левицата".

Албанскиот модел има многу сличности со моделите на источните соседи. Се разбира во него има и многу посебни карактеристики. На пример, за разлика од другите поранешни комунистички земји каде посредувачки институции често беа цивилните групи, интелектуалните елити или верските институции, во Албанија тие не постоеја како такви. Верските институции беа забранети со закон во 1967, граѓанското организирање беше забрането со устав, интелектуалните елити фактички беа продукт на истиот механизам на формирање, политичка школа и државна пропаганда како АПЛ. Дотолку повеќе, создавањето на политичките партии во 1990-1991 година се реализираше од страна на оваа елита; ниту еден политички лидер не беше политички дисидент и со закон беа забранети да се ангажираат во политика и личности од политичката дијаспора. Албанија немаше период на либерализација како во Унгарија, Полска, Чекословачка или Југославија; таа немаше видливо демократско искуство помеѓу светските војни и за време

на комунистичкиот систем, премина од југословенска во руска контрола, па во кинеска а потоа се самоизолираше целосно од исток и запад. Нејзините контакти и односи со западниот свет беа минимални и без внатрешен ефект.

Со ова негативно наследство се судри Албанија во 1990 година. Од тогаш се поминати две децении, забележани се многу постигнувања, но во правец на политички дијалог како мисловна култура и однесување, малку е променето. Ова се потврдува и од Прогрес-извештајот за 2010 на Европската Унија за Албанија како одговор на барањето за зачленување. Барањето се одби со главниот аргумент дека земјата не ги исполнува критериумите на Копенхашкиот Самит. Меѓу другото ЕУ оцени дека “политичкиот дијалог е конфронтирачки и неконструктивен” и дека “актуелната политичка ситуација резикува длабока и долга поларизација со сериозни последици што се однесува на способноста на политичката класа за постигнување на компромис и изнаоѓање на консензуз за клучните реформи”. Такви критички определби не се новост за Албанија. Тие биле повторувани во 1991, 1992, 1996, 1997, 2001, 2003 и 2007 година. Во два случаја (1991 и 1997 година) политичкиот конфликт стигна толку далеку што земјата отиде во правец на хаос и Албанија беше приморана да побара меѓународна воена и хуманитарна помош (мисијата “Алба” и мисијата “Пеликан”).

## ФАЗИТЕ НА ПОЛИТИЧКИОТДИЈАЛОГ ВО АЛБАНИЈА

Во ретроспективна анализа политичкиот дијалог во Албанија поминал низ неколку временски фази, кои во голема мера се и главните фази на демократскиот развој на Албанија.

■ Првата фаза се однесува на првите две години на промена на политичкиот систем и почетокот на транзицијата од затворено во едно отворено плуралистичко општество. Во оваа фаза се создадоа првите концепти за политичкиот дијалог и јавната политика. Првите месеци беа моменти на срећавање на политичарите со новите концепции на демокрацијата, политичко брзање за да се фати загубеното време. Првите парламентарни седници наликуваа на основно училиште на демократијата, каде секој пратеник и секоја политичка партија учеше нешто ново, и секое ново нешто се претвораше во норма прифатена од другите. Резултатите на оваа се уште утописка клима беа неколку од најзначајните политички спогодби на транзицијата меѓу кои и создавањето на коалициската влада меѓу мнозинството и опозицијата, со одговорност политичко и техничко администрирање до предвремените избори во 1992 година.

■ Дел од компромисот беше консензуалната поделба на раководните позиции во сите месни единици на земјата, според формулата, победникот на единицата во парламентарните избори го зема и локалното управување. Вториот чекор беше едногласната одлука за анулирање на комунистичкиот устав (1976) и заедничко изготвување на Главните Уставни Одредби (1991-1998). Друг основен чекор беа консензуалните закони за политичките партии, за изборите, за сопственоста, за деполитизирање на државните организации за безбедност, за одбрана, за штрајк, за синдикатите, за амнестија за поранешните политички прогонети, итн. Страните со дијалог и консензус работеа за зачленување на Албанија во СБСЕ (денес ОБСЕ), за повторно воспоставување на односи со САД и Велика Британија, за спогодба за соработка со Светската Банка и Меѓународниот Монетарен Фонд, идр. Оваа добра волја за сестран дијалог и соработка, за заеднички реформи и консензуални избори, со тек на време пропадна бидејќи беше случајна и во вонредни околности. Поранешните комунисти се уште не го имаа пробано преминувањето во опозиција, додека демократите антикомунисти се уште не го имаа пробано земањето на власта и политичкото владеење на земјата.

Кога двете страни се ставија на проба по 1992 година, политичката дистанца меѓу политичките страни се продлабочи толку многу што наместо поканите за дијалог политичките лидери целеа кон притворање, апсење или оцрнување на политичкиот противник.

■ Втората фаза почнува токму во оваа точка на преминување од консензуална политика во биполарна политика, во остар конфликт помеѓу страните и потоа во 1997 година, во остар општествен конфликт. Оваа фаза траеше долго, до 2002 година. Нејзинас посебна карактеристика е комплетниот недостатокот на политички дијалог и институционални разговори. Самиот симболичен факт дека двата главни политички лидери, кои во 1991-1992 година се среќаваа редовно во и надвор од земјата секоја недела или секој месец, меѓу годините 1992 и 2002 година не се сретнаа ниту еднаш, ниту формално, најдобро ја изразува природата на конфликтот и целосниот недостаток на политички дијалог. За време на овие години политичките односи на мнозинството – опозицијата се заострија и поради една природа на персонализирање на истите кон индивидуите, членовите на семејството и нивниот колектив. Па така во склоп на новите реформи се отстранија од јавните функции и администрацијата еден голем дел на политичките членови на опозицијата. Политичката ротација на 1997 година беше исто така насилна и далеку од секаков институционален параметар. Новите победници, поранешните комунисти сега групирани во една широка политичка коалиција, се однесуваа кон демократите во опозиција така како овие последните се однесуваа во 1992 година, со непочитување, оцрнување и осветување.

■ Третата фаза се однесува на 2002-2008 година и има два кулминациони момента: консензуалното решавање на политичката криза од 2002 година како и широкиот консензус за приемот на Албанија во НАТО и за уставни промени во 2008 година. Во 2002 година кога политичките страни се наоѓаа под силни меѓународни критики, соодветните политички лидери Нано и Бериша, по 10 години конфликтоност и студена војна на дистанца, се согласија да се сретнат. Од оваа нивна средба Албанија доби неколку месеци мир и нормалност, но најголемата победа беше консензуалниот избор на Претседателот на Републиката како и почетокот на разговорите за ССА со Европската Унија. Во последната година од оваа трета фаза на политичките случувања и политичкиот дијалог во Албанија, се постигнаа два резултата од големо значење за Албанија и за нејзиниот политички систем: Албанија доби покана за членство во НАТО и полтичките страни со широк консензуз ги усвоија темелните промени во Уставот на Албанија. Дел од уставните измени беа уставно избегнување на политичката криза во изборот на претседателот (преминување од избор на апсолутно мнозинство на избор на просто мнозинство на гласови), зајакнување на уставната позиција на премиерот преку вметнување во Уставот на германскиот концепт на конструктивно движење, промена на изборниот модел во пропорционален, поставување на временски мандат на Јавниот Обвинител, идр. Оваа еволуирана фаза на дијалог и политичка соработка се прекина со парламентарните избори во 2009 година, по кои политичките страни се вратија на традиционалните позиции на конфликтност и реципрочно политичко одбивање. Фактот дена Албанија беше примена во НАТО во 2009 година не помогна во одразувањето и умереноста на политичката елита и дека одбивањето на кандидатскиот статус за во УЕ (ноември 2010 година) е еден битен чекор назад.

## МОДЕЛИТЕ НА ПРОДУКТИ НА ПОЛИТИЧКИОТ ДИЈАЛОГ

Во неговата кревкост политичкиот дијалог преживеал преку неколку културни, социјални и политички фактори, наметнати од внатрешните потреби или од надворешни интервенции. Процесот на добро администрирање и управување на земјата во услови на недостаток на неопходни финансиски средства или на волја и јасна визија за реформи на почеток се компензираше со политички компромиси. Идејата и нивната цел беше добивање на време и отстранување на политичките пречки кои можат да дојдат од големите политички и народни оспорувања. Некои заеднички коалициони влади (1991, 1992, 1997) се директен продукт на потребата за затворање на каналите на протест.

Од друга страна, секоја влада во Албанија во пост 90-те години, иако имала солидно парламентарно мнозинство на една политичка партија била принудена да се создаде врз база на една поширока коалиција, со леви и десни сојузници, без разлика на политичката идеологија, но со цел за распоредување на одговорноста и на власта во повеќе раце. На почетокот коалициите беа формални (медиумски изјави на претседателите) кои подоцна се претворија во институционални (во разговори и кратки договори) и денес секоја страна е свесна дека за да се има коалиција потребни се преговори, разговори, спогодби и политички договори, кои се надгледуваат од страните и од јавноста.

Споредбено, политичките спогодби постигнати во Албанија 1991-2010 врз основа на дијалог и политички консензус, нудат исто така пет модели.

1. Првиот модел, реален и одговорен дијалог. Нејзиниот биланс е минимален и се поврзува главно со периоди на големи промени. Тој се случил во случаите кога главната страна (владата) била многу слаба или кога тенденциите на внатрешните политички случувања биле против неа. Исто така се случувал пред големи настани кои се во врска со големи национални и јавни интереси, за чии пропаѓања ниту една страна не беше спремна да ја сноси одговорноста. Такви се спогодбите за уставните и политичките промени 1991 и 2008 година, спогодбите во полето на интеграциите (ССА и приемот во НАТО), за либерализација на визниот режим, за војната во Косово, за соработката со САД, идр.

2. Вториот модел е наметнатиот дијалог. Меѓунариодниот фактор од почетокот на 90-те ги советуваше и им наметна на политичките страни да соработуваат за една заедничка агенда на развој и реформи. Идејата беше премин од менталитетот на партија – држава, на партија која со политичката власт ги управува сите власти, во идеја на поделба на властите и претворање на партиите во актери на развојот и конкуренција за политичката власт. Овој модел функционира во посебни фази, посебно во прашања поврзани со двете политички страни, како што се прашањата на изборните реформи, за решавање на прашањето на сопственоста, анкетните комисии, подготвителните уставни комисии, реформа на органите за безбедност, за интегрирање, идр. Често овие спогодби беа со краток век бидејќи штом страните ќе дојдеа пдо корист или загуба (на пример, после секој изборен процес), политичкиот конфликт повторно се враќаше.

3. Третиот модел е оној на формалниот дијалог. Една таква форма на дијалог се применува кога политичките страни не ги одбиваат но ниту ги унапредуваат дебатите во дијалогот, создаваат формални комисии, монотонија од изјави и дејствија, со цел прашањето на дебатата да се одолговлекува до недоглед. Во албанскиот јазик има една народна изрека “разговор заради разговор”, која на симболичен начин ја изразува содржината на овој модел. Овој модел бил доминантен во албанскиот политички живот. Бескрајни преговори, разговори, предлог спогодби, меѓународни интервенции, претседателски или партиски тркалезни маси и на крај, целосен недостаток на практиката на консензуални

спогодни прифатени и почитувани од страните. Склони кон создавање на позитивна слика во однос на публиката и меѓународниот фактор, политичките страни воопшто не го одбиваат дијалогот, туку го прифаќаат неговиот развој со убедување и цел непостигнување на некој конкретен резултат.

4. Четвртиот модел е оној на дијалогот и личните спогодби меѓу политичките лидери. Во политиката спротивностите се спојуваат кога станува збор за власт и интерес - израз кој во Албанија се илустрира со конкретни примери. Двајцата традиционални лидери, демократот Бериша и социјалистот Нано, одбиваа да се сретнат еден со друг 10 години, но кога во мај 2002 година се сретнаа, тие за неколку часа воспоставија драстични промени во политичката структура на земјата. Во периодот меѓу 2005-та и 2008-ма десничарскиот премиер Бериша и лидерот на социјалистите Рама избраа една остра  и дискредитирачка реторика еден кон друг, но кога во март 2008 година тие се сретнаа на една 4-5 часовна парламентарна седница се промени уставот и заедно со нив, и политичкиот и управувачкиот систем на земјата.

5. Петтиот модел на дијалот се постигнатите спогодби за поделба на уставната власт. Во бројки таквите случаи се мали, но ефективно нивното влијание е многу големо во политичкиот и управувачкиот систем на земјата. Во 1991 година страните се договорија консензуално да ги поделат главните управувачи на новите уставни институции. Меѓу 1992-2002-ра владеачката страна се повлече од оваа спогодба и создаде институции главно под партиска контрола на мнозинството. По 2002-ра година повторно почнаа разговорите и спогодбите за политичко балансирање на уставните институции (Уставниот суд, Врховниот суд, Централната изборна комисија, Управниот одбор на Централната банка, Високата државна контрола, Управниот одбор на Јавната телевизија, итн.) иако според Уставот концептот на политичко балансирање е антиуставен. Овие форми на екстрауставно спогодување биле главно лични спогодби на политичките лидери и симболично во 2007 година беа етикетирани од страна на Претседателот на Републиката Бамир Топи како “акшам пазар”, една оцена со негативна конотација за политичката култура во Албанија.

## КОНТРАСТИ И ПРОБЛЕМАТИКИ НА ПОЛИТИЧКИОТ ДИЈАЛОГ

Однесувањето кон политичкиот дијалог како концепт и неговото практично почитување се две различни нешта во албанскиот модел. Што се однесува до политичките програми на главните партии, сите тие го прифаќаат и потенцираат политичкиот дијалог како основа на комуникацијата и политичките односи. Тие одат понатаму кога го оценуваат како незаменливо орудие за постигнување на политички спогодби, за еден транспарентен процес, квалитетен и сеопфатен во изготвувањето и усвојувањето на парламентарните закони, како и за изготвување на политички агенди кои ги надминуваат моменталните политички интереси. Но кога истите актери и политички партии на терен се соочуваат со потребата од дијалог, има една драматична промена на нивниот концепт. Секоја страна го смета дијалогот како прифаќање на предлозите на другата страна, не институционалните разговори за заедничко компромисно решение. Значи, страните го мешаат концептот на политички дијалог со оној на политичката дебата и политичкиот монолог.

Како последица на оваа “збрка” меѓу концептите на дијалог и политичка дебата, во последните две децении парламентот бил една институција во “сенка” главно бидејќи тој бил допрен највеќе од секоја институција од периодичните политички кризи. Ниту еден од 16-те владини кабинети на транзицијата не се срушени со гласање во парламентот, ниту една од 22-те досегашни политички спогодби не е

преговарана ниту потпишана во парламентот 10. Парламентот ја имал улогата на нотар на одлуките во седиштата на политичките партии, нешто што влијаело на намалувањето на јавната доверба и неговата демократска ефикасност. Дотолку повеќе, парламентарниот бојкот како и заменувањето на политичката војна од парламентарните и институционални инструменти, како што се протестите на улица, митинзите, штрајковите со глад или одбивањето на службеното одлучување, останува колку стар толку и нов проблем на албанската демократија.

Полтичките партии во Албанија одразуваат и еден длабок контраст во однос на ставовите кон внатрешната и надворешната политика. На пример, во листата на политички приоритети се неколку области за кои политичките страни во Албанија имаат широк консензус. Нема разлики и секогаш гласаат со абсолутно консензуално гласање за секоја одлука која е во врска со национално прашање, со меѓународна спогодба, со основни социјални ангажирања или со прашања од безбедноста и одбраната. Ниту една партија не брани ниту промовира разлики во надворешната политика, во однос на САД или со Европската Унија, со зачленувањето во НАТО или со учеството во мировните мисии или во антитерористичката мисија. Во контраст на тоа е однесувањето кон внатрешната проблематика. На пример, главен извор на традиционалното политичкото недоразбирање биле и остануваат оспоруваните изборни процеси. Од 1990 година па до 2010 година одржани се три референдума, 7 парламентарни избори и 5 локални избори, но од нив до сега од страните е прифатен само референдумот за формата на режимот (1997) и парламентарните и локалните избори од 1992 година. Сите други избори, вклучувајќи ги и парламентарните 2009 година се оспорувани, нешто што создаваше перманентни политички тензии, го минира просторот за политички дијалог, и создаде еден вид на конфликтоност со големи последици врз стабилноста и ефикасноста на албанската демократија.

Друг проблем за денешницата и на иднината на албанската демократија останува недостатокот на движењето на политичката елита. Политичкиот избор се базира на гласовите на граѓанитет, но кога граѓаните се принудени секогаш да избираат помеѓу истите алтернативи, тогаш тој се чувствува ограничен во неговата демократска слобода. Во Албанија од 1991 година остануваат да бидат актери истите политички лидери, истото политичко однесување, истото ветување и политички имиџ. Тоа се истите индивиди кои се обиделе да бидат и премиер и претседател, и претседател на партија и на општина, и пратеник и министер; кои биле симнати од власт со масовни протести и се вратиле на власт неколку пати со поддршка на електоратот. Поради двопартискиот електорален систем речиси е невозможно да се создаде простор за нови политички движења, дотолку што е ограничена секоја можност за примена на директната демократија или за движење на партиските елити внатре во самите политички партии. Овој процес е придружуван со се поголемо опаѓање на бројот на гласачите и милитантните поддржувачи на главните политички партии.

Друг значаен проблем е граѓанскиот фактор и неговата кревка улога во Албанија. Изминатите години во Тирана имаше обиди за создавање на граѓански и јавни инструменти за политички дијалог. Во Тирана дејствуваат политички фондации на главните американски, германски, италијански и француски политички партии, секоја со потикнувачки проекти за политичкиот дијалог. Исто така во Тирана и во главните градови на земјата дејствуваат голем број независни институции, група на цивилното општество, културни мрежи и здруженија со политички акцент, чија цел освен конкретните аспекти беше и останува и птотикнувањето на демократската култура на дијалогот, соработката и добрата волја во третирањето на основните граѓански проблеми. Гледајќи во ретроспектива ниту една значајна политичка одлука и ниту една сериозна политичка криза не е преговарана со

успех од овие неполитички актери, секако во секој случај и за секоја значајна политичка тема секој засебно или заеднички, цивилните актери го примениле сиот свој позитивен притисок за потикнување на дијалогот и решавање на проблемите.

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДИЈАЛОГОТ ЗА ИДНИНАТА

Секој албански политички фактор прифаќа дека главните одлучувачки фактори за нивото на дијалогот и неговата иднина се воедно и главните параметри за една функционална и одржлива демократија. Меѓународните извештаи за Албанија ја потенцираат потребата од одржлив и продуктивен дијалог, заснован на значајни јавни интереси на земјата, како што се внатрешните политички и економски реформи. Самиот факт дека албанскиот парламент од 2008 година не успеал да изгласа ниту еден закон со квалификувано мнозинство (закони за реформи за кои е потребен гласот на опозицијата) е показател на потребата за јасна поделба меѓу значајните интереси на земјата и моментални интереси на политичките партии.

Албанија има потреба од заменување на моделот на силни политичари со модел на силни институции. Индивидуите можат да играат позитивна или негативна улога, тие имаат значајна улога во политичките процеси, но секако тие не можат да ги заменат никогаш институциите со тежината и нивната политичка и уставна улога. Персонализирањето на политиката оди на штета на институциите, политичката конфликтност ја држи во заложништво и работата на институциите, борбата против корупцијата ја става во опасност и ја попречува самата институција, затоа и едно здраво општество пред се се создава само од силни институции, ефективни, веродостојни и демократски. Делувањето на институциите не цели на ослабување на политичките партии туку на редимензионирање на нејзината улога во тој јавен и законски простор што е предвиден со уставот и политичкиот систем.

Дел од јакнењето на институциите треба да биде една нова активна и сеопфатна улога на албанскиот парламент како главна дебатна и институција каде се креира политиката во политичкиот систем. Во функција на оваа улога започнати се политички дебати во Албанија за можноста за структурни промени (парламент со два дома или промена на изборниот систем за зголемување на директната демократија) или за организациски промени (симнувањето на пратеничкиот имунитет, јасна поделба на парламентарните управувачки одговорнсти како и зголемување на транспарентноста на активноста на парламентот).

Поради значителната тежина на политичките партии и политичките лидери, на Албанија и е повеќе од потребна внатрешна демократизација на политичките партии  и нивна поголема усогласеност со позицијата која им е гарантирана со Уставот. Во моментов ниту една политичка партија нема внатрешна функционална демократија - оттука треба да почне промената за да им се овозможи промена во кариерата врз основа на политички проекти, визијата, способноста и конкурентното гласање. Дел од политичката реформа се исто така и длабоките промени во формалниот закон за политичките партии и особено нивните форми на финансирање, закон кој се очекува да биде дел од парламентарната агенда во 2011 или 2012 година.

Политичкиот дијалог бара свесни политички актери и демократско образование. Албанија уште има многу простор за корекција на активностите во овој поглед. Демократско образование во училиштата, зголемување на нивото на граѓанска ангажираност во јавните дебати, поттикнување на граѓанското општество и независноста на медиумите, проширување на директната демократија и

политичка одговорност за јавноста. Демократската култура преку демократска едукација е од фундаментално значење и претставува долгорочен предизвик за вистинска одвоеност од негативните традиции од минатото и создавање на граѓански идентитет - Европски. Понатаму, албанското општество треба да избега од овој модел на дијалог и формалните договори за да се создаде оддржлива агенда и практика на разговори во рамките на уставната рамка и во корист на јавниот интерес и реформите потребни за членство во ЕУ. Во овој предизвик јавноста и граѓаните, медиумите и граѓанското општество имаат суштинска и важна улога.

Албанија ќе треба да покаже сопствена способност за решавање на споровите што произлегуваат од самите внатрешни случувања, како држава во НАТО и со сериозни претензии за ЕУ. Земјата мора да докаже демократска стабилност, неприсутен проект за кој политичарите ги добиваат гласовите на граѓаните за да владеат и за кој граѓаните се повикуваат да гласаат на сите политички избори. Општеството и државата кои се демократски и функционални се во корист на граѓаните, политиката, јавноста, соседните држави и земјите и организациите партнери во регионот, во Европа и пошироко.

**Користена литература**


Анастаси, Аурела. "Политичките институции и уставни права во Албанија (1912-1939)." Тирана 1998 година.
- Башкурти, Лисен "Албанската дипломатија во почетоците на Студената војна." Тирана. 2003 година.
- Биберај, Елез. "Албанија во транзиција. Тешкиот пат кон демократијата ", Тирана 2001 година.
- Biagini, Antonello. "Историјата на Албанија од почетокот до денес." Тирана 2000 година.
- Даниел Сервер, реферат, ISHSN, Тирана, 29 мај 2001
- Ферај, Хусамедин "Совршената криза на Албанија." Тирана 2003 година.
- Фуга, Артан. "Лево, не десно." Тирана. 2003 година.
- Хенсел, Стефан. "Regieren in Albanien. ЁeltTrends бр 45. Хамбург. 2004 година.
- Група автори. "Советот на Европа за Албанија", Тирана 1999 година.
- Красниќи, Африм. "Политичките партии во Албанија 1912-2006", Тирана 2007 година.
- Красниќи, Африм. "(Над) моќта на политичките партии", Тирана 2008 година.
- Красниќи, Африм. "Изборите во Албанија, 1991-2009." Тирана 2009 година.
- Красниќи, Африм. "Политичките системи во Албанија 1912-2008", Тирана 2009 година.
- Омари, Луан. "Парламентарениот систем." Парламентот во Албанија, Тирана, 2004.
- Пелумби, Сервет. "Политичкиот плурализам", Тирана, 2007.
- Пелумби, Сервет. "Да се мисли поинаку." Тирана. 2001 година.
- Пипа, Арши. "Albanian Stalinism. Ideo - Политички аспекти ". САД 1990 година.
- Рама, Шенаси. "Албанските политички проблеми." Тирана, 2006.
- Викерс, Миранда. "Албанците, една модерна историја", Тирана, 2008.
- Загањори, Џезаир. "Демократијата и владеењето на правото." Тирана. 2002 година.


**Изданија / списанија/ извештаи**


- Архива на ОДИХР / ОБСЕ. Извештаите за изборите во Албанија, (www.osce.org)
- Архива на ЕУ. "Албанија - Спогодбата за стабилизација и асоцијација, 2002-2010.
- Архива на ИПУ. "Извештај за изборите во Албанија" (www.ipu.org)
- ЕУ: "Западен Балкан 2004. Поддршката, кохезијата и новите граници на Европа. "Брисел. 2002/3/11.
- BHHRG: "Албанија, 1996: Демократија или диктатура?". Лондон. 1996
- Издание "Quo vadis. Албанија? ". Тирана. 1993 година.
- Издание "Албанците на Балканот." ISHSN. Тирана. 2001 година.
- Уставот на Албанија, Тирана, 1998.
- Списание "Политиката и општеството." Интернет провајдерите. Тирана 2000-2002.
- Списание "Парламентарно право и правни политики, 2004-2008.
- Списание "Историски студии." Академија на науките. Том 1-4. Тирана. 1997 година.
- САД Библиотеката на Конгресот. Албанија - Државна студија .

## Ана Триандафилиду

Д-р Ана Тријандафилиду, Грција, (Диплома при Универзитет Пантеон, Докторски студии при Европски универзитетски институт), хонорарен професор при Европски универзитетски институт, Центарот Роберт Шуман за напредни студии во Фиренца и постар Истражувач при Хеленската фондација за европски и надворешни политики (ELIAMEP) во Атина. Таа исто така е гостин-предавач при Европскиот колеџ во Бриж, од 2002. Таа има работено на професорски и истражувачки позиции во Обединетото Кралство, Италија, САД, Белгија и Грција. Нејзините главни експертски области се миграцијата, национализмот и европските интеграции. Таа има напишано и уредувано повеќе од 10 книги и објавено повеќе од 100 статии во посочени журнали и поглавја во зборници, на истите овие теми. Нејзини скорешни книги ги вклучуваат *Миграцијата во Грција во 21от век* (со Т. Мароукис, 2010, Критики, грчки јазик), *Муслиманите во Европа во 21от век* (2010, Рутлеџ), *Неправилна миграција во Европа: Мит и реалност* (2010, Ашгат).
За повеќе детали околу нејзината работа, посетете www.annatriandafyllidou.com



Ана Триандафилиду

# Што има во едно име? Грчкиот национализам и „македонското прашање“ во менлива Европа

Раните струи на грчкиот национализам во доцниот XVIII век беа обележани од влијанието на просветителството и неговите идеали, што ја привилегираа територијалната и цивилната дефиниција на грчката нација. Сепак, од почетокот на првите декади на постоењето на независна грчка држава во XIX век, нацијата во поголем дел стана дефинирана низ етно-културни елементи, преку посочување заеднички предци, култура и јазик. Доминантната нишка од приказната за нацијата, создадена од грчки историографи во доцниот XIX век започна со толку прифатеното – и дома и надвор – класично минато на Грција, продолжено со христијанството, рехабилитирано од Византиската империја и завршено со грчкото припојување кон Отоманската империја и националното воскреснување во 1821 година. Заради ова, грчката национална заедница беше гледана како уникатна, во својата единственост и универзалност. Таа имаше уникатна историска траекторија од античките времиња до денес и уникатен културен профил, комбинирајќи ја карактеристичноста на нацијата со два ривалски универзализми: едниот на античката грчка култура, а вториот оној на ортодоксното христијанство. Па така, обединетата и уникатна национална заедница, длабоко се засили преку државните политики, воено регрутирање и образование и култура низ XX век.

> Што сои зад „македонското прашање“, „проблемот со името“ и идентитетот?

Иако идентификацијата на нацијата со православието беше проблематична, заради контрадикциите помеѓу специфичните тврдења на грчките националисти и универзалните тенденции на христијанската православна религија, сепарацијата на Грчката црква од Патријархатот од Константинопол во 1833-та, ја потврди интегрирачката врска помеѓу нацијата и јатото. Па така, да се биде Грк стана амалгам од (верување во) заеднички предци, културни традиции и религија. Ова тројно себе-дефинирање исто така овозможи и тројно разграничување, со кое Грците се разликуваа  од нивните соседни нации. Грците беа различни од Муслиманите и Евреите на истокот, бидејќи беа православни христијани. Исто така, беа различни од Словените на северот, благодарејќи на нивното тврдење дека имаат право врз класичната грчка култура. Модерна Грција се гледаше себе си како природен наследник на античката грчка цивилизација – како да културата е предмет, а нацијата негов сопственик – една одлика која малата и геополитичк, релативно периферна Грција, ја направи симболичен центар во конструирањето на европската цивилизација. Иако територијалните и граѓански одлики исто така се здобија со значење преку консолидацијата на националните територии во доцниот XIX и раниот XX век, да се биде Грк често е дефинирано како трансцендирачки момент во грчките јавни расправи.

## МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Комплексноста на македонското прашање е резултат на испреплетувањето на културните со географските и политички прашања. Од една страна, постои грчки дел од Македонија, чиј центар е Солун и кој формира еден интегрален дел од грчката држава и нација. Според грчката историографија, населението во овој регион се дефинира себе си како претежно грчко. Понатаму, овој регион е идентификуван во доминантните грчки разбирања со династијата и постигнувањата на Александар Велики. Затоа, Грците ги сметаат симболите, митовите и традициите поврзани со Александар како дел од националното културно наследство.

Како контраст, според владата на ПЈРМ, не може да постои такво историско тврдење врзано за националноста на Александар Велики; тој во ниеден случај не бил Словен, но нити бил Бугарин ниту Грк, зборувајќи за модерното значење на зборот. Затоа, сите делови од географскиот регион на Македонија (поранешниот југословенски, бугарскиот и грчкиот) имаат подеднакви права да се поврзуваат со Александар, бидејќи неговото наследство е поделено врз целата таа територија. Ова гледиште на работите не ја доведува во прашање грчката идеја за „сопственост" на културата како објект. Тоа всушност го предизвикува нејзиниот сопственик, развивајќи дискусија дека оние кои го носат името Македонија како национално обележје, се легитимните наследници на Александар.

Како што тврди Бордијар, именувањето е фундаментален израз на политичка моќ. Да се даде име на нешто, значи да му се овозможи постоење. Иако грчките државници се најверојатно несвесни за овие негови анализи, тие ја потврдуваат неговата теза со страственото спротивставување на употребата на името *Македонија*, како национален симбол и име на независна држава, до денешен ден. Социјалистичката Република Македонија, претходно постоеше како федерална држава во рамките на Југославија, без да има ефект врз осетливите национални точки на Грција. Но, ситуацијата се промени кога, откако беше растурена југословенската федерација, се оформи независна и суверена држава во 1991 година. Парадоксално, во согласност со ставот на владата на ПЈРМ дека културата е објект што може да се поседува, исто како и националните херои и

митови, грчките влади и грчкото јавно мислење, постојано ја изразуваа својата загриженост дека употребата на името имплицира целосно присвојување на симболите, традицијата, митовите па дури и територијата поврзана со името Македонија.

Со други зборови, граѓаните и елитите од двете држави, Грција и ПЈРМ, изгледа се согласуваат со тврдењето дека културата е „објект" што може да биде поседуван од страна на народ и нација. Прашањето е кој го поседува овој специфичен дел од културата, поврзан со Александар Велики и античката Македонија. Дали таа била хеленска или македонска? Постои ли македонска Македонија или хеленска Македонија? И дали овие придавки: македонски, хеленски (или впрочем, бугарски) се квалификации од географска природа или политичка или, пак, културолошка?

Спорот меѓу Грција и ПЈРМ околу сопственоста на културата, инволвира повеќе национални симболи и културни артефакти. Грција се спротивстави на употребата на првото знаме на ПЈРМ (употребувано помеѓу 1992 и 1995 година и потоа ревидирано по барање на Грција) бидејќи го прикажуваше *сонцето* од Вергина. Оваа *ѕвезда* или *сонце*, како што е често нарекувано, беше откриена во средината на 1970-те, кај Вергина, југоисточно од Солун, каде што се наоѓал античкиот македонски главен град, Егеј, и од тој момент, таа се смета за амблемот на империјата на Александар Велики. Грчката влада посочи на несекојдневноста на знамето што претставува национален идентитет на еден народ, на пример Македонците, со повикување на националната традиција и културното наследство на друга нација, претежно Грција. Секако, откако започна спорот, *сонцето* од Вергина се презентира со зголемен интензитет, по јавни згради и други локалитети во грчкиот регион на Македонија, како национален и регионален симбол.

Аргументите на двете страни се засновани на политичката улога на културолошките симболи на нацијата и државата. Тие би требало да имаат за цел да го презентираат континуитетот и единството на националната заедница низ историјата. Историската и културолошка семантика, вградена во националните симболи, доведе до тоа Грците да го сметаат создавањето и признавањето на новата република како повредување на нивниот национален идентитет. Грчкото националистичко движење со тоа се стекна со одбранбен карактер; тоа сакаше да го подвлече и заштити она што беше перцепирано како национално наследство, од симболичната инвазија на *Скопјаните* (како што се нарекуваат граѓаните на ПЈРМ, во говорен грчки јазик).

Конзервативната влада (1989-1993) на Константин Мицотакис, лидерот на Нова Демократија, заземе една ригидна и националистичка позиција по ова прашање. Таа започна низа иницијативи од полето на културата, против признавањето на Република Македонија. Беа организирани форуми, работилници и јавни дебати, со учество на интелектуалците и медиумите. Националната туристичка агенција лансираше рекламна кампања, која промовираше патувања во северот на Грција, за културно да се осознаат регионите на Македонија и Тракија. Националистички пораки беа печатени на маици и налепници, но испишани на англиски јазик, за да можат да ги разберат странските туристи. „Прво научете историја" и „Духот на Александар Велики е универзален но неговата татковина Македонија е грчка веќе 3.000 години" беа некои од најелоквентните слогани.

Овие владини иницијативи беа успешни во мобилизирањето на Грците, во татковината и надвор од неа. Огромен јавен собир со приближно еден милион луѓе се одржа во Атина во декември 1992 година. Колективното мобилизирање настана спонтано, но јавниот бес против тврдењата на ПЈРМ беше во голема мера

потпален од политичките елити. Уште едни демонстрации беа организирани во Солун неколку месеци подоцна, како и други во повеќето заедници на грчката дијаспора, во САД, Канада и Австралија.

Пофлексибилниот став по македонското прашање од конзервативната влада летото 1993 година, доведе до нејзин пад од власта. Тогашниот министер за надворешни работи, Андонис Самарас, заедно со одреден број конзервативни членови на парламентот кои го поддржуваа, го обвини премиерот Мицотакис за однесување „опасно по нацијата", а потоа ја повлекоа својата подршка на владата. Самарас создаде нова партија, наречена Политичка Пролет (*Politiki Anixi*). Мал број конзервативни пратеници ја напуштија Нова Демократија и се приклучија на новата партија, тврдејќи дека премиерот дејствува против националниот интерес. Националистичкиот дух доминираше во предизборната кампања во есента 1993 и беше нашироко промовиран од опозициските партии, Политичка Пролет и социјалистичката ПАСОК, во нивните кампањски дискусии.

Македонското прашање остана главно инструментално прашање за социјалистичката влада и нејзиниот тогашен лидер, Андреас Папандреу, кој победи на изборите во 1993-та. Администрацијата на Папандреу усвои уште поригидна позиција по прашањето и во ноември истата година наметна трговско ембарго кон ПЈРМ и на единствениот излез на земјата, Егејското море. Ситуацијата достигна кулминација на тензиите за време на грчкото претседателство со Европската заедница во првата половина на 1994 година. Грчката влада ја зацврсти својата позиција и одби да го крене ембаргото. Всушност, секој предлог за компромис по прашањето за името *Македонија* и симболите поврзани со него, будеше силна реакција кај народот и го ставаше легитимитетот на владата под прашање.

Дипломатските и економски односи помеѓу Грција и ПЈРМ беа рехабилитирани во септември 1995, по интервенцијата на САД, кои извршија притисок на двете земји за наоѓање компромис. Сонцето од Вергина беше отстрането од знамето на ПЈРМ, а Грција го крена ембаргото кое го наметна на земјата во 1993 година. Администрацијата на Костас Симитис, која ја наследи онаа на Андреас Папандреу во јануари 1996, јасно изјави дека сака да најде компромис, исто како и владата на ПЈРМ. Сепак, преговорите по прашањето на името се сé уште активни и одреден број алтернативи (Новомакедонија, Нова Македонија или Славо Македонија) се дискутирани во рамките на медијаторството на Обединетите Нации, но сепак конечно решение не е постигнато. Двете страни се екстремно внимателни во прифаќањето решение кое на било кој начин би можело да ги испровоцира националните чувства на сопственото население. Засега, државата е признаена од Обединетите Нации, од Советот на Европа и останати меѓународни организации под името ПЈРМ. Сепак, повеќе од неколку национални влади и народи (исклучувајќи ја Грција) се обраќаат кон земјата како *Македонија*, без квалификации.

Таканареченото македонско прашање, кое се појави со создавањето на ПЈРМ, е центрирано околу употребата на заеднички опсег на културни вредности и симболи, од страна на две различни нации и држави, со една иста цел. ПЈРМ наизглед немаше други алтернативи при дефинирањето на својот национален идентитет, имајќи го во предвид балканскиот контекст. Ако се земе предвид дека сите балкански нации го дефинираат националниот контекст на база на етничкото потекло и културни врски, новата република мораше да го следи истиот модел. Ако се потврди дека националната историја на регионот беше перцепирана како доволно истражена, регистрирана и *дистрибуирана*, наспроти препирањата на државите соседи околу одредени интерпретации, мораше да се создаде простор

за создавање нова нација. Ова беше исклучително тешка задача. ПЈРМ мораше некако да создаде своја национална историја, на „трошок“ на културните симболи и историја на некоја друга нација.

Конфликтот кај Грците создаде чувство на изолација, географска и културна, со почит кон нивните европски партнери за кои беше тешко да ја ценат грчката осетливост по прашањето. Тие не гледаа територијална закана во создавањето нова држава и не можеа да го разберат комплицираниот културолошки симболизам во спорот со името. Концептот за различноста на Грција беше посебно потенциран во балканскиот контекст од 1990 година. Распаѓањето на Југославија, политичката и економска нестабилност низ Централна Источна Европа, блиските политички и религиски интереси помеѓу ПЈРМ и Турција и историското искуство за трауматското етничко мешање за време на XIX и раниот XX век, беа фактори кои придонесоа кон поткревање на загриженоста на Грција околу создавањето на Република Македонија. Истиот овој контекст и поранешните искуства, ја поткрепија грчката перцепција за себе како нација која нема *побратим*, нација што е уникатна но истовремено нација која нема браќа ниту сојузници. Грчките влади и реакциите на јавното мнение по македонското прашање, во раните ‘90-ти па се до денес, мора да бидат разбрани во склоп на овој контекст.

## ПОЗИЦИОНИРАЊЕТО НА ГРЦИЈА ВО ЕВРОПА И БАЛКАНОТ

Но, зошто грчките граѓани и елити би се перцепирале себе си како нација без пријатели? Навистина, грчката историја и политика се означени од амбивалентната геополитичка позиција на земјата, на крстопатот помеѓу Истокот и Западот. Таа амбивалентност е рефлектирана врз грчкиот национален-културолошки идентитет и исто така врз надворешната политика и односите со други земји. Грчкиот идентитет е со две лица. На една страна, тој се насочува кон Истокот, кон византиската традиција и православното христијанско наследство. Но Истокот е воедно и потенцијална закана за модерна Грција; тој ја застапува Турција и муслиманскиот свет. Од друга страна, Западот беше извор за националистичка инспирација и поддршка за младата грчка држава во XIX век. Европските интелектуалци и политички елити ја гледаа во Грција како лулка на модерна Европа. На современите грчки граѓани со ова им беше наметнато бремето но и почеста на наследството од славното минато, кое мораше да биде уникатно по значење, на начин кој ќе ги разликува Грците од останатите нации, а истовремено да биде културолошки универзално, на начин кој ќе придонесе кон архетипот на европското просветлување.

Иако националистичкиот концепт успеа да ги стопи класичната Грција и византиската традиција во едно, конструирајќи национално минато без дупки, амбивалентноста помеѓу Истокот и Западот остана важна одлика на грчкиот идентитет и политика до денешен ден. Европа го создаде своето гледиште за модерна Грција со референци кон нејзината античка цивилизација, испуштајќи ги двете илјади години измеѓу. На тој начин, Грците се најдоа заробени помеѓу Хеленизмот и Романизмот. Иако (Западна) Европа е главниот политички и културолошки референт низ XIX век па се до денес, позициите на Грција остануваат амбивалентни, а да се биде современ Грк значи да си во Европа – но не во неа. Сепак, европеизацијата на модерна Грција е официјално потврдена со нејзиното приклучување кон Европската Заедница во 1981-та. Но, Грците и понатаму гледаат кон *Европејците* со сомнеж; неупатените луѓе но и политичките елити често модерната западно европска култура ја перцепираат како игнорантна кон грчките обичаи и традиции.

## СЕГАШНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

По 1989 година, Грција стана домаќин на огромен број емигранти, претежно од Балканот (Албанија и Бугарија), Централна и Источна Европа (Романија, Украина и Русија), но, исто така – со зголемен процент – од Азија (Индија, Пакистан, Бангладеш и Кина). Емиграцијата постави важни прашања на грчкото национално себе-разбирање. Со 10% емигранти во земјата, државните институции и јавното мислење постепено сфатија дека грчкото општество всушност станало мултикултурно и мултиетничко. Иако доминантните гледишта на грчката нација тврдат дека „Грција им припаѓа на Грците", секојдневниот живот во училиштата и на работните места го покажува спротивното. Последните реформи во граѓанските закони (март 2010) навистина ја прифаќаат и институционализираат оваа нова реалност.

Првата деценија од XXI век почна навистина позитивно за Грција. Вклучувањето на земјата во првата фаза на имплементации од евро-зоната, на 1-ви јануари 2002, ја потврди нејзината европска одлика, на монетарно но, исто така, и на симболично ниво. Олимписките игри во 2004 година направија пример од гледиштето дека модерна Грција е културолошки самоуверено општество, кое има робусна економија и кое ги оставило проблемите со идентитетот, заедно со економските слабости зад себе. Дополнително, од 2000-та донесоа значителни промени во европскиот и балканскиот контекст за Грција: проширувањето во 2004 кон Централна и Источна Европа ги промени геополитичките, културните и религиските граници подалеку кон Исток, правејќи ја Грција неизбежно повеќе централна во тој новосоздаден европски пејсаж.

Двата развојни процеси ги воспоставија грчките национални расправи на поцврста позиција во Европа. Истовремено, проширувањето на ЕЗ со вклучувањето на Турција и Балканот, отвори нови предизвици околу идентитетот и геополитичките прашања. Додека грчкото јавно мислење беше согласно со вклучувањето на Хрватска и земјите од Западниот Балкан кон ЕЗ (целиот процес беше оценет како фактор кој ги осигурува демократијата, стабилноста и мирот во регионот) тоа беше спротивставено кон вклучувањето на Турција. Турција беше и сѐ уште е перцепирана како соседна закана, примарно заради прашањето на Кипар, турските аспирации кон Егејското Море, исто како и турското манипулирање на своето етничко малцинство во Западна Тракија.

Новата деценија осамна со тешка и болна економска криза. Оваа криза го потврди тоа во кое се сомневаше мноштвото граѓани (но во кое не сакаа да верува), односно дека „златните" години на значителен економски развој и сјајот на Олимписките игри само ја прикрија структуралната слабост на грчката економија и потребата за радикални промени во пазарот на работната сила, економијата, социјалниот и пензиски систем како и во генералното организирање на јавната администрација.

Навистина е изненадувачки дека со сите социјални, политички и економски предизвици со кои е соочена Грција (и на кои повеќе или помалку е соодветно одговорено) низ последниве две децении, прашањето за именувањето на ПЈРМ е сѐ уште неизумрено и незаборавено. Додека „Македонското прашање" денеска не води до јавни собири, анкетите на јавното мислење пружаат валидни податоци дека доминантното мнозинство испитаници го смета прашањето за многу важно и дека со голема жалост би реагирале на одлука на грчката влада да прифати компромис за употребата на името Македонија без дополнителна и јасна квалификација (како Славо, на пр). Тие тоа би го сметале за национален пораз и владата (која тоа би го прифатила) би била сметана за предавничка.

Јас верувам дека единствениот начин за овие две земји да продолжат со движењето нанапред е нормално, компромисот. Сепак, тој компромис би требало помалку да се заснова на селекцијата на одредени зборови што би го креирале името на ПЈРМ. Би требало да вклучува промена во насоката: една јавна кампања која би им објаснила на граѓаните на Грција и ПЈРМ дека Александар Велики не бил ниту Македонец ниту Грк, во смислата во која ние ги разбираме овие термини во денешницата и дека веројатно бил обете, и Македонец и Хелен во смислата во која тие ги разбирале термините тогаш! Затоа, не постои поента во расправањето околу тоа кој ја поседува историјата, хероите и со тоа, имињата. Останува да се разгледаат можностите за меѓусебно признавање дека постоиме, да се развива трговијата, економската соработка, културна размена (на крајот на краиштата, нашата популарна музика и танците се многу слични) и туризмот. Во тој случај, решавањето на проблемот со името би требало да биде и би бил логичен заклучок на сето ова, наместо неговиот почеток. Историјата е навистина модусот со чија помош ние го реконструираме нашето минато, за нашата сегашност да има смисол и за да можеме да ја замислиме иднината. Од тука, можеби ние, како две засегнати страни, треба да ја прегледаме нашата историја и повторно да размислиме за неа, со критички поглед врз она што не соединува, наместо раздвојува.

## Милаим Фетаи

М-р Милаим Фетаи (1958), Македонија, политиколог. Завршува политички науки на Загрепскиот Универзитет, каде се стекнува со титулата Магистар по политички науки од областа на меѓународните односи.
Од мај 2010 година е избран на функцијата Заменик претседател на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Во 2004-2005 година е иницијатор и прв управител на Националната телевизија Алсат-М. Од 2001 година е предавач на Државниот универзитетот во Тетово. Објавил низа стручни трудови во повеќе домашни и странски публикации. Milaim Fetai e roden vo  s. Чegrane Gostivarsko na 11 juli 1958 godina. Живе во Скопје.



Милаим Фетаи

# Спорот со Грција и македонските интеграции

## 1. ПАДОТ НА ЕПОХАТА НА РЕАЛСОЦИЈАЛИЗМОТ И СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА КАКО НЕЗАВИСНА И СУВЕРЕНА ДРЖАВА

1.1. Непосредно по Втората светска војна се создадоа реални, општествени и политички услови за идејата за една единствена обединета Европа, иако релативно рана , со тешкотии и за релативно подолг период, да создаде патеки и отвори пат кон реализирање. Студената војна, која си најде израз веднаш по победата на антихитлеровата коалиција, ги забрза интегративните процеси во Западна Европа.

> Промената на уставното име и го отвора патот на Македонија во процесот на понатамошно интегрирање во евро-атлантските структури

1.2. Откако ново основаната Организација на Обединетите Нации не успеа да ја реши основата на конфликтот на интереси меѓу Истокот и Западот, Западна Европа, со успех им пријде на интегративните процеси во разни области. Овие процеси првично најдоа израз во полето на политиката и безбедноста. Се создадоа и првите институционални интегративни форми во полето на економијата: од првите заедници со наднационален карактер и европските економски заедници до Европската Унија.

## 2. ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО Е ПРВИОТ ИНТЕГРАТИВЕН ЧЕКОР ВО ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ СТРУКТУРИ

2.1. Падот на Берлинскиот ѕид симболично го одбележа доаѓачкиот крај на озлогласениот период на „студената војна". Ова, воедно го одбележа и дефинитивниот пад на една епоха - епохата на реал-социјализмот. Падот на реал-социјализмот за малите држави, како што е и Македонија, ја воскресна и засили надежта дека нивниот степен на физичка безбедност ќе се покачи со зачленувањето во НАТО и дека на тој начин, ќе се овозможи и развојот и понатамошното зајакнување на тукушто конституираната демократија во неа.

2.2. Македонија, стремејќи кон полна интеграција во сите евроатлантски интегации, речиси пебицитарно се изјасни за нејзино полноправно членство, како членка на НАТО, со сите права и обврски, кои ги предвидува основачкиот акт на оваа меѓународна воена алијанса.

2.3. Како неколкугодишен партнер на НАТО за мир, како членка на Јадранската Повелба и, посебно, како држава која ја уживаше подршката и помошта на НАТО во неколку кризни ситуации кои ги доживеа од објавувањет на независноста па до потпишувањето на почетокот на процесот на спроведување на Охридскиот Договор, Македонија со право чекаше, како кандидат за членка на НАТО, да биде поканета на Самитот на НАТО во Букурешт, кој се одржа во првата половина на април 2008 година.

Но, Грција како полноправна членка на НАТО, недвосмислено се изјасни дека не се откажува од користењето на правото на вето. Овој чекор на Грција, со кој ефективно се одложи одлуката за зачленување на Македонија во НАТО, предизвика разни коментари, како во политичките кругови на заинтересираните страни, Грција и Македонија, така и во поширокиот политички простор.

Со цел овие прашања да ги разјасниме одблизу, колку толку, ќе се обидеме, во продолжение да третираме неколку суштински аспекти на овој спор и да сугерираме едно можно негово решение.

## 3. УСТАВНОТО ИМЕ ГИ УСПОРИ ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАТИВНИ ПРОЦЕСИ НА МАКЕДОНИЈА

3.1. Уставното име на Македонија беше оспорено од Грција, веднаш по неговото конституирање. Ова оспорување дојде до израз како во периодот на признавањето од другите држави, така и за време на процедурата по повод зачленувањето на Македонија во Организацијата на Обединетите Нации.

3.2. По инсистирањето на Грција Македонија да биде не примена во Обединетите Нации со нејзиното уставно име, Генералното Собрание на Обединетите Нации направи еден преседан: не ја прими Македонија како членка со нејзиното уставно име, туку ја именуваше „Поранешна Југословенска Република Македонија". Овој чекор во тоа време се оправда со ставот дека ова именување за Македонија ќе се користи само внатре во структурите на Обединетите Нации.

Овој чекор на Генералното Собрание на Обединетите Нации се дочека со жалење во институционалните, политичките и државните кругови на Македонија. Во овие кругови се сметаше дека со овој чекор, во суштина не само што се „поддржа" последователниот став на Грција да не се признае Македонија со нејзиното уставно име, туку на индиректен начин се обезвредија и сите спротивставувања на Македонија во врска со конкретните штети кои на нејзината економија и ги предизвика Грција, бидејќи оваа, од почетокот на 1990 година, го блокираше

транзитот на сите стоки кои доаѓаа од Солун, вклучувајќи ги и стоките кои беа наменети за неколку од земјите на Европската Економска Заедница.

3.3. Оваа “сеопфатна” блокада, за новата држава – Македонија и нејзината слаба  економија, спроведувана во првите пет години од нејзиното постоење како независна и суверена држава,  беше силен удар. Ударот беше тежок и за внатрешните општествени и политички односи. Ударот посебно беше тежок и за нејзините меѓународните политички односи, бидејќи објективно се отежна патот на нејзината афирмација на меѓународната политичка, па и институционална сцена.

Зачленувањето на Македонија во Обединетите Нации, сепак, беше настан кој ги подигна нејзините надежи дека пречките предизвикани од нејзиниот јужен сосед и недоразбирањата со овој сосед, набргу ќе се надминат и дека, како Грција така и Македонија, како соседи, за секоја потешкотија и недоразбирање, ќе изнајдат решение прифатливо за двете страни. И, навистина, со напори на двете засегнати страни, на 13.09.1995 година, Грција и Македонија ја склучија Привремената Спогодба, која и на  двете страни им даде надеж дека заедно го засадија дрвото на добрата надеж – ја создадоа основата за решавање на сите билатерални конфликти.

3.4. Привремената Спогодба, од 1995 година, ги роди надежите на соседите, на регионот и посебно на Европската Унија дека изминатиот петгодишен период, кој за економскиот потенцијал и за меѓународна афирмација на Македонија – беше еден многу тежок, се затвори. Но, како што излезе на површина во текот на еден релативно краток временски период, со Привремената спогодба, од 1995 година, спорот во врска со името на Македонија – не се реши; решението, во суштина, се пролонгираше за неопределено време.

Факт е дека со Привремената Спогодба, од 1995 година, на Македонија и се отворија патиштата за поинтензивен економски развој и за понатамошно нејзино афирмирање на меѓународната политичка сцена; на Македонија и се отвори патот на доближување со Европската Економска Заедница и со самата Европска Унија. На земјата, посебно, и се отвори патот на брзо доближување кон НАТО, нешто кон кое Македонија целеше од денот на нејзината независност.

3.5. Откако се отстрани посериозната пречка на патот кон меѓународните економско-политички и воено-интегративни процеси во институциите на Западна Европа и во светот, Македонија придоби од приликата и во текот на петгодишниот период кој следуваше, со меѓународните спогодби, создаде и во многу области ја институционализираше тесната соработка, пред се – со европската економска заедница, потоа и со самата Европска Унија, додека со Северноатлантската Алијанса создаде партнерство и се приклучи во структурата на многу организации и меѓународни институции, било како членка или како партнер.

Меѓу понадежните одредби за Македонија беше одредбата од Членот 11 од Привремената Спогодба, од 1995 година, според која јужниот сосед, се обврзува да не презема ниту една мерка која би попречувало било кој интегративен процес на Македонија во тие меѓународни организации и здруженија, во кои самата Грција веќе беше зачленета. Оваа одредба од Привремената Спогодба од македонската страна беше разбрана како меѓународна обврска на Грција таа, на доброволен и едностран начин, да се откаже од правото на вето, ако ова нејзино право ѝ се признава, според организационо - нормативните акти на споменатите меѓународни организации и здруженија.

И, навистина, Грција постапи токму така, но само до 2001 година. Со влегувањето на Македонија во криза, поради вооружениот конфликт кој изби на нејзината територијата, Грција почна да ги игнорира нејзините обврски кои произлегуваат од цитираната одредба од Привремената Спогодба, од 1995 година.

3.6. Вооружениот конфликт навистина ја соочи  Македонија со една многу сериозна криза. Но, оваа криза, по успешното политичко мобилизирање на внатрешните сили и со помош на Меѓународната Заедница, се реши во текот на годината со еден акт од историско значење кој во Македонија донесе мир за сите и институционална и државна стабилност; овој акт сега е познат како Охридски Договор.

## 4. ПРОМЕНАТА НА УСТАВНОТО ИМЕНУВАЊЕТО ГО ИНТЕНЗИВИРА ИНТЕГРАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ СТРУКТУРИ

4.1. Констелацијата на меѓународните односи на Балканот, која се создаде поради ефективните воени чекори на територијата на некогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, која само што беше распадната, услови и воедно го забрза доближувањето на Македонија кон НАТО. Оваа блискост, подоцна ја зајакна и ефективниот вооружен конфликт на почетокот на 2001 година, кој избувна на територијата на самата Македонија, само десет години по прогласувањето на нејзината независност и нејзиното меѓународно признавање.

Овие настани, кои последователно го ризикуваа државното битие на Македонија, со сеопфатната помош на Меѓународната Заедница, придонесоа Македонија се повеќе и во многу области да се поврзува и да соработува со НАТО. Тука посебно ја потенцираме само едната форма на оваа плодна соработка: веднаш по завршувањето на вооружениот конфликт и потпишувањето и стапувањето на сила на Охридскиот рамковен договор, на НАТО му беше доверена една значајна задача – спроведување на сеопфатното разоружување, нешто што имаше за цел да се обезбедат предуслови за заживување на Спогодбата.

4.2. Покрај тоа, во рамките поставени од страна на Јадранската повелба, Македонија беше успешна во спроведување на сите нејзини обврски кои произлегуваат од Договорот со НАТО за Партнерство: со успех го спроведе и се уште го спроведува внатрешното реорганизирање на воените сили, со своите соодветни воени единици таа со успех се подготвува и се вклучува во сеопфатна програма на НАТО Алијансата, кој има за цел зачувување на мирот и меѓународната безбедност (Авганистан, Судан) и на овој начин, ја потврдува нејзината определба и способност да од Алијансата зема и со успех ги реализира своите меѓународни воени обврски.

Но, на почетокот на 2008 година, кога Македонија веќе ги исполни сите услови и кога реално се очекуваше, заедно со другите две членки на Јадранската повелба – Албанија и Хрватскада, да стане полноправна членка на НАТО, повторно Грција ја направи најсериозната пречка: се закани дека ќе го искористи правото на вето и дека, на тој начин, нема да дозволи Македонија да стане членка на НАТО, ако не го промени своето уставно име!

4.3. Откако Грција, постапувајќи на овој начин, токму во моментот кога Македонија со право очекуваше, заедно со Албанија и Хрватска, да биде поканета на Самитот на НАТО во Букурешт, пред Македонија, народот и нејзините државни институции, се постави неизбежната обврска да спорот околу името се реши што побргу. Бидејќи за Македонија, патот кон зачленувањето во НАТО значеше пат кон европската демократија, кон нејзина физичка безбедност и нејзината државна сигурност во иднината.

## 5. ИМЕНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА, ПРИФАТЛИВО ЗА ДВЕТЕ СТРАНИ ВО СПОРОТ, ТРЕБА ДА БИДЕ ЦЕЛ НА НИВНАТА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА

5.1. Прашањето на именувањето на Македонија има повеќекратна меѓународна политичка димензија. Иако години по ред, од нејзиното создавање како независна и суверена држава, ги обременувало и понатаму ги обременува билатералните односи меѓу Македонија и Грција, сеуште не е пронајдено адекватно решение. Ценејќи дека е неопходно ова прашање дефинитивно да се реши, во продолжение ќе се обидеме да третираме неколку од фактите и пристапите, за кои сметаме дека се релевантни за решавањето на овој спор.

5.2. Поаѓаме од фактот дека безбедноста на една држава е иманентен предуслов за нејзин стабилен развој. Оваа безбедноста подразбира еден систем и целина на методи, со чие спроведување се постигнува сигурноста на луѓето и на имотот, се постигнува нивна одбрана од бројни и различни ризици, сметајќи ги тука и ризиците од војна, од криминална активност, па и од последиците на природни непогоди, пожари, сообраќајки, саботажи, субверзии, терористички чинови и акции. Безбедноста на една држава се гради и чува преку институирање на системот кој се потпира на функционалните институции на власта. Со превземање на определени мерки, секојдневни и превентивни, и со изготвување на соодветни законски и политички акти и одлуки, институциите на државата, зависно од нивните надлежности и компетентност, обезбедуваат стабилен општествен и економски развој во нивната држава, што е од голема важност.

5.3. Но, каков и да е системот на институциите на власта, па нека е тој и повеќе од функционален, не треба да се разбере како единствено решение, создадено –еднаш и засекогаш! Бидејќи, секој од овие системи, на континуиран начин, треба да се прилагоди на генералните општествени, политички и економски барања, пред се внатре во земјата, но и на тие кои се актуелни во регионот и во светот како целина.

„Внатрешната“ и „надворешната“ безбедност, значи – меѓународната безбедност на една држава (безбедноста на регионот и таа на поширокиот простор), всушност претставуваат две страни од истиот медал. Понатаму, институираниот систем, поставен од институциите на власта во една земја, како што е и примерот со Македонија, ако како главна цел е реализирањето на волјата и на сеопфатните напори на народот на земјата за таму да се постигне комплетна безбедност, пред се на внатрешен план, неопходно е да се биде ориентиран кон многу тесна соработка со еден соодветен меѓународен фактор на безбедноста, како на регионален така и на глобален план. Овој соодветен меѓународен фактор, несомнено може да биде и е Северноатланската Алијанса – НАТО. И нема сомнение дека НАТО денес, без ниту една забелешка, е една и единствена меѓу поголемите меѓународни, регионални и глобално важни институции.

5.4. Бројни се причините, факторите кои на секоја земја, а посебно секоја мала држава, каква што е Македонија, ѝ го наметнуваат барањето за постојано прилагодување на нејзиниот систем на организација на институциите на власта, со цел овие институции, во секое време на бидат способни да одговорат на барањата на времето. Овие причини, овие фактори, можат да бидат од внатрешно политичка природа, односно можат да бидат со општествено и економско потекло внатре во државата, од причина што нивното појавување зависи од развојот на политиката, исто така и од сеопфатниот општествен и економски развој внатре во државата.

Споменатите причини фактори, несомнено, можат да бидат и од идеолошка, но и религиозна природа! Токму и во овој смисол, анализата на професорот Габер е

многу интересна. Според оваа анализа, меѓу релевантните причини и фактори, соодветни за да влијаат на стабилноста, и внатрешна и меѓународна, на една земја, професорот Габер ги смета културните, етничките и моралните вредности, потоа ги вреднува и историските и религиозните вредности, кои се веќе прифатени од општеството и од земјата, го добиле „правото на граѓанство“ во општеството и во државата. Дури, според професор Габер, сите овие и други вредности како и нивното значење, на одреден начин, на Балканот, фабрикуваат основи врз кои се создаваат конфликтни и кризни ситуации, како што беше кризата предизвикана од вооружениот конфликт во Македонија, во 2001 година.

5.5. Реално било, значи, да се очекува, во првата половина на 2008 година, како и двете други членки на Јадранската Повелба, и Македонија да биде поканета во Букурешт. Да беше така постапено, Македонија, која токму во тоа време ги исполнила сите претходно потребни услови, кои беа барани од Северноатлантската Алијанса, ќе ѝ се отвореа вратите за полноправно членство, првин во НАТО и набргу потоа и во Европската Унија.

Тоа што требаше да се случи, односно тоа што изгледаше сосема „нормално“ дека ќе се случи – не се случи! Бидејќи, како и речиси пред полни две децении, во случајот на примањето на Македонија во ООН, на патот на Македонија кон полноправното зачленување во НАТО, застана Грција – со нејзиното енергично барање, пред Македонија да се зачлени, дефинитвно да се реши спорот со нејзиното име, што со други зборови значи – да се промени нејзиното уставно име и Македонија да најде „меѓународно“ име, кое ќе биде прифатливо и за Грција.

5.6. Така, денес пред нас е поставено прашање кое по природа и важност ги надминува границите на „билатерален спор“ помеѓу Грција и Македонија и покрај фактот што меѓународната заедница, веднаш по Самитот на НАТО во Букурешт, заземе став дека овој спор е билатерален и како таков нема димензии на меѓународен спор! И покрај тоа, ако се имаат предвид меѓународните субјекти и институции вклучени во ова прашање и посебно ако се има предвид фактот дека за зачленување на Македонија во било која меѓународна организација, во која Грција веќе е членка, објективно не е можно во таква организација Македонија да пристапи доколку за таквото зачленување Грција не изрази „добра волја“. Бидејќи реално е да се очекува дека Грција континуирано ќе го покренува прашањето за името на Македонија како – „претходно прашање“

5.7. Според Грција, уставното име на Македонија, „Република Македонија“, само по себе сугерира територијална претензија на оваа држава кон соседната држава – Грција. Но, за разлика од овој став, голем е бројот на земјите, кои сметаат дека тоа „не сугерира“ некое барање на Македонија за било каква територијална претензија кон Грција. Меѓу овие, вкупно 126, држави кои Македонија ја признале под нејзиното уставно име, се и големите сили и земјите постојани членки на Советот за безбедност на Обединетите Нации.

Во полза на ставовите на државите кои сметаат дека името на Македонија не сугерира никакви територијални претензии кон северниот дел на територијата на Грција, го потенцираме и ставот на Комисијата на Бадентер, од неговиот прв извештај кој беше доставен до Советот на Европа. Во овој извештај, да се потсетиме, Комисијата на Бадентер, изрази јасен и недвосмислен став според кој, доколку дојде до распад на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, само Македонија и Словенија ги исполнуваат условите директно да бидат меѓународно признаени! Токму во ова време, Македонија беше признаена како „(Социјалистичка) Република Македонија“.

5.8 Покрај ова, како државна творба, за првпат на политичката карта на светот е појавена, родена и живееше (како федеративна единица на новата држава –

Народна Федеративна Република Југославија, 1944 година) со нејзиното денешно уставно име – Република Македонија.

Името на Македонија, познато како нејзино уставно име – „Република Македонија" е напишано и во нејзиниот прв Устав, од 1991 година и од тоа време, за скоро шест децении од нејзиното појавување на политичката карта на светот (1944 година), односно за скоро две децении од прогласувањето на независноста (1991), се именува „Република Македонија". И денес, Грција е единствената држава на светот која на Македонија силно и го оспорува името. Дотолку повеќе, под притисок на Грција, пред Македонија да се зачлени во Организацијата на Обединетите Нации, согласно предлогот на Советот за безбедност, предлог кој е поддржан од целата меѓународна заедница, Македонија како членка не е прифатена под нејзиното уставно име, туку и е одредено „привремено именување" – „Поранешна Југословенска Република Македонија" и со ова име е зачленета во ООН.

5.9 Така, еден „аргумент" кој и на прв поглед тешко може да се смета „за одржлив" кој Грција го примени како средство за влијание за непризнавање на Македонија под уставното име, на еден начин во меѓународни рамки го доби „правото на граѓанство"; Македонија и службено, се здоби со две имиња: едно – нејзиното уставно име – Република Македонија, име кое се применува само за внатрешни потреби (и, се разбира, за меѓународна комуникација со тие држави кои ја имаат признаено под нејзиното уставно име) и другото – име добиено како резултат на зачленувањето во Организацијата на Обединетите нации, кога беше крстена: „Поранешна Југословенска Република Македонија" („the Former Yugoslav Republic of Macedonia"), име за „меѓународна" употреба во рамките на „системот на Организацијата на Обединетите Нации". Бидејќи, согласно резолуцијата на Генералното Собрание на Обединетите нации, по која Македонија беше примена како членка, името – „Поранешна Југословенска Република Македонија" („the Former Yugoslav Republic of Macedonia"), се применува само за комуникација внатре во системот на Обединетите Нации. Со тоа Македонија, со ова име е членка на Организацијата на Обединетите Нации и членка на сите органи и специјализирани организации кои делуваат во рамките на Обединетите нации и во кои таа, како држава има својство на политички и правен субјект.

5.10 Привремената Спогодба од 1995 година, вистински, донесе едно појаснување во билатералните односи: Грција и „Поранешната Република Македонија", речиси ги „нормализираа" билатералните односи, кои по прогласувањето на независноста на Македонија, неколку години по ред беа релативно тензични. Билатералните односи забележаа прогрес: започна блиска и пријателска соработка на двете држави на сите полиња. Оваа соработка особено беше евидентна на полето на економијата и финансиите. Така набрзо, на полето на економските односи, „Грција евидентно го подобри својот рејтинг" со тоа што стана земја со која Македонија ја имаше највисоката стапка на размена на стоки и услуги. Ова го потврдуваат и многуте статистички податоци за целокупната размена на стоки и услуги помеѓу овие две држави.

Се интензивираа и заложбите за унапредување и развој на добрите политички односи. Но на ова поле, сите напори останаа само на ниво на заложби, бидејќи Грција и по речиси една и пол деценија не се откажа од нејзиниот став – уставното име на Македонија да се смени. Така Грција, што се однесува до промена на овој став, не направи ниту еден чекор напред: иако „спорот" понекогаш е оставен настрана, тоа било само „повремено", бидејќи досега никогаш не биле тргнати од „дневен ред".

5.11 Фактот што спорот во однос на името на Македонија никогаш не бил тргнат од „дневен ред" се докажа и во текот на првата половина на 2008 година, во пресрет

на Самитот во Букурешт. Грција фактички, пред одржувањето на Самитот на НАТО, го искористи Букурешт да го „воскресне“ нејзиниот став, кој пред Привремената Спогодба од 1995, не го имаше нагласено.

Но, овој пат, Грција покажа решителност прашањето за непризнавање на името на Македонија да го заостри до толку што, барем привремено, сериозно го успори овој процес. „Скопје има само еден пат до НАТО и Европската Унија – да го почитува принципот на развој и негување на добрососедни односи , факт кој подразбира и заедничко делување во изнаоѓање решение за името, кое би било прифатливо за двете страни“, изјави госпоѓа Дора Бакојани, министер за надворешни работи на Грција, веднаш по средбата со госпоѓа Кондолиза Рајс, државен секретар на САД, кон средината на февруари 2008 година. Госпоѓа Бакојани имаше сериозни забелешки за степенот на подготвеност на Македонија за зачленување во НАТО, бидејќи, според неа, „Скопје води националистичка и анахрона политика и прави напори за монополизација на македонскиот идентитет... Тука не се работи за политичка психологија и чувство на маса, туку се работи за регионалната стабилност“, изјави таа.

5.12 Македонија по ова, како на политички така и на правен план, енергично се спротивстави на ставот на Грција. Така, со цел да се елиминира било кое двоумење дека името „Република Македонија“ може да алудира или сугерира територијална претензија кон Грција, во својот Устав направи суштинска измена: На 10 јануари 1992, со Амандманот I, предвиде, цитираме: „Република Македонија нема територијални претензии кон соседните земји“, и дека „Границите на Република Македонија може да се изменат само во согласност со Уставот, согласно начелото на слободна волја и во согласност со признатите норми на меѓународното право“.

Македонија, дотолку повеќе, смета дека Грција со Привремената спогодба од 1995 година, се обврза да не го попречува интегрирањето на Македонија во меѓународни организации и здруженија во кои Грција веќе е членка и како таква, во согласност со соодветните акти за внатрешната организација, има право на вето. Овој став Македонија го црпи од одредбата од Став 11 од Привремената спогодба од 1995 година. Македонија и денес смета дека, согласно оваа одредба, Грција се откажала од примената на правото на употреба на вето и што се однесува до зачленување на Македонија во НАТО и Европската Унија.

5.13. Текот на настаните, по членството на Македонија во Организацијата на Обединетите Нации, покажа дека и Обединетите Нации, поттикнати од ситуацијата создадена по Самитот на НАТО во Букурешт, се решени да им помогнат на страните во спорот што побрзо да изнајдат решение за името кое би било прифатливо за двете страни За таа цел, од Обединетите Нации беше назначен емисарот Нимиц, кој со својот технички и советодавен тим и понатаму прави интензивни и креативни напори, што повеќе да се зближат позициите на страните во спорот. На овој начин, се смета дека страните во спорот ќе дојдат до „меѓународно“ решение за името што би било прифатливо – „за сите“. Внатрешно во рамките на „техничкиот и советодавен тим“ на претставникот на ОН Нимиц, се обработуваат со посебна грижа сите можни варијанти за името на Македонија. Секое од можните решенија се третира со посебна грижа и исто така, со посебно внимание се следат и бројните идеи и конкретни предлози, посебно внимателно се испитуваат сите аргументи за и против.

5.14 Но, бидејќи овој процес на разговори за името трае веќе неколку години и ако се има предвид фактот што и прашањето за зачленување на Македонија во Обединетите нации веќе е завршено, се смета за суштински важно во однос на изнаоѓање на решение и спецификација на името „меѓународно“ прифатливо за Македонија, меѓународните напори да се прошират, така што за функцијата на

посредување, исто така да се ангажираат и клучните тела на НАТО и Европската унија. Се смета за неопходно, исто така, со оглед на фактот дека Македонија и двете институции со големо меѓународно значење, НАТО и Европската Унија, во нивната досегашна соработка вложиле напори сите форми на можна соработка да се унапредат и сите усогласени договори да се реализираат доследно. Така, Македонија и Европската унија, веќе значително се движат напред во имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, додека пак со НАТО, веќе значително се движат напред во остварување на целите и основните принципи на програмата „Партнерство за мир".

## 6. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

6.1 Јасно е дека Македонија, од нејзиното појавување на меѓународната сцена, се соочува со неочекувани тешкотии, факт што постојано ги забавува процесите на интеграција во меѓународни органи, организации и институции. Оваа тешкотија е изразена во некогашната латентна претензија која денес отворено се прикажува пред нејзиниот јужен сосед, Грција, на ново формирана држава во тлото на поранешна Југославија, Македонија, поранешна федерална единица (1944-1991) а денес самостојна и суверена држава (од 1991), да не ѝ биде дозволено името - Македонија, име кое го има избрано и со кое денес е признаена од поголемиот дел од државите.

6.2 Оваа претензија на соседот, Грција, Македонија ја преживува со тешкотија. Од причина што нејзиното име – Република Македонија, додека беше федерална единица на поранешна СФРЈ, од аспект на односите и меѓународното право никогаш не претставуваше сериозна пречка во патот на реализација на целите и интересите во било кое поле на меѓународна економска, културна па и политичка соработка.

Сепак, на ова „безгрижно" патување на Македонија во светот и развојот на меѓународните односи во сите области на животот, додека беше федерална единица на СФРЈ му дојде крајот веднаш по прогласувањето на независноста и суверенитетот: Грција кон Македонија, енергично поставува барање да го смени своето уставно име, нагласувајќи дека доколку тоа не се случи - не може да смета на зачленување во ОН (прашање кое веќе е решено со привремено име за Македонија), ниту во Европската Унија (во кој правец веќе се направени големи подготовки), па ни во НАТО (прашање кое беше поставено на почетокот на 2008 година и кое, со конкретни активности на Грција, се потврди како такво), како и во бројните меѓународни органи, организации, институции здруженија во кои членството го реализираат само независните и суверени држави.

6.3. Прашањето за името на Македонија, веќе неколку години ги надминува рамките на меѓусебен билатерален спор помеѓу Грција и Македонија; уште од времето на приемот на Македонија во Обединетите нации, спорот се прошири, а денес за неговото решение покажува голем интерес целата меѓународна заедница. Кога Македонија ја поднесе апликацијата за прием во Организацијата на Обединетите Нации, меѓународната заедница дозна за спорот, бидејќи Грција го покрена овој спор токму пред Советот за безбедност на Обединетите Нации. Од тогаш се направени големи напори овој спор да се реши со компромис. Но, со компромис е решено само прашањето за членство на Македонија во Обединетите Нации, но не и под нејзиното уставно име, туку само со привременото име: Поранешна Југословенска Република Македонија (the former Yugoslav Republic of Macedonia).

6.4 Така денес, Македонија живее со две имиња: со уставното име, кое се користи во интерните извештаи, во системот на комуникација во рамките на внатрешниот политички, економски и правен систем – „Република Македонија". Со тоа име денес Македонија ја признаваат голем број земји. Сепак, како меѓународен политички и правен субјект, таа (освен во земјите кои ја признале под уставното име) Македонија е позната како: Поранешна Југословенска Република Македонија (the Former Yugoslav Republic of Macedonia). Истото важи и за речиси сите сфери на комуницирање и за сите меѓународни акти, во кои Македонија се јавува како релевантен субјект. Така, тоа име на Македонија стои во сите договори и спогодби што ги има склучено со Европската Унија и НАТО.

6.5 Со нагласување на барањето за промена на името, за жал, Грција успешно ѝ предизвика на Македонија сериозни тешкотии и проблеми, не само на политички план, иако Македонија на тоа поле помина главно без проблеми, но исто така и во економската, културната и другите видови на соработка со светот. Меѓу нив, особено истакнуваме: проблеми и тешкотии во текот на постапката за членство во Организацијата на Обединетите Нации, членство во меѓународни организации (бидејќи во оние организации Македонија е зачленета под нејзиното привремено име ПЈРМ) и сега - за членство во НАТО.

6.6 Со цел овие проблеми и тешкотии значително да се намалат, досега, од прогласувањето на независноста, како на билатерален (меѓу Грција и Македонија), така и на мултилатерален план, направени се значителни меѓународни напори за решавање на овој спор, кој пред сѐ е политички по природа и кој, според сите досегашни аргументи, нема материјална и законска основа.

6.7 По заложбите на Обединетите Нации, преку колегијалниот (Комисијата) и индивидуалниот орган (посредникот Нимиц), и по сослушувањето на двете страни, предложени се многу решенија. Сепак, страните во спорот - Грција и Македонија, до денес, ги одбија сите. Да се потсетиме дека на маса, меѓу другото, се овие предлози, кои обезбедуваат можности за утврдување, односно, обезбедување можност за комбинација на други решенија: Демократска Македонија, Северна Македонија, Вардарска Македонија, Горна Македонија, Република Македонија (Скопје) и бројни други варијанти генерирани врз оваа основа.

6.8. Сметаме дека е неизбежно неопходно, што поскоро да се направат напори овој спор, кој веројатно е неприроден, дефинитивно да се реши. Сметаме, исто така, дека тоа решение, кое дефинитивно треба да се најде, ќе претставува политичко решение донесено врз основа на компромис. Решението најпрво, треба да го најдат заинтересираните страни, Грција и Македонија. Но ако овие две земји, откако ќе ги достават сите свои аргументи, пак останат на своите позиции, тогаш помош треба да им пружат Обединетите нации, кои веќе се вклучени во овој процес, како и НАТО и Европската Унија, преку нивните соодветни тела.

Конечно, сметаме дека сите овие меѓународни субјекти, кои во моментов претставуваат столб на современата организација на меѓународната заедница, се едни од најнадлежните во изнаоѓањето, предложувањето и создавањето на можност страните во спорот да го прифатат решението кое им се препорачува.

## Гордана Дувњак

Гордана Дувњак, Македонија, политички новинар во "Утрински весник". Претседателка на Управниот Одбор на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија, втор мандат, а од октомври 2010 година е член на Кординативното Собрание на Иницијативата за РЕКОМ од Македонија. Дипломирала на Интердисциплинарните студии по новинарство во Скопје. Од 1991 година до 1999 година работела како новинар во "Нова Македонија". Учесник е во многу проекти поврзани со мултиетнички општества.



Гордана Дувњак

# КАКО ДА СЕ ПРОСТИ, А ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ

Балканот има долга традиција за создавање митови. Народите што живеат на овие простори, можеби многу повеќе од другите, се склони кон создавање митови и кон политизација на историската наука.

Наспроти некои уверувања дека митот е навраќање на некои поранешни еволутивни фази на човековиот свет и дека треба да се гледа на него исклучиво како дел од фолклорот,се побројни се мислењата дека „рационалноста" и „ирационалноста" се близнаци. Освен што не е лесно да се утврди кога завршува едната состојба, а почнува другата, се мисли дека барем кога станува збор за митот, тие не се опозиција една на друга. Велат дека способноста на рационализација не значи и способност за демитологизација. Тоа значи дека митовите живеат. Сé уште некому му се потребни и - делуваат. По некое непишано правило, со деконструкција на еден мит, се раѓа друг. Затоа не е чудно што некои митови со векови тврдокорно опстојуваат, но постои и простор за создавање нови, современи. Подалечната и поблиската историја познаваат многу примери. Потребно е спомнување на имиња? Не,благодарам!

Во сите пост-југословенски општества воените злосторства што ги извршила другата страна редовно се преувеличуваат, а сопствените се релативизираат

Затоа е потребно повеќе од било кога непристрасно соочување со минатото. Бидејќи таквиот приод допринесува за разбивање на стреотипите и предрасудите за другите околу нас. Дава приказ на историјата од различни перспективи, ги отстранува митовите. Води кон девиктимизација, простување и помирување. Дава можност за истовремено согледување на фактите. Ги утврдува причините зошто нешто се случило. Дава шанса за признавање на последиците, создава основа за заедничко сеќавање… И за прифаќање на вистината. Бидејќи таа знае да има многу лица. Некои се многу грди и изобличени.

Во време на војни, конфликти, вооружени судири, прва е на удар вистината. Зошто најлесно е да се обвини некој друг за сопствените страдања, дури и за она за што немаме логичен одговор. Или, не сакаме да го прифатиме...

Читам деновиве книга во која се собрани сведочења на жители од хрватски Пакрац. Меѓу нив и на една Весна. Израсната во средина каде мешаните бракови се многу чести, во раните деведесетти години, таа не можела ни да помисли дека во едно такво едно хетерогено опкружување е можно да дојде до војна. Но, нејзиниот татко има одговор како човек може да се определи. Кога мисли дека мора и тоа е неопходно. „Кога ќе почне војната, секоја страна знае која е неговата!"

Но, која е вистинската страна? Има ли вооопшто таква.

Дали некој можеше да помисли дека нешто слично ќе се случи и во Македонија? Некој ќе рече, ако можеше во мултиетничка Босна која ги проживеа најкрвавите и најдраматични собития, можеше секаде.

Знаеме ли да дадеме објективен и непристрасен одговор на прашањето што ѝ се случи на Македонија во 2001 година?

Увезена агресија на терористи од Косово потпомогнато од дел од домицилното албанско население или борба за човекови права на незадоволна етничка заедница? Беше ли тоа обид за рекомпонирање на државниот суверенитет и интегритет на земјата и за освојување на туѓи територии, или пак, начин за поправање на една историска неправда и корекција на фабричка грешка во Уставот? Дали и колку беше неопходно да дојде до замена на политичките средства со воени, чиј епилог беше жртви на обете страни, раселени и киднапирани лица, уништени домови, несреќни семејства. И во крајна линија, длабока фрустрација и разрушена доверба меѓу двата најголеми етникума.

И по десет години од случувањата на овие настани кои во целост го променија не само начинот на размислување и свеста за функционирањето на македонската држава, туку и државно-правниот концепт во Македонија, се уште постојат многу отворени прашања, но и страв отворено да се проговори за еден од најдраматичните периоди во поновата историја. Зашто многу поедноставно и полесно е работите да се остават да се развиваат сами од себе.

Веројатно, многумина и сега се прашуваат зошто има потреба токму сега да се отвора јавна дебата за 2001 година? Има ли некоја посебна причина одново да се чепка по старите рани, кога тие се уште не се зацелени. И тоа токму сега кога целата политичка и креативна енергија треба да се насочи кон реформи и деблокирање на македонските евроинтегративни процеси.

Низ исти или слични дилеми поминуваат сите земји од поранешна Југославија. Но, можеме ли да одиме напред, без да се свртиме назад?

„Да простам можам, ама да заборавам неможам никако!"

Оваа куса, но многу искрена реченица обоена со силен емотивен набој, се чини, на најдобар можен начин ја искажува суштината на идејата за регионално справување со минатото. Содржана е во 15-минутниот рекламен документарен филм посветен на очекувањата од РЕКОМ. Нејзин автор е еден припадник на ветеранско здружение, кој на своја кожа ги почувствувал ужасите на балканските војни од почетокот на деведесетите години од минатиот век. И затоа се чувствува повикан да зборува, бидејќи добро знае дека не се сите учесници во војната, воени злосторници. И дека не ретко човек во такви вонредни околности, може да се најде во двојна улога - и самиот да биде жртва.

Но,тој не е единствен кој има големи очекувања од РЕКОМ.

Во месеците што претстојат овој збор често ќе се споменува не само во Македонија, туку и пошироко, на целиот Балкан. Многумина ќе се интересираат што се крие зад оваа помалку необична кованица. Оние пак, што ќе разберат, ќе се прашуваат зошто токму сега има потреба од РЕКОМ.

За оние што сé уште не го знаат значењето на овој термин, или го препознаваат неодредено како уште една нова кованица, треба да се каже дека РЕКОМ е кратенка од Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите тешки повреди на човековите права.

Станува збор за регионална граѓанска иницијатива создадена на просторот на поранешна Југославија уште пред три години, а чија цел е основање меѓудржавна комисија за утврдување на фактите за воените злосторства, како и за другите прекршувања на човековите права во војните 1991-2001 година на подрачјето на поранешна Југославија. Македонија е последна од земјите од бившите ју-држави која се приклучи на оваа иницијатива, во јуни 2010 година.

Иницијативата е реализирана од страна на мрежа на невладини организации и поединци обединети во Коалицијата за РЕКОМ. Оваа иницијатива соединува повеќе од илјада групи и поединци од граѓанското општество од поранешните шест југословенски републики (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Словенија и Македонија), како и од Косово. Под знакот на РЕКОМ се вклучени најразлични здруженија и организации на жртви, групи за заштита на човекови права, ветерани, притвореници, религиозни заедници, женски групи, малцински заедници, правници, медиуми... Многу важна целна група се младите, кои иако немаат одговорност за погрешните политики на своите држави, сепак, имаат голем интерес да успее оваа иницијатива. Бидејќи, како што велат, сакаат да живеат во „нормални држави“ со научени лекции од минатото. Токму затоа, младите ќе бидат оние кои што на свој грб ќе ја понесат кампањата за собирање на еден милион потписи од регионот, што ќе биде силна порака до политичките елити да го поддржат и имплементираат овој процес.

Иницијативата за прв пат е промовирана на 9 мај 2008 година во Подгорица (Црна Гора), во рамките на дебатата со претставниците на здруженијата на жртвите од регионот, а во врска со изнаоѓањето на инструменти за документирање и соопштување на вистината за минатото.

Коалицијата е основана во октомври 2008 година и досега има организирано над 120 консултации и седум интернационални форуми, со групи од целиот регион, кои се заинтересирани за можноста за формирање на една ваква комисија.

Случајно или не, годинава се навршуваат 20 години од првата војна на Балканот, а 10 од последниот конфликт, во Македонија. Оној што верува во тезата дека „случајностие не се случуваат случајно“, ќе рече дека има некоја скриена симболика во тоа што токму оваа година треба да помине во знакот на РЕКОМ.

Во првата половина на оваа година се очекува да се финализира документот, кој треба да биде основа за формирање на регионалната комисија. Нацрт-Статутот, треба да има сила на меѓународен договор и треба да го усвојат националните парламенти на сите  седум  земји потписнички. Текстот на статутот е конципиран врз основа  на искуствата од регионот, но и по примерот на дваесетина комисии за вистина и за помирување, што егзистирале во постконфликтни општеста.

Но, за разлика од комисиите формирани во Аргентина, Уганда, Чиле, Перу, Јужна Африка, Сиера Леоне, Мароко или на други места, РЕКОМ по многу нешта би требало да биде уникатна и прва меѓунационална комисија. Која ќе се разликува од останатите и по тоа што не тргнува од почеток. Затоа што ќе ги земе предвид и досегашните судења за воени злосторства пред Хашкиот трибунал, како и судењата пред домашните судови, кои досега беа единствен правен иструмент за утврдување на индивидалната кривична одговорност. Но, со оглед на тоа што судењата се во мал број, тие не се доволни за да се направи запис и да се документира она што навистина се случувало на овие простори во последните две декади.

Проценките се дека на регионот му е потребно вонсудско тело, во чиј фокус ќе бидат жртвите. Тело, кое ќе има авторитет, сила и знаење да ги утврди фактите за воените злосторства, а истите да се прифатат во сите пост-југословенски земји. За да не се случува, на секои 40-50 години на овие простори да има нова војна. Секоја покрвава од претходната. Насилството да се враќа со насилство. А,оружјето да биде замена за дијалогот и разумот. Секој народ да има своја вистина. Колку народи, толку вистини!

И не случајно, зашто Балканот има своја традиција за создавање митови. Во сите пост-југословенски општества воените злосторства што ги извршила другата страна редовно се преувеличуваат, а сопствените се релативизираат. Стана вообичаена практика да се сатанизира другата страна, а сопствената да се глорифицира. Да се виктизимираат оние кои што се доживуваат како потенцијални непријатели. Политичката култура и свеста за заедничко живеење да се заменува со изолација и градење на стереотипи за другите заедници. Страдањето да се мери во бројки, а жртвите да бидат битни само за време на свечености и церемонии.

Или како што ќе рече во една прилика Наташа Кандиќ од Фондот за хуманитарно право, која е еден од носителите на овој проект „балканската култура секогаш сака да зборува со политички речник, а малку се грижи за луѓето и за нивните страдања".

Треба ли да се потсети на црниот биланс од  последните војни на Балканот кој е повеќе од поразителен?

Бројките на настрадани луѓе за време на војните во поранешна Југославија не се прецизни и се движат од 130,000 до 160,000 лица. Според Комитетот на Меѓународниот Црвен крст, 14,790 луѓе се водат како исчезнати. Неофицијално пак, се шпекулира дека тој број е поголем и изнесува околу 16,000 лица. Сѐ уште не е позната судбината на 10,512 лица во Босна и Херцеговина. Точно 1,842 лица се водат исчезнати на Косово. Во Хрватска и по 20 години, се трага по 1,859 луѓе. Србија нема исчезнати на своја територија, а бројките кои се однесуваат на нејзини граѓани се во рамките на исчезнатите во Косово, БиХ и Хрватска. Во Македонија како исчезнати се водат 12 Македонци киднапирани во 2001 година. Делумно е расветлена судбината на четворица киднапирани, чии тела беа откопани кај Непроштено. Не се знае судбината ниту на 6 исчезнати Албанци. Со години семејствата на овие луѓе одат од еден кабинет во друг, од една до друга меѓународна организација, во потрага по информации за нивните најблиски.

Токму од овие причини, многумина својата голема шанса ја гледаат во РЕКОМ. Кој треба да претставува еден вид локален одговор во барањето на пат кон иднината, за да не се повторат злосторствата. Но, и еден вид патоказ за надеж, чија сила произлегува токму од регионалниот пристап.

Се верува дека РЕКОМ ќе може да спречи во јавноста да се изнесуваат невистини за одредени настани, или пак, ако тие веќе се изнесени, да се направат – некредибилни. Дека ќе успее на ефикасен начин да изгради платформа за да се чуе гласот на жртвите и со нивна помош да се поттикне во јавноста сочувство, почитување и солидарност.

Процесот за формирање на Регионалната комисија треба да почне шест месеци откако последниот Парламент ќе го изгласа Статутот. Седиштето на РЕКОМ се планира да биде во Сараево. Изборот не е случаен, бидејќи Босна и Херцеговина е земја во која се одиграа најкрвавите настани од воените конфликти и имаше најмногу жртви. Тому затоа и дури пет од 20 членови на РЕКОМ ќе бидат избрани од Босна и Херцеговина. По три члена ќе се изберат од Србија, Хрватска и Косово, а по два од Македонија, Црна Гора и Словенија. Членовите ќе се избираат во строга и прецизно утврдена процедура, која истовремено ќе се спроведува во сите земји. Посебно ќе се внимава на изборот на кандидатите, кои се бара да бидат личности без дамки во кариерата. Со високи морални квалитети, углед и интегритет, посветени на толеранција, дијалог и на конструктивно решавање на проблемите. Затоа што од квалитетот на избраните личности и нивната посветеност, која треба да биде ослободена од националните стеги, ќе зависи и кредибилитетот на РЕКОМ. Национални канцеларии ќе се отворат во сите седум земји потписнички, кои активно ќе соработуваат со централната канцеларија во Сараево.

Мандатот на Комисијата ќе трае три години, со можност за продолжување за уште шест месеци. Овој временски рок се смета за оптимален, бидејќи е во рамките на искуствата од останатите слични комисии. Дополнителен аргумент за лимитирање на мандатот е и тоа што не смее да помине предолг период од воените дејствија, за да не се случи голем број од жртвите да не бидат во можност да сведочат. Главните цели на Комисијата ќе бидат да ги утврдат фактите за воените злостроства и другите тешки кршења на човековите права на подрачјето на поранешна СФРЈ во перидоот од први јануари 1991 година до 31 декември 2001 година. РЕКОМ ќе се залага и да ги признае неправдите нанесени на жртвите, да придонесе за остварување на нивните права. На листата на нејзини цели се и да ги натера политичките елити да ги прифатат фактите, да придонесе за расветлување на судбинта на исчезнатите, да помогне во спречувањето да се повторат воените злосторства.

Ова вонсудско тело ќе има задача и да спроведе јавни сослушувања на жртвите, но и на сите оние кои имаат потреба и сакаат да изнесат непознати факти. Во мандатот на РЕКОМ ќе биде и правењето регистар на сите жртви, било тие да се од редот на цивилите или завојуваните страни. Тоа ќе биде еден вид истражно тело кое ќе може да обезбеди докази за тоа на кој начин одредени институции, поединечно или групно, пропуштиле да ги заштитат човековите права и слободи. Сите тие наводи, кои ќе бидат прецизно проверени и документирани, ќе најдат свое место во завршниот извештај, кој ќе биде доставен на разгледување во парламентите на сите земји.

Во Македонија сé уште не е отворена дебата околу потребата и целите на РЕКОМ. Што не треба и да чуди, со оглед на фактот што Македонија последна се приклучи на иницијативата. За разлика од Хрватска и Србија, каде претседателите Иво Јосиповиќ и Борис Тадиќ отворено дадоа поддршка на оваа иницијатива,

македонските политички елити засега молчат. Сакаме да веруваме дека не е во прашање некаков отпор, туку тоа што РЕКОМ сѐ уште претставува голема непознаница за нашите простори.

Но, тоа не е случај со европските дипломати кои со големо внимание го следат сето она што се случува околу РЕКОМ.

Амбасадорот Ерван Фуере, Шеф на делегацијата на ЕУ во Македонија на 75-тиот Rose Roth семинар одржан во Скопје  на 19-21 октомври 2010 година, во своето излагање ќе ја спомне и иницијативата за РЕКОМ.

„Било кој процес на помирување ќе биде успешен само доколку во него се вклучат сите делови на општествата во регионот. Неодамна воспоставената иницијатива за РЕКОМ е мрежа на организации на цивилното општество и на поединци, кои заговараат основање на Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите тешки повреди на човековите права. Таа настојува да го промовира процесот на европско интегрирање на Балканот како мировен проект и има за цел владеење на правото во регионот“.

Rose Roth семинарот, како што е познато, е дел од истоимената програма која ја води парламентарното собрание на НАТО. Тоа е програма на соработка на ПС НАТО со парламетите на државите од Централна и од Источна Ерпопа, кои во последниве неколку  години се занимаваат главно со прашањата поврзани со Балканот и безбедносните прашања од регионот.

Големо охрабрување за Коалицијата за РЕКОМ доаѓа од меѓународната заедница која има големо разбирање за важноста на овој процес. Поддршка веќе дадоа Европската комисија, Европскиот Парламент и Советот на Европа, кои ги повикуваат земјите од регионот да се ангажираат во овој процес.

Многумина на овие простори сѐ уште се  чувствителни на споменувањето на зборот „помирување“. Сметаат дека тоа не треба да биде мисија на РЕКОМ, бидејќи помирувањето го доживуваат како многу личен и  индивидуален чин, кој секој треба да го спроведе на свој начин. Сепак, не смее да се пренебрегне фактот дека сепак, доколку успее идејата за РЕКОМ, на начин како се зацртани нејзините цели и задачи, неминовно ќе дојде до отварање и на тој процес.

Но, клучното прашање ќе биде како да се изврши позитивен притисок врз владите да го прифатат и имплементираат овој проект од голема важност за регионот. Клучната дилема е што ќе се случи доколку некоја од земјите нема да се согласи да го стави потпис под овој меѓудржавен акт. Бидејќи, само со валоризирање на позитивната волја на властите, РЕКОМ  ќе може да добие силен легитимитет и ќе се признае неговиот мандатот. Уште повеќе и заради тоа што успехот на РЕКОМ во голема мерка ќе зависи и од соработката со надлежните органи во земјите членки, но и од нивната финансиска поддршка.

Отпори се можни од повеќе страни, бидејќи не е исклучено дека оваа  Комисија ќе загрози нечии интереси, кои се водени од потребата работите да останат онакви кави што се и да не се менуваат. Но, најбитно од сѐ е што силата на оваа иницијатива се црпи „од внатре“ и од оние на кои им е најпотребна. Главниот убедувачки аргумент, кој треба да биде водилка во овој процес, е дека никој не треба да остане на страна. Бидејќи на тој начин ќе се направи една голема цивилизациска неправда - за себе и за идните генерации. А, таков луксуз ретко која влада на светот може да си го дозволи.

# Интервју

Н.Е. Амб. Ерван Фуере, Специјален претставник
на ЕУ и Шеф на Делегацијата на ЕУ

## Примери, морални вредности и политичка култура...

## Личен поглед





Н.Е. Амб. Ерван Фуере (1946), Ирска, професионален дипломат на ЕУ. Шеф на Делегацијата на ЕУ во Македонија, Словенија, Јужна Африка и Мексико. Дипломира Граѓанско право, 1967 и Право во 1968 на Даблинскиот универзитет, диплома на Европски студии во Европскиот институт во Ница, 1969, постдипломски асистент за истражувачка дејност на Институтот Макс Констам во Брисел, 1970-72. Награда од Редот на добрата надеж, класа 2, Висок офицер од јужноафриканскиот Претседател Нелсон Мандела (1998).

## ИНТЕРВЈУ СО Н.Е. Амб. Ерван Фуере, Специјален претставник на ЕУ и Шеф на Делегацијата на ЕУ

# Примери, морални вредности и политичка култура... Личен поглед



**_ИНТЕРЕС_** Ако не постои дијалог тогаш не постои ни доверба меѓу различните заедници и во тој случај никако не можете да одите напред. Во таков случај постојано се троши енергијата во обид да се одбранат поединечните интереси, а поширокиот интерес на општеството е целосно запоставен

*Амбасадорот Ерван Фуере беше еден од главните инспиратори на нашиот проект за политичка култура и дијалог од кој произлегува ова списание, врз основа на нашите разговори пред повеќе од една година. Еден од најмаркантните и харизматични дипломати кои стапнале во Македонија од нејзиното осамостојување, човек посветен на својата мисија за Македонија, тој ја посети секоја педа од земјата, говореше и слушаше неброено многу луѓе. Популарен кај многумина и контроверзен за некои, тој направи разлика за време на својот мандат. Ова интервју коинцидира со вонредно тешки времиња за македонската демократија, затворањето на канцеларијата на Специјалниот претставник на ЕУ и со стартот на оваа долго подготвувана публикација.*

*На крајот од нашата средба, тој ни кажа дека ќе се пензионира. Тешко е да се поверува во тоа. Цврсто веруваме дека ќе го видиме повторно во акција во многуте години пред нас.*

**РЕШЕНИЈА[1] : Која е вашата дефиниција на политичката култура?**

**Ерван Фуере:** Веројатно најдобрата дефиниција на политичката култура е таа на која ѝ посведочив во Јужна Африка, земја во која владееше систем на апартхејд, каде што на огромно мнозинство од популацијата му беа ускратени основните човекови права. Таму имаше лидер кој проведе 27 години в затвор кој, кога излезе на слобода, неговата цела мисија беше да проповеда помирување и да го промовира дијалогот, подавајќи им рака на оние што го држеа в затвор. Ова за мене беше извонреден пример за морален авторитет од највисока вредност, што многу често недостасува во нашите општества. Особено во пост-конфликтни општества како Македонија, каде имате различни етнички заедници, различни политички интереси, но каде што има цел која ја соединува целата земја: а тоа е движење напред и станување дел од европското семејство на заедници. Жалното нешто овде е тоа што не постои култура на дијалог.



Значи, ова е една димензија на политичка култура која е особено важна. Ако немате дијалог, тогаш немате ни доверба меѓу различните заедници и не се движите; не одите напред. Тоа е постојано трошење енергија во обид да се одбранат сопствените интереси, а поширокиот интерес на општеството е целосно изгубен. Заради ова ние отсекогаш силно сме се залагале за важноста на дијалогот во процесот на зајакнување на политичките институции и постигнување политички консензус. Друг дел од, би рекол - политичката култура се однесува на законите и нивната имплементација со кои се управува општеството. На пример – антидискриминацијата. Како да се обезбеди сите практики на дискриминација против луѓето по основ на хендикеп, етничка и религиска припадност, сексуална ориентација – дека во најмала рака, не се дозволуваат да се случат? Ние ги имаме европските закони на ниво на Европска Унија и обврска е на сите земји членки како и оние што сакаат да станат членки, да ги усвојат овие закони и истите да ги имплементираат.

1Интервјуто го направија: Џабир М. Дерала, Харалд Шенкер, Илир Ајдини и Ѕвездан Георгиевски; фото: Ѓорѓе Поповиќ

***ДИЈАЛОГ*** За мене најважниот аспект од политичката култура е начинот како функционираат демократските институции, како што е парламентот. Во тој контекст, за постоењето на еден функционален парламент дијалогот е апсолутно суштински. Доколку не постои дијалог помеѓу лидерите на политичките партии – зборувам конкретно за Македонија – тогаш, не постои правилен, функционален, демократски процес во парламентот

Значи, ова се вредности кои во некои земји ќе бидат усвоени, но во други, за жал, не – од историски или други причини. Треба да се дефинираат нештата со закони, а потоа треба да се врши ефективен мониторинг и да се имплементираат. Уште еден важен аспект на политичката култура, според мене, е дека ништо не е неповратно. Тоа го посведочив во Европска Унија, а особено на Балканот. Дури и да имате воспоставени правила, воспоставени рамки и сето тоа, секогаш постои опасност, механизмите не се доволно силни, друга влада да дојде на власт и сé да стави под знак прашање во манир кој би бил спротивен на основните вредности.

На пример, имате закони што се однесуваат на медиумите и почитувањето за нив, што се многу варијабилни секако, но постојат основни принципи кои се инхерентни на ЕУ општеството, како што е почитување на независноста на медиумите, што е основен дел од демократските процеси. Така, сега имаме нов закон во Унгарија, кој ќе тежнее тоа да го ограничи, но кој се преиспитува во институциите на ЕУ, а и веќе голем број на лидери изразија загриженост. Значи, имаме општество кое премина од поранешен комунистички процеси до пост-нео, а сега тежнее да се врати кон тие поранешни практики, ова го мислам со терминот неповратно. Мора да има многу посилна проверка на процесите.

За мене, најважниот аспект од политичката култура е начинот на кој функционираат демократските институции како Парламентот. Во тој контекст, дијалогот е апсолутно суштински за да се има функционален парламент, а секако тој е подложен на влијанија од политичката средина. Ако не постои дијалог меѓу лидерите на политичките партии – зборувам конкретно за Македонија – тогаш, не постои нормален, функционален демократски процес во парламентот. Секако, за да постои нормален дијалог, владата е таа што треба да преземе водство, да покаже отвореност, да манифестира своевидна величина. Само заради тоа што таа има апсолутно мнозинство не значи дека може да ја игнорира опозицијата. Напротив, таа има одговорност да подаде рака кон опозицијата и да создаде олеснителни услови за градење консензус. Ова е нешто што недостасува во последниве години, посебно кај оваа влада. Би земал само еден пример, со можност да бидам критикуван за пристрасност, но за мене ова беше откритие. Јас пристигнав во ноември 2005. Во 2006, Парламентот дебатираше за изборниот законик и ревизијата на истиот. Тогашниот премиер, со оглед на тоа што ДПА го бојкотираше парламентот, патуваше до Тетово со нацрт-законот, во обид да ја убеди ДПА да го прифати и да го поддржи консензусот. Тоа за мене беше пример за обид да се постигне консензус околу многу тежок закон, но вакви примери од тогаш немаме видено многу.

**РЕШЕНИЈА: Може ли да Ве навратиме на темата за Јужна Африка? Јас бев таму на студиско патување и сакам да споделам со Вас една импресија од таму. Она што ме одушеви таму, тоа беше оптимизмот на тој народ по падот на апартхејдот и нивната верба дека она што го прават властите е за доброто на сите. На пример, вие веројатно го знаете тоа, таксистите, продавачите, сите го имаа в џеб уставот на Јужна Африка. Ни го покажуваа и ни велеа дека, еве, тука пишува дека и ние сме нивни граѓани...**

**Ерван Фуере:** Да, тие имаа огромна гордост. Имаа човек на кого се угледуваа, Нелсон Мендела, кој навистина демонстрираше дека, наспроти историјата на поделби, можат да се обединат. На некој начин, тоа беше чудо, прекрасен пример за тоа како помирувањето може да функционира, но потребни ви се лидери кои навистина ќе го водат тој процес, сам нема да проработи. И тоа треба да се негува.

**РЕШЕНИЈА: Имаме ли ние такви лидери овде?**

**Ерван Фуере:** За жал, не само во Македонија, туку и во други земји, недостасува лидерство, недостасуваат луѓе со храброст и визија, како Вацлав Хавел, кој наспроти сите лоши изгледи, навистина успеа да ја изнесе земјата од тешки времиња. Исто така, во Северна Ирска ние постигнавме мировен договор кој беше многу болен. Мислам дека сме единствениот пример во модерното општество каде ние се откажавме – Ирска се откажа – од дел од својата територија, Северна Ирска и моравме да го смениме уставот за да го прифатиме тоа со цел да постигнеме мир со Британија. Тоа беше храброста и лидерството на водачите кои овозможија да дојде долготраен мир на островите. Имате и други примери, како Мајка Тереза, која влеваше во луѓето чувство за морални вредности, со своето сопствено дело, со сопствениот пример. Ова се модели кои инспирираат и мислам дека го истакнуваат фактот дека нашето општество не е обликувано од машини или процедури, туку од луѓето. Ние навистина можеме да направиме разлика.



**РЕШЕНИЈА: Постои контрадикција меѓу реалноста на општеството и правната реалност. Можете да ги имате најдобрите закони, но ако општеството не е во состојба да ги имплементира, да ги поддржи, можете да се враќате на старото многупати, а само владата да ја менувате. Сега, откако стекнавте толку искуства, не само во Јужна Африка, туку и претходно во животот, бевте конфронтирани со секакви варијации на политичката култура. Можете ли да направите компарација?**



**Ерван Фуере:** Најсвежиот пример ми е Словенија. Јас бев таму кога ги подготвуваа и финализираа преговорите за пристап кон ЕУ. Таму, највпечатливо ми беше што преовладуваше консензус, но тоа се должеше на лидерите. Имаа професионална јавна администрација, високо почитувана. Главниот преговарач  кој што сега е комесар, г-дин Поточник [Јанез Поточник, Европски комесар за животна средина], даде одличен пример за инклузивност со воспоставување многу директен дијалог со сите различни актери. Тој беше одличен пример за создавање клима на доверба меѓу сите лидери. И Јужна Америка имаше свои предизвици. Јас ја основав првата мисија на ЕУ во Мексико и Куба, каде имаше проблеми со човековите права и сé уште ги има, како и проблеми со бегалци и низа други. Законите не беа доволни, ние моравме да ги убедуваме регионалните водачи во важноста на човековите права и правата на бегалците и воедно, моравме тоа да го правиме на терен, на лице место. Се сеќавам на еден случај, имаше бегалци од различни заедници што живееја едни до други, едни имаа пристап до вода а други не. Се бореа меѓу себе. Таму, на лице место, моравме да посредуваме и да најдеме компромис. Воопшто не е лесно, но доколку воспоставите доверба помеѓу актерите во тој дијалог, тогаш целата задача станува поприфатлива.

Претпоставувам дека многу од ова доаѓа од времето на моето детство, кога бевме политички бегалци од војната. Бевме погодени од проблеми со човековите права и бевме задоени со овој императив, секогаш да се обезбеди достојно почитување на човековите права на поединците, политичките бегалци и слично. Мислам дека тоа ве обележува за цел живот. Истовремено, важен е директниот контакт со луѓето, преку дијалог.

Повторно, тука Јужна Африка е одличен пример, поради енормното трпение манифестирано од лидерите: седеа и ги слушаа луѓето со часови. Јас бев во многу села, имавме проекти за вода и низа други – и селаните беа оние кои ги водеа нештата. Ние ги слушавме за нивните проблеми и наоѓавме решенија, бидејќи сите се почитуваа меѓусебно. Не постоеше арогантност. Доколку дојдат лидерите или главешината и не слушаат, тоа не е од помош. Голем проблем со политичката клима овде е тоа што политичките лидери, владата, воопшто не слушаат, имаат еден арогантен став дека сé што прават е правилно, секоја одлука е правилна. Поставување жичница на Водно или кревањето на сите овие споменици, тие имаат авторитет тоа да го направат, ги имаат парите и затоа ќе го направат, наместо да размислат за отворање косултации со граѓаните, да го дознаат ставот на јавноста за овие работи, дали се согласуваат или не, посебно во земја која има толку ограничени ресурси. Значи, на крајот сé се сведува на дијалог и почит кон политичките опоненти.

**РЕШЕНИЈА: Споменавте дека доаѓате од семејство на политички бегалци. Можете ли да ни кажете за тие денови и како тоа влијаеше на Вашата иднина?**

**Ерван Фуере:** Секако. Јас сум роден набрзо по војната, но татко ми беше многу активен во движењето на Бретонците за признавање на правото на јазик на келтското малцинство. Многу Бретонци беа обвинети за соработка со Германците. Беше лесно да се подигне вакво обвинение за да го дискредитира Бретонското движење, неговите аспирации и принципи. Повеќе луѓе имаше в затвор во Франција веднаш по војната отколку за време на самата војна. Беше тоа многу тежок период на одмазда и “инстант правда”, беа потребни многу години да се опоравиме од тоа.

Така, татко ми замина во егзил, откако мина една година в затвор без судење, а го осудија in absentia, На крајот, заминавме во Ирска, а случајот на татко ми беше првиот што стаса пред судот по војната, отприлика пет години по нејзиниот крај. Обвинувањата против него беа прогласени за неосновани и тој беше целосно ослободен од нив. Дотогаш ние веќе го започнавме нашиот живот во Ирска. Но, татко ми засекогаш ги задржа своите принципи и своето залагање за правата на малцинствата. Сега има сто години и има напишано многу книги, од кои голем дел се учебници користени на универзитети, за правата на етничките малцинства во европската федерација. Воспостави многу силни врски со малцинските заедници во Швајцарија, Италија, Австрија и тоа беше многу голем дел од нашиот живот. Мајка ми велеше дека кога се омажила за него, истовремено се омажила за неговата политичка кауза. Таа е исто така жива, има деведесет и три години и претпоставувам дека она што ги одржало толку долго во живот е нивната ментална и физичка активност, како и нивната посветеност на нивните принципи и вредности, кои ги всадија и во нас.

Јас отсекогаш бев заинтересиран за европските односи и интеграција, Ја основав првата Ирска асоцијација на Европски студенти на Универзитетот во Даблин. Исто така, бев и потпретседател на Младите европски федералисти низа години. Бев многу активен. Тоа беше време на диктатурата во Шпанија, Португалија и Грција кога активно водевме кампањи. Бев и во Амнести Интернешнл, пишував писма за ослободување на политички затвореници. Сето тоа го обележува животот на човека, а јас отсекогаш им бев близок на прашањата во доменот на човековите права, претпоставувам, и заради тоа искуство од детството.

**РЕШЕНИЈА: Можете ли да споделите искуства и примери за Словенија, како најблиска до Македонија според минатото во поранешната заедничка федерација? Има ли нешто што Македонија треба да го научи од Словенија**

**или некоја друга земја, покрај импресивните примери од светот за кои претходно ни говоревте?**

**Ерван Фуере:** Нешто што го направи процесот на прием на Словенија толку успешен се должи на пресоналитетот на главниот преговарач и неговите методи. Тој формира јадро на преговарачкиот тим, во кој имаше претставници од владата, експерти, политички партии, организации на цивилното општество, бизнис заедницата и медиумите. Така, секој пат кога Словенија одеше на преговори во Брисел или на друго место, луѓето знаеја дека она што таму се презентира, беа навистина заедничките гледишта на сите политички сили и актери во словенечкото општество, што го направи гласот на земјата многу силен и ефективен. Ако имате ситуација каде преговарачот дејствува во име на земја целосно поделена, каде не постои интеракција, нема инклузивност во преговарачкиот процес, тогаш тоа го ослабува гласот на таа земја.



Секако, ценам дека Македонија треба да земе лист од книгата на Словенија, во поглед на тоа како треба да се водат преговорите, односно мора да се однесува со сосема поинаков манир од овој сега. Тие навистина не прават напори да се пружи рака на цивилното општество или пак тоа се прави многу селективно, а тоа ја создава оваа страшна поделба што ја имате во општеството. Истовремено, тоа го создава овој страв кој е целосно неприроден. Многу е тажно, бидејќи тоа има ефект врз придонесот што граѓаните може да го дадат во цивилното општество и цивилните организации, во развојот на државата. Словенечките експерти дојдоа овде, понудија техничка експертиза, понудија сé, но неволјата овде е во тоа што нема континуитет: обучувате некои луѓе, но шест месеци подоцна нив ги нема. Ова е нешто што навистина го слабее капацитетот на владата. Загрижен сум, како што се ближи времето на избори, било предвремени или редовни, ова заплашување и полнење на јавната администрација со партиски војници само ќе се зголеми. Тоа создава страшна ситуација. Ова е отров што се сее, отровни плодови ќе се берат во годините пред нас.

**РЕШЕНИЈА: Со други зборови, нивото на политичка култура во Македонија е многу различно од она во Словенија...**

**Ерван Фуере:** Да, за жал, останува многу само да се посакува. Мислам дека, иако постојат некои солидни членови на парламентот, добри организации на граѓанското општество, оваа подвоеност, оваа поларизираност и тенденцијата на владејачката партија да ги дели луѓето на патриоти и предавници, ова е навистина најлош рецепт за една земја.

**РЕШЕНИЈА: Во почетокот, кога говоревте за Јужна Африка, ја споменавте визијата. Тоа е клучот. Дали гледате на визија за иднината на оваа земја?**

**Ерван Фуере:** За жал, мислам дека овде токму тоа недостасува. Визијата што ја гледаме овде е повеќе визија на секоја поединечна партија за тоа како да остане на власт, да се има своја агенда. Тоа не е визија за земјата како целина што може да направи разлики во процесот на постигнување на зацртаните цели на земјата, цели што имаат целосна поддршка од народот. Сите граѓани на Македонија – а

тие се најголемото добро што Македонија го има – толку многу ја поддржуваат идејата за Европска Унија. Додека да се дојде до тој момент - треба да постои визија што ќе ги рефлектира интересите на сите општествени сектори и на сите граѓани.

Овде ја имате оваа злоставувачка власт, која го рефлектира ставот: поделба на пленот со пријателите и партиската пешадија, а не како таа власт да им донесе добро на сите граѓани, независно од нивната политичка определба. Многу е загрижувачки кога ќе забележите дека некои општини каде градонашалниците се од опозицијата, а кои се малубројни, имаат огромен проблем да бидат слушнати, бидејќи припаѓаат на опозицијата. Ова не е праведно, одлуките што се однесуваат на распределбата на средствата по регионите треба да бидат многу потранспарентни и мора да се засноваат на објективни критериуми.

Ова беше една од точките застапени во извештајот за напредок на државата, истакнување на важноста на процесот на децентрализација. Краткиот одговор на Вашето прашање би бил – потребни ви се луѓе со долгорочна визија за оваа држава.



***ЗЛОСТАВУВАЧКА ВЛАСТ***

Овде ја имате оваа злоставувачка власт, која го рефлектира ставот: поделба на пленот со пријателите и партиската пешадија, а не како таа власт да им донесе добро на сите граѓани, независно од нивната политичка определба.

**РЕШЕНИЈА: Многу дискутиравме меѓу себе за тоа како некои политичари се однесуваа кон Вашата работа и личност. Како ги оценувате личните напади на Вас? Дали тоа е последица од недостаток на политичка култура или елементарни манири? Или обете?**

**Ерван Фуере:** Обете, има од обете по малку. Пак ќе кажам, ова се постапки кои го поткопуваат имиџот на државата и покажуваат целосен недостаток од разбирање за тоа како функционира Европска Унија. Впечатокот кој мислам дека тие се обидуваат да го создадат е дека јас сум дејствувал на своја рака, давајќи мои лични ставови, а всушност сé што јас правам овде е во име на Европската Унија. Јас сум носител на пораката. Но, некако сакаа да извртат сé што сум кажал, да кажат дека тоа се само мои лични ставови. Мислам дека најшокантното искуство беше во Европскиот Парламент, каде парламентарецот, г-дин Ѓорчев, зборуваше со манир кој ги шокираше европските парламентарци. Не им се веруваше што се случува тука. Но, тоа за нив беше демонстрација на тоа што се случува овде. Тоа беше недостаток на култура и недостаток на основни човечки вредности, би рекол. Многу е тажно, имајќи в предвид дека, сепак, тој доаѓа од партија која промовира христијански вредности. Јас не видов ништо христијанско во тоа што тој го направи, воопшто. Но, сигурен сум, како што Мендела секогаш вели, дека во секој поединец мора да има нешто добро, така и некаде во него, но останува допрва да се пронајде.

**РЕШЕНИЈА: Дали жалите по нешто во текот на својата мисија овде? Нешто што верувате дека можевте да ги направите подобро. И, дали мислите дека Европската унија можеби има дел од одговорноста за ниската политичка култура и слабиот демократски капацитет на земјата?**

**Ерван Фуере:** По тоа прашање – не, не верувам: ние се обидувавме, бевме многу конзистентни сето време во поглед на тоа што верувавме дека треба да се направи. Но, за жал, на другата страна инстанците не сакаа да ги прифатат овие препораки и совети, иако тие беа повторувани многу, многу пати. Затоа, да, жалам за тоа што сите овие вредности за кои зборуваме, понекогаш се целосно заборавени и дека политичкиот дијалог е многу често чисто декларативен. Исто така, посветеноста кон ЕУ реформите често изгледа како да е тоа поради тоа што ЕУ вели така, а не затоа што тоа е добро за земјата. Дури и Премиерот беше цитиран во неговата неодамнешна изјава, кога на критиките дека е поблизок до Истокот отколку до ЕУ, тој го одби тоа, велејќи дека доколку навистина бевме поблиски до Истокот, не би трошеле толку многу време во спроведување на сите тие болни реформи од ЕУ. Ова за мене беше прилично шокантно, бидејќи на крајот, ова се реформи неопходни за земјата, дури и да не беше во прашање ЕУ. Тоа се реформи испробани во сите земји што се приклучија кон ЕУ од 2004та наваму. Тоа се реформи во јавната администрација и судството, витални за целосно почитување на интересите на граѓаните.

Добиваме толку многу петиции од граѓаните овде. Мојата политика е дека на секоја петиција треба да се одговори иако, за жал, не можеме да интервенираме во поединечни случаи, но јас верувам дека тие ни се обраќаат нам бидејќи ние сме им последниот избор. Тоа е симптоматично за дисфункционален правен систем, дисфункционален административен систем, кога граќаните не добиваат одговор кога се обраќаат до владата или до некој министер, пратеник во парламентот. Ова е неуспех на една влада да одговори на аспирациите на граѓаните, да одговорат на проблемите кои овде се евидентни.

Како и да е, јас сум многу задоволен од тоа што успеавме да одржиме континуитет во нашиот пристап. Имам посветен тим кој непрекинато работи, многу сум



горд на постигнатото со мојот тим, сите се длабоко посветени, без разлика на критиките кои ги добиваме, а понекогаш таа посветеност е целосно заборавена токму од оние што нé критикуваат; како и висината на финансиски ресурси кои ги инвестираме овде, грантови до висина од сто милиони евра годишно, што е огромна сума. Јас мислам дека граѓаните ширум земјата вистински го ценат ова, бидејќи кога патувам низ земјата, секогаш е многу благодарно да се видат реакциите на граѓаните во сите заедници, дури и во најдалечните места. Ова за мене е чувство што ми го грее срцето и тоа го споделувам со мојот персонал.



**РЕШЕНИЈА: Како би го оцениле ефектот на ниската политичка култура и политички дијалог, врз владеењето на правото и демократскиот развој, особено во поглед на почитувањето на човековите права и почит кон правата на малцинствата, конкретно во областа на дискриминацијата, т.е. напорите за анти-дискриминација? Каде е балансот меѓу двете области, политичката култура и дијалогот од една страна и демократијата и владеењето на правото, од другата? Каде треба да почнеме? Што треба да направиме?**

**Ерван Фуере:** Како што спомнав на почетокот, важен начин за дефинирање на политичката култура е тоа како тие права се почитуваат и начинот на кој општеството реагира на сите тие проблеми, поврзани со дискриминацијата, итн. Секако, граѓаните добиваат појдовна точка од нивните избраници, но доколку избраните претставници на владата во моментот промовираат политики кои de facto ги изоструваат предрасудите, тоа воопшто не е добро. Еден пример за ова е дебатата околу законот за антидискриминација, во која ЕУ беше длабоко инволвирана. Ние испративме препораки, Комесарот испрати писмо до Премиерот, нагласувајќи ја важноста на еден сеопфатен закон кој би создал многу позитивна атмосфера и би помогнал во елиминирањето на предрасудите. За жал, заради ставот на одредени пратеници на владејачкото мнозинство таа дебата донесе раскол и ги зголеми предрасудите, наместо да ги намали.

Сега ја имаме оваа глупава дебата за истополов брак, како да имате редица луѓе што чекаат да се регистрираат. Тоа воопшто не е тема, но за жал, бидејќи беше покренато, се злоупотреби. Или кампањата за прашањата околу абортусот, што е чувствително прашање. Во Ирска, како што знаете, тоа беше многу, секогаш многу тешка тема, но барем постоеше поголем сензибилитет при третирањето на темата, за разлика од тоа на што сме сведоци овде. Одредени групи со манипулации се обидуваат да истуркаат агенда што не е одраз на демократско општество, отворено општество. Тоа само ги јакне предрасудите. Човек може да се справи со предрасуда или прикриена предрасуда со дијалог, преку отворена дискусија. Тоа овде го нема. На тој план, мислам дека она што ЦИВИЛ и други организации го прават е од голема важност, бидејќи ја јакне свеста за

***ОДЛУКИ*** Постоеја несоодветни одлуки, да се преименува аеродромот и автопатот и како резултат на тоа Владата изгуби шеесет милиони евра пари од Грција, донирани за изградба на истиот автопат. Немаше потреба од овие акти на провокација, но тие сепак беа направени, а тоа го отежна конечното решавање на проблемот



опасностите од овие предрасуди и креира поголема толеранција во општеството. Се надевам дека постепено ова ќе стане некаков стандард. Гласот на граѓанското општество е од витално значење во овие области.

**РЕШЕНИЈА: За главниот проблем на Македонија во меѓународните односи, спорот со Грција... Кое е нивото на политичка култура и политичка зрелост на субјектите во нашата земја (влада, партии, граѓанско општество, интелектуалците итн.) кога се работи за спорот со името, дијалогот и**

**средствата со кои се води дијалогот со Грција, а особено за начинот на кој Македонија ги третира советите од меѓународната заедница? Што тоа кажува за нашата култура?**

**Ерван Фуере:** Повторно, атмосфера на поделба во ситуација кога би требало да се направи напор за промовирање на консензус по ова прашање. Кога ја споредувам атмосферата сега со атмосферата кога јас пристигнав, разликата е неспоредлива. Сега таа стана многу поемоционална, конфронтирачка и сето ова фокусирање на идентитетот – што во принцип е сосема легитимна грижа за секој граѓанин. Но идентитетот, како што сме рекле многупати, не е нешто што за кое се преговара, додека проблемот со името е проблем за именување на државата,



колку и да изгледа нелогично, се работи за политичка реалност и за него мора да постои решение. Ова е сосема јасно за Европската Унија. Ние бевме охрабрени од средбите на двајцата премиери, но сега мора и да се изнајде некакво решение.

Постоеше – според мене – злоупотреба на прашањето на идентитетот од чисто домашни политички мотиви на оваа влада. Тоа само го отежна решението. Не постои соодветна подготовка на граѓаните. Како и да е, ова инсистирање на античката историја, кое може и да ја рефлектира историјата, точно, но прашањето е – зошто сега? Зошто тоа да се прави сега и да се провоцира во вакви околности? Како што знаете, се донесоа несреќни одлуки, се преименуваа аеродромот и автопатот. Како резултат на тоа владата изгуби шеесет милиони евра од Грција, наменети за изградба токму на тој автопат. Но, бидејќи името се промени, парите не дојдоа. Немаше потреба од овие акти на провокација, но тие сепак се случија. Тоа уште повеќе го отежна конечното решение на проблемот. Јас и порано изјавував дека Европска Унија не е во бизнисот на промена на идентитетите на народите. Идентитетот е нешто свето за секој поединец, за секоја нација и не е нешто за кое можете да преговарате врз лист хартија. За мене, Македонците

ќе останат Македонци засекогаш, јазиците засекогаш ќе останат македонски, албански, итн. Тоа не смее да биде доведено во прашање, но името е камен на сопнување.

Заради тактиката на оваа влада, мора да бидам отворен, Македонија изгуби многу пријатели во ЕУ, кои беа многу заинтересирани да помогнат и да извршат поголем притисок врз Грција, во тоа сум сигурен. Но заради овие постапки, една по друга, во низа, сите овие статуи и сé останато, наспроти високата невработеност и народот што живее во сиромаштија - тие пријатели рекоа: Што е поентата? Веќе немаа стомак да извршат поголем притисок врз Грција. Верувам дека ова уште повеќе ќе го отежни конечното решение. Мора да постои подготовка на јавното мнение. Ако погледнам на сопствената земја - ви кажав колку беше болна таа одлука, да се откажеме од дел од нашата територија – нашата влада ја подготви јавноста многу однапред, што беше важно за долгорочната иднина на земјата, за регионот, да ни донесе просперитет, инвестиции и сето тоа. Предлогот беше широко прифатен од сите граѓани. Една година подоцна, истата влада беше повторно избрана, за да се демонстрира визијата и храброста. Тоа е потребно и овде.

**РЕШЕНИЈА: Ни оддалеку не ги исцрпивме сите прашања и теми. Но, за крај, дали имате некоја Ваша мисла да споделите со нас?**

**Ерван Фуере:** Има толку мисли што ќе ги понесам со себе кога ќе ја напуштам Македонија, но нешто што сигурно ќе го негувам е топлината и пријателството на луѓето, нивната гостопримливост, дури и во најдалечните предели, како што споменав – ве пречекуваат со раширени раце. Уште нешто во кое уживав е приврзаноста кон локалните традиции. Во западните општества губиме голем број од таквите традиции, но овде имате една посебна приврзаност кон нив, кај младите генерации, исто така. Тоа е дел од општественото ткиво овде, нешто како носители на вредностите, како што ирскиот поет Нобеловец, Шејмус Хини би ги нарекол: "носители на вредностите кои ги отсликуваат моралните и културни традиции на една земја".

Исто така, многу го ценам духот кој преовладува овде, многу силниот дух, луѓето навистина сакаат да се движат напред, сакаат да ги завршат работите, но секако се фрустрирани кога не гледаат реакција од избраните политички лидери. Мора да постои поголема интеракција меѓу граѓаните и избраните водачи. Лично се надевам дека силата на таа посветеност, топлината и пријателството ќе останат сочувани кај граѓаните. Отсекогаш многу сум ја ценел таа прекрасна гостопримливост што ми беше дадена низ целата земја, дали било при качување на Водно или кога скокав во Охридското Езеро или на било кое друго место, секогаш беше прекрасно. За мене беше привилегија да бидам овде овие години.

**РЕШЕНИЈА: Може ли да надоврземе едно прашање кон ова – Колку Ваши клонови постојат? Многу луѓе велат дека не можете да бидете на сите тие места во исто време. Постои ли место кое не сте го посетиле во нашата држава?**

**Ерван Фуере:** (се смее) Ви благодарам. Всушност, забележав еден човек облечен како мене на карневалот во Вевчани. Јас ја црпам енергијата од луѓето и од луѓето од мојот тим, мојот персонал. Се чувствувам високо мотивиран кога среќавам граѓани на светот. За мене, тоа е дел од работата што мора да ја вршиме. Пулсот на македонската нација нема да го почувствувате во Скопје. Затворени не можеме да навлеземе во срцето и душата. Единствен начин да ја разбереме душата на Македонија е во тоа е да излеземе, да патуваме, да се сретнеме со поетите, писателите и сите оние кои ги изразуваат сите овие вредности, музичарите – овде има извонредни музичари, кои имав привилегија да ги запознаам. Сето ова се работи кои секако ќе ги помнам и негувам.